СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 февруари 1993 година

Скопје, февруари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА IV-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 55-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 16.II.1993 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН - 57, 63, 64, 107, 159, 196, 197, 201, 210
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 64
3. АНАСАТАСОВСКИ МИТКО - 104, 105, 106
4. АЛИУ ЕШРЕФ - 200
5. БОШКОВ ЈОРДАН - 74, 100, 197, 202, 209
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 108, 109, 110, 1111094/ О
7. ГЛИГОРОВ КИР0-180 (Активности по повод приемот во ООН)
8. ДИМОВСКА ДОСТА - 1, 64, 98, 99
9. ДИМИТРОВА РАТКА - 134
10. ЕМИНИ ЗУДИ - 35
11. ЗИМБАКОВ ИВАН - 38
12. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 158
13. ЈОВАНОВ РИСТО - 83
14. КИРОВ ТАШКО - 172
15. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 43, 110
16. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 86
17. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 199, 205, 206
18. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН - 123
19. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 203, 205
20. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 125, 126
21. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 111, 112, 209
22. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 67
23. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 13
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 18, 107, 108
25. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 15, 52, 56, 61, 63, 102, 197, 198
26. СПИРОВСКИ АЦО - 27
27. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 7
28. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 40
29. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 58, 149
30. ЦРВЕНКОВСКИ СТЕВО - 87, 99, 100
31. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 103


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од IV-то продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 16 февруари 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Димитар Димитровски, Димитар Поповски, Сан- де Давчев, Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Стоиле Стој- ков, Благоја Чкатроски, Симеон Ивановски, Петре Трајановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За збор се јави госпоѓица Димовска.

Ве молам, не е по втор пат, нејзините интервенции процедурални се надвор од одредбата која ја донесовме и се договорив- ме. Таа прв пат се јавува за збор.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Благодарам.

Почитувани пратеници, денеска на дневен ред е Информацијата за активностите за прием на Република Македонија во Организацијата на Обединетите нации.

За жал, по кој знае кој пат се повторува исто искуство, имено со многу напори на пратениците едвај издејствуваме да се закаже седница по неколкуте одлагања со ваква точка на дневен ред. Се разбира, пред пратениците за оваа седница немавме на време доставено писмена информација, туку таа беше непосредно доставена пред почетокот на седницата. Значи, однапред со т.н. процедура, а за жал неа на една од седниците еден од министрите ја изедначи со поимот демократија, се настојуваше секое прашање поинакво мислење опозицијата да се попречи или да се минимизира се со цел уште еднаш да се изнајде покритие за неуспехот за надворешната политика чии носители се претседателот на Републиката Киро Глигоров и министерот за надворешни работи господинот Денко Малески.

Без дилеми можеме да говориме за приватизирање на надворешната политика од страна на нејзините носители. Имено, сите пратеници со исклучок претпоставувам на оние од СДС се лишени од информациите за активностите за прием на Република Македонија во Организацијата на Обединетите нации. Уште повеќе зачудува што тоа и се оспорува и на Парламентарната комисија за односи со странство која се до почетокот на седницата немаше информација за прием на Република Македонија во Обединетите нации.

Надворешната политика ја водат неколкумина кои во најтесен круг си даваат право да одлучуваат за судбински прашања на државата без да имаат уставно или законско право. Ваквите процеси секому кој сака слободно да мисли и кој се заложува за демократија јасно му е дека се нарекуваат со името манипулација и наметнување на постапување по диктат. Во ваква ситуација на попречување на демократските процеси, секој од пратениците, особено оние од опозицијата, се информираат како што знаат и умеат од странскиот и домашниот печат кој еднаш

претседателот на Републиката, да парафразирам, го нарече најдемократски печат на Балканот. Во истиот тој печат и на Деновите на македонското радио секојдневно сме преплавени од најразлични и противречни информации околу приемот на Република Македонија во ООН и тоа во краток временски период од еден или два часа во текот на еден ден се со цел да се види кој како ќе реагира за да може да се скроти опозицијата и нештата да се канализираат по диктат. Ситуација ни малку различна од времето на т.н. народна демократија кога народот имаше спасители кои решаваа во нивно име и се знаеа во негово име, а тие што поинаку мислеа беа репресирани затоа што"не знаеа" што е правилно и за сите најдобро. Тоа, се разбира, го знае само водачот или мудрото раководство. Наместо по сиот економски и правен хаос кој е последица на немањето на национална стратегија на внатрешен план и отсуството на пошироко меѓународно признавање кое е последица на погрешната политика чии носители се претседателот на Републиката и господинот Денко Малески наместо да ги сносат последиците од неуспехот на таа политика и да се повлечат од политичката сцена, тие и понатаму си играат со трпението на македонскиот народ тврдејќи дека Република Македонија ќе биде признаена денес, утре, дека ќе биде примена во ООН до крајот на 1992 годи- на и слично.

Актерите на надворешната политика без никакво овластување си земаа за слобода без уставно или законско право да предлагаат нови имиња на Република Македонија, како што беше примерот со Република Македонија (Скопје). Овој предлог многу ја осамна македонската преговарачка позиција, создаде основа за барање на разни отстапки од грчка страна од "најдемократските гласила" разбравме дека до Република Македонија е упатен предлог од страна на  три земји членки

на Советот за безбедност Република Македонија да биде примена во ООН под привремено име, а тоа денес го потврди во своето излагање на почетокот на седницата господинот Денко Малески кој, да парафразирам, кажа дека денес не е време да се изјаснуваме за иницијативата на трите земји. Со предлогот на трите држави кој за мене е неприфатлив, а убедена сум и за сите пратеници и политички субјекти во Република Македонија и за македонскиот народ со кој предлог се брише досегашното историско, културно и политичко минато на македонскиот народ. Република Македонија фактички се прогласува за вештачка творба, со тоа име се отвора простор СР Југославија да посегне по Македонија сметајќи ја за своја легитимна територија, нашата држава ќе се врзе со Србославија со Белград.

Ваквиот предлог не е ништо повеќе од прифаќање на координираната игра околу Македонија од страна на Србија и Грција, па не знам како министерот Малески може да си дозволи да каже дека не е време за изјаснување по иницијативата на трите земји.

Прифаќањето на т.н. привремено име Бивша југословенска Република Македонија со арбитража за Уставот, знамето и македонската историја значи целосно бришење на Македонија и македонскиот народ. Со ова име Република Македонија ќе се прогласи за територија која настанала со распаѓањето на Југославија на која живеат разни етнички групи, за што се подготвува наскоро најавено е за септември - октомври нов попис чија цел е да се минимизира бројот на Македонците со паралелно претопување на Македонците - муслимани во Турци, Албанци и слично. Целта на ова сценарио е бришење на македонскиот народ како конститутивен со воведување на сите етнички групи како конститутивни.

I/5.-

Вториот чекор е бришеше на името Република Македонија од привременото име со што ќе биде дефинитивно запечатена судбината на Македонија. Дел од ваквото сценарио ми се чини се и преговорите кои траат во Женева помеѓу претставници на македонската Влада, претставници на Комисијата за поранешна Југославија, господинот Герт Аренс и претставници на ПДП. Како што разбравме од средствата за јавно информирање ништо конкретно не е кажано само министерот Фрчковски даде изјава дека преговорите напредуваат. За какви отстапки се работи, за жал, овој македонски Парламент нема никакви информации.

Загрижувачко е што употребата на ова привремено име кое не сакам повторно да го изречам за кое име се тврди дека ќе биде привремено од страна на иницијаторите тоа име веќе циркулира во јавноста, во меѓународните форуми и имено под тоа име сме примени во Европската банка за развој, трупите на Обединетите нации се испратени во Бившата југословенска Република Македонија. Општо познато е дека меѓународните форуми не постапуваат по диктат особено кога станува збор за вакви значајни прашања како што е името на државата.

Оттаму се поставува прашањето дали македонските претставници дале согласност трупите на УНПРОФОР да бидат испратени под ова име во нашата држава. Зошто до сега македонската Влада пред Парламентот иако тоа беше најавено од страна на Владата не го постави прашањето за доаѓањето на силите на Обединетите нации ниту пак ни се достапни договорите за присуство на УНПРОФОР во Македонија. Кој е тој што потпишал документ во кој самоволно е сменето името на државата во Бивша југословенска Република Македонија? Таквите постапки треба да се разјаснат и да се утврди одговорноста на тие што дале согласност.

I/6.-

Исто така збунува изјавата на претседавачот на Советот за безбедност Мароканскиот амбасадор кој пред неколку дена на емисијата во 22 часот во радио дневникот даде изјава која беше преведена на македонски јазик во оригинал презентирана според која предложеното име Бивша југословенска Република Македонија е разлутат на компромис. Се прашувам помеѓу кого компромис, станува збор за компромис помеѓу две страни, кои се тие две страни. Дали наши претставници од македонската Влада учествувале во постигнување на таков компромис.

Имено, политиката на траен компромис и постојана дефанзива за стратешките национални и државни интереси на Македонија чиј главен носител е господинот Глигоров ја доведе Република Македонија во ќорсокак на надворешен план и до меѓународна изолација, а како резултат на тоа и до економски колапс. Причините се и во отсуството на дијалог помеѓу сите политички партии и нивен договор за национална стратегија чиј иницијатор требаше да биде уште на самиот почеток државното раководство кое, за жал, долго време ваквите предлози ги одбиваше останувајќи во својата самобендисаност и одбивајќи да го слушне и прифати мислењето на другите одбивајќи да формира широк национален фронт на кадарни луѓе кои рамноправно ќе се носат со грчката и европската дипломатија. Во стартот беше отфрлен предлогот активноста за меѓународното признавање на Република Македонија да започне уште веднаш со распаѓањето на СФРЈ. Уште веднаш требаше да се отворат надворешно политички претставништва на Македонија во најзначајните земји во светот, да се создаде јако македонско лоби, да се развие силна пропагандна активност за признавањето на Република Македонија За жал, државното раководство немаше разбирање за ваквите иницијативи и мене крајно ме збунува интервјуто што го има

дадено претседателот Киро Глигоров во претпоследниот број на"НИН" во кое што на прашањето зошто и Србите не се вклучени во преамбулата на македонскиот Устав има дадено, да парафразирам, изјава "кога се носеше македонскиот Устав се уште постоеше можност за постоење на Југославија". Јас навистина ова не можам да го објаснам, бидејќи кога се носеше Уставот од оваа говорница ни беше кажано од страна на врвното македонско раководство дека е тоа Устав за независна и самостојна Република Македонија и тоа е единствен начин по мирен пат Македонија да стане независна држава.

Денес, ми се чини, обврска на сите демократски сили во Република Македонија е да се отфрли политиката која не доведе во ќорсокак и заминување од политичката сцена на нејзините носи- тели. Неопходно е да се создаде простор за настап на нови луѓе кои ќе најдат сили и умешност да ја доведат Република Македонија до меѓународно признавање под нејзиното име Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мухамед Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа.

Прашањето на зачленувањето на Републикава во меѓународните институции и во Организацијата на Обединетите нации е едно од најтешките прашања додека вистинските одговори се уште потешки, имајќи ја предвид економската и политичката состојба во Македонија како и присутните интереси на силите вон Републиката.

I/8.-

Оттука изгледаат многу несериозни или поточно речено дилетански некои размислувања дека опстанокот на една држава или нација првенствено зависи од политичката активност или од политичките ставови на било кој политичар под услов тој да биде многу повлијателен и многу помоќен од реалната моќ што тој ја има.

Воопшто не сум загрижен од изнесените ставови на опозицијата во однос на залагањето на одредени личности од политичкиот живот во Републиката во врска со меѓународното признавање на Македонија од причина што сметам дека улогата на опозицијата е да создава услови за поинакво размислување и поинакво делување со цел со други патишта да се постигне истата единствена цел. Меѓутоа, загрижувачки се размислувањата дека една од причините за непризнавањето на Република Македонија е и почетокот на соработката меѓу прогресивните демократски сили од македонскиот блок со албанските партии. Овој потег на гореспоменатите партии високо беше оценет од демократскиот свет и да не беа познатите нас- тани на Бит Пазар тоа ќе ја добиеше највисоката оценка. Меѓутоа, како и секогаш кога нешто оди кон добро се појавуваат внатрешни сили кои вложуваат додатни напори на тоа што е добро да се сруши. Дека таквиот потег беше успех за почитување зборува и фактот дека демократи од типот на Сорос му дадоа материјална поддршка на изградувањето на еден таков тип на односи во општеството. Меѓутоа, на мрачните сили во Републиката или поточно речено на антидемократските сили кои сакаат да развиваат демократија со антидемократски методи им пречеше фактот дека господинот Сорос се залага за отворено општество и тоа негово залагање го примија како сопствена трагедија или поточно трагедија на нацијата.

I/9.-

Не знаејќи дека денешниот демократски свет воопшто не ги прифаќа затворените општества или залагањата за создавање на чисти етнички национални држави, тие преку нивниот глас дури се обидоа да отфрлат една материјална помош која во дадените прилики е повеќе од неопходна. Фактот што последните месеци најповеќе се зборува за Македонија како мултинационална и мултијазична Република говори за тоа дека светот ја познава реалноста во Македонија и ги почитува разноликостите од културата, јазикот и етноста.

Многу пати од голем број дискутанти беше изнесено залагањето за создавање на една држава која во светот ќе претставува симбол на една национална припадност. Се слушнаа клевети неосновани од типот дека одредена нација се залага за меѓународното признавање на Републиката додека одредена друга нација или националност се противи на меѓународното признавање на истата. Такви констатации слушнавме и во однос на партиите застапени во Парламентот цитирајќи разни изјави на разни весници на странскиот печат.

Немам ништо против цитираните изјави од странскиот печат во негативна смисла, но би било ред такви цитати од истиот печат да имаме и во позитивна смисла на зборот. Изгледа дека медиите во Македонија се истренирани најповеќе да ги афирмираат ставовите на странскиот печат со негативна конотација отколку да ги афирмираат изворните принципи на политичките субјекти овој пат на политичките субјекти на Албанците во Македонија во светлина на реалното.

Заканите од типот Македонија е наша земја и наша држава додека вие другите Албанци, Турци имате ваши матични држави во себе

содржат и доза на извесно фашистичко расположение. Во нашите напори за афирмирање на Република Македонија ние тргнуваме од претпоставката што многу пати до сега сме изнеле тука во овој Парламент дека Република Македонија е држава на сите етноси кои живеат тука без оглед на нивната национална, расна и верска припадност, па оттука и создавањето на државата во ни кој случај не може да биде грижа или привилегија на само еден народ во овој случај на македонскиот.

II/1 СС/НД

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ**: (Продолжение)

Албанците го имаат изнесено нивниот став во однос на меѓународното признавање на Република Македонија, како и ставот на нејзиното зачленување во меѓународните институции и во ОН. Ние, не прифаќаме воопшто да Република Македонија биде под закрилата на идна мини-федерација која ќе се вика Сојузна Република Југославија или нешто друго. Ние сме за суверена Македонија каде сите граѓани ќе имаат исти услови за живот, исти права и обврски. Тоа наше залагање за создавање на услови за рамноправност меѓу граѓаните во никој случај не значи и спротивставување на нејзиното признавање.

Фактот што ние сеуште поактивно не сме се вклучиле во тие процеси има и субјективни причини, како што е реалната сегашна наша позиција во Македонија.

Патетичниот повик од типот - дајте да создаваме наша држава бидејќи вие имате ваши држави, се нереални. Јас незнам дека албанците и турците во Македонија имаат друга земја држава Македонија на Балканот и светот, освен оваа каде тие живеат и работат.

Завчера, нашите министри добија една многу тешка задача од еден дискутант, во раните утрински часови со кола одат во Албанија и оттаму се враќаат со признавање на Македонија од страна на Албанија. Ако дискутантот алудираше на сличното патување на челници- те на ВМРО до Софија каде од таму се вратија само со признавање на географската целина што се вика Македонија, додека за нацијата се изјасни дека е непотребно да се признае бидејќи го зборува истиот јазик како тие во Бугарија, тогаш тој е во заблуда. Ако тоа челниците на ВМРО го сметаат како успех на нивната политика, тогаш тие свесно го

избрале истиот пат што сега го критикуваат а тоа е патот на менувањето на името на нивната нација.

Оттука, беспредметни се нивните заложби Македонија да го сочува нејзиното име, оттука, беспредметни се нивните критики адресирани кон другите, а првенствено до албанците.

Ние немаме никакво право да се мешаме во нивната национална определеност бидејќи тоа е работа на чувство на национална припадност. Албанците се единствени во нашето опкружување кои ја признаваат македонската нација и тука дилеми нема. И, тука е одговорот на патетичниот повик - дајте да создаваме држава.

Меѓутоа, албанците најмалку се криви ако некој свесно не сака да создава држава. Ако некој пред признавањето на Македонија печати карти на голема Македонија со делови на Грција и ќе создава револт во меѓународната јавност. Ние, најмалку сме криви ако малите луѓе сонуваат големи соништа. Нереално е да се очекува од нас да се откажеме од нашите барања за рамноправност затоа што сега создаваме заедничка држава. Затоа што сега ги удираме темелите на идната држава. Меѓутоа, нашите барања за рамноправност не загрозуваат никого, освен тие што се научиле да владеат со другите.

И на крајот, кога би се говорело за нашиот однос кон името Бивша Југословенска Република, мојот личен став би бил следен, името Бивша Југословенска Република е неприфатлив што асоцира на федерација со Сојузна Република Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Мерсим Положани.

(Од редовите на ВМРО-ДПМНЕ бараат реплика)

Нема реплика.

(Пратениците на ВМРО од место реагираат дека е спомната нивната партија).

Тоа сигурно, и вие нивната. Тоа нема врска.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Не би сакал во ова Собрание и пред јавноста да остане без реакција квалификацијата што ја даде тенденциозно вчера еден пратеник кога господинот Ибрахим Ругова, претседател на Демократскиот сојуз на Косово и лидер на Албанците од Косово го поистовети со непријателите од типот на Парошки, Милошевиќ или некој друг. Таа квалификација ја сметам за дрска и примитивна и безобразна.

По однос на темата што е на дневен ред немав намера да дискутирам, но слушајќи овде секакви работи низ овие четири дена си поставив себеси прашање дали и јас не треба да реагирам да дадам некоја сугестија или мислење. И, решив да направам една кратка, многу кратка беседа врзана за името.

Некаде 1973 година ми се роди една внука од сестра. Сите во семејството решивме да и дадеме едно име. Многу нормално, цивилизирано и карактеристично име Беса. Отидовме со матичарот а за оние што не знаат што е "беса", ќе преведам буквалниот превод значи на некој начин вера, но е категорија односно збор кој е многу оригинален само за албанскиот јазик и традиција и врзан е за дадениот збор чесниот збор кој албанците го издигнале на едно многу свето ниво, да не речам помалку фетишизирано....

(Реакции од страна на пратениците)

Ве молам трпение, јас слушав овде секакви работи четири дена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за тишина.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Матичарот никако не сакаше да ја регистрира внуката под тоа име. Вели ова име предизвикува меѓунационална, расна омраза итн. Замислете! На прв поглед ми се виде многу малициозен, тесноград и некултурен. И, станавме нервозни заедно со зет ми, но после видовме дека послушниот матичар кој можеби не беше доволно ук само спроведуваше еден закони не можеше поинаку да постапи.

Револтирани со зет ми, најдовме, измисливме едно име на прабаба на зетот. Тоа име се запиша и верувајте Беса има сега седум години се школува расте и сигурно и пожелувам да доживее 107 години и ќе умре под тоа име. А, матичарот и понатаму е тука. Законот се промени. Не постојат веќе такви) одредби за ограничување. Мислам дека сфаќате на што асоцирам и алудирам.

Но, слушајќи овде некои дискусии од типот "никогаш, категорично, фанатично не може да се промени, не може да се стори" навистина јас како албанец и како граѓанин на оваа држава почнувам да се сомневам дали имаат тие луѓе политички сенс и чувство и дали се информирани кои се меѓународните политички констатации и која е намерата и која е играта околу сето ова. Само едно ќе речам, никогаш во дипломатијата не се вели "никогаш". Ако вие како македонци сметате дека оваа држава се роди на некој начин принципиелна поддршка имате од сите албанци. Дали треба да биде проблем сега на матичарот кој во овој момент запнал не сака да ја регистрира внуката под тоа име, а таа внука живее и ќе живее. Само вие одлучете дали сакате. Ништо повеќе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Томислав Стојановски.

(Пратеникот Стефковски се упатува кон говорницата).

Не, Господине Стефковски, немата вие што да кажете.

(Пратеникот Стефковски и натаму се упатува кон говорницата).

Вие да си седнете таму. Седнете си.

(Пратеникот Томислав Стефковски и натаму настојува да говори).

Седнете си таму. Ја прекинувам седницата.

Доста веќе со тие работи. Ја прекинувам седницата.

Десет минути пауза, да се научите да работите.

(Седницата е прекината во 11,40 часот, а продолжи со работа во 11,55 часот.)

Ве молам да се договориме. За збор се јави господинот Стојановски.

Господинот Стефковски, бара деловничка интервенција. Го молам, до сега во неговите неколку деловнички интервенции ниту една деловничка интервенција немаше туку содржински зборуваше. тоа е онеправдување на сите други пратеници кои немаа право повеќе пати да се јават.

Го молам да направи деловничка интервенција. Само за тоа има збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека секогаш кога излегувам на оваа говорница, ако речам дека е деловнички и така се однесувам. А, ако претседателот мисли дека кога излегувам овде содржински нешто кажувам, па она што ќе го речам ценете го вие дали е деловнички или содржински.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, тоа јас го ценам.

II/6

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не, и пратениците сакам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само јас го ценам тоа и јас ја водам седницата .

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, овде нечесто се лансира една теза чиј застапник е господинот Мухамед Халили во однос на изјавата што ја даде претседателот на нашата партија Љупчо Георгиевски. Ако отиде оваа....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па тоа е, ќе добиете збор за тоа Господине Стефковски. . .

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Ако отиде ова албанците во Албанија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте, ве молам ако имате интервенција кажете ја инаку напуштете ја говорницата...

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

... Во нивна матична земја тие може да помогнат за признавањето...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете, тоа не, ве молам....

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

А, поистоветувањето на македонците со бугарите...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, ве молам, ајде...

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

....со бугарите тоа нешто друго кажува....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ќе добиете збор и ќе си кажете за тие работи. Ќе побиете збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас реков деловнички а пратениците ќе оценат. Како што гледам го одобруваат ова што го зборувам....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема никакви одобрувања овде. Нема одобрување и неодобрување. Затоа ве молам напуштете ја говорницата ако немате интервенција од деловнички карактер.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Таа теза дека...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам никаква теза. Напуштете ја говорницата.

**Т0МИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

...дека Бугарија е матична држава...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Барам пауза за пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза.

Невозможно е тоа.

Пауза од десет минути.

(Пауза од 12,00 до 12,20 часот.)

Ве молам да влезат сите пратеници во салата.

Присутни се 66 пратеници.

Ве молам да внимаваме да се држиме до деловникот. Инаку, ако тука попуштиме, големи неправди еден на друг пратениците пред се ќе си нанесат а потоа и седницата ќе го изгуби својот нормален тек.

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, дозволете ми прво да изнесам и да го соопштам името на точката за која денеска расправаме. На дневен ред е Информација околу активноста за приемот на Република Македонија во ООН.

Оваа тема беше и првиот ден кога се утврдуваше дали седницата да биде од затворен или од отворен тип. Да се отстапи од начелото сите седници да се јавни, да биде сега од затворен тип. Јас се јавив само да го толкувам Уставот во оваа смисла. Меѓутоа, предлог за закажување на седница е предвидено со деловникот кој може да даде, меѓутоа секогаш седницата ја закажува претседателот на Собранието.

Кога ова не е спорно, вториот дел од работата пред да започне Собранието на седница, на Владата е, од која се бара информација, да се подготви за таа седница. За оваа седница јас ќе кажам дека владата беше неподготвена. Зошто?

Пред да утврдиме од каков тип ќе биде седницата, во ова Собрание, по Деловникот, покрај другите работи стојат и информации до пратениците што имаат јавно, доверлив или строго доверлив материјал. Јас ќе имав дослух и разбирање за Владата ако на пратениците и го доставеше наводно подготвениот материјал за оваа седница во строго доверлива форма, пратениците да го прочитаат или имаат пред себе па да го вратат и дури тогаш претседателот на Владата да биде готов и од оваа говорница покрај другото ни понуди една измена од вообичаеното, седницата да има затворен тип. Меѓутоа, добивме повеќе излегувања од претседателот на Владата дека бара или ќе ни дадат, ако биде седницата јавна, скратена верзија, а ако биде тајна ќе има друга верзија.

За скратена верзија имаше тајм-аут  48 часа. Како е, така е, дојдовме до оваа седница.

Пак, одделни пратеници од оваа говорница истакнуваат дека ние имаме сега скратена информација иако сме имале право како пратеници да ја добиеме правата информација за ногу важечкото прашање околу постапката за прием на Република Македонија, за членка на ОН.

Зошто ова го кажувам? Откако дојде приемот на дневниот ред да биде јавна седница, Владата одлучи Собранието да биде запознаено, покрај информацијата што ја доби во писмена форма, и во усмена форма од министерот кој, за жал, сега го нема овде.

Тој, меѓу другото, како капитална основа за својот говор ја кажа и јас ја почитувам таа основа и ќе ја прочитам на страна 9 кога е симнат стенограмот говори за нужност помеѓу почитување на опозицијата, давајќи еден ваков склоп "кога станува збор за витален државен интерес како што е приемот во ОН со должен респект за се однесува кон мислењето на опозицијата, информирајќи ја за сите преземени чекори."

Ако ова беше збор на министерот да треба да не информира за сите, ќе ни ги доставеше дополнително оние материјали за кои

Владата сметаше дека се од таков карактер да не можат овде да се изнесат. Тогаш Собранието ќе одлучеше дали овие моменти ќе ги расправаме на отворена седница целосно или за тој дел Собранието ќе добие друг тек, односно ќе има затворена форма.

Дозволете ми слободно да мислам. Нели очекуваше Владата, дека опозицијата која бараше целосна информација дека нема да се согласи со вакво скратено, односно да биде затворен тип на седницата а знаејќи дека Информацијата односно одлуката треба да се донесе со двотретинско мнозинство, а позицијата односно коалицијата таков број

нема во Парламентот дека овој е очекуван ваков исход. И, да дојде да се од пратениците на опозицијата, за едно вакво клучно прашаше не е запознаена.

Дозволете да изнесам и друг заклучок, треба ли да значи дека позицијата на друг начин е запознаена со содржината на работата на Владата околу преземените чекори за прием на Република Македонија во ОН. Ако позицијата знае зошто Владата, што интерес и на опозицијата да и го ускрати тоа право, тогаш и самиот министер го нуди како капитал дека опозицијата мора да го знае ова.

Господа, затоа вториот дел, кога реков дека овде се злоупотребува ова право од Владата, вториот дел што сакам да го говорам е создавање и правење на постојната македонска држава.

Господа пратеници, јас мислам дека ако имаме интерес, интерес е да направиме држава што сите ќе ја сакаме а не да направиме држава од интерес да постои, преку таа државна формација одредени дали друштвено, дали етнички, дали колективни, колективитети некој сакаат да се скријат и да остваруваат свои права.

Покрај ова што го донесовме Уставот, што имаме повеќе декларации за независна и самостојна Република Македонија, како држава, другиот елемент, во создавање и осознавање на околината и од оние од кои бараме признавање е да ги убедиме дека навистина самостојно живееме.

Извршната власт не се понаша така. Ова го темелам на фактот што до пред 6-7 месеци ќе се видеше разликата некои наши возила имаат одредени налепница со ЈУ-значење а некои немаат. Во последно време кога грците почнаа да манипулираат и да создаваат пријатели на изменување на името, ние овде дозволивме сите наши возила да почнат да носат повеќе налепници печатени - Здружение на возачи во

Република Македонија, што значи таа налепница е печатена после донесувањето на Уставот со кој говориме дека сме самостојна и независна држава.

Што кажуваме? Дека државата која носи ознаки со ЈУ ќе треба да има и такво име. И Англија, Франција и Шпанија сега да и удоволат на Грција, еве таа држава, таму се однесува, видете што е, тие на нивни возила не да имаат помалку од едно, почнаа по пет-шест налепници да носта со ЈУ-знаци.

Што е нашиот внатрешен елемент со кој ние се обележуваме како македонска држава.

III/1 нн/вц

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Некој од оваа говорница одговори вака - па тоа е налепница, народот така ќе биде и така. Да, меѓутоа овде е државност. Ние кога вршиме регистрација на возила не вршиме регистрација на возила со налепници на Југославија туку вршиме регистрација на возила од македонска држава. Еден од претходните денови во говорот на еден колега дојде во прашање примена на договорот од 1913 година- во Букурешт. Од оваа говорница имаше господинот смелост да каже дека ние сме тапијална сопственост на Србија. Господа, тој договор како факт јас не го порекнувам, тој постои. Договорот од 1913 година ја расцепи Македонија на повеќе делови. Кога ние тоа го спомнувавме порано една година тогаш се велеше зарем и ова ни треба. Сега ни треба и јас велам дека ни треба, меѓутоа јас тврдам од оваа говорница дека договорот од 1913 година е раскинат. Зошто? Една од потписничките на тој договор е тогаш на царска Бугарија, сега Република Бугарија која Македонија ја призна како држава. Значи еден од директните учеснички на договорот од 1913 година е раскинат.

Второт учесник таму бил и Русија. Зарем ние можеме да изјавиме благодарност на Русија затоа што не призна, а да се смета дека тој договор не е раскинат. Ние мораме внимателно од говорница да ги избираме зборовите што ги кажува. Затоа јас со колегата што ја застапуваше таа теза не ја делам и тврдам дека договорот од 1913 година не важи.

Има и други зборови искажани од одредени говорници по однос на тоа дали некоја од политичките партии се залага за единство, а другите не. Така да кажам најгрлати се јавија претставниците на албанските

партии кои од оваа говорница изјавуваат срамно за некои партии, недостоинство, грев и сл. Господа пратеници ВМРО-ДПМНЕ на ниедна страна не отиде и на ниедна страна не заговараше да прави поделена држава во Македонија. Каде и да одеше бараше признавање на Република Македонија како држава во целосниот дел. Заговорниците дека не било така се токму оние кои ја правеа илирида и тие од оваа говорница овде држат слово за достоинство и почитување. Сега одеднаш им текнало дека исправна е политиката што не не напаѓа дека ние бараме посебна држава во држава. Друго е право на национално малцинство. Тоа право никој не може да го оспори. Ако и мојата партија правото на малцинството го оспорува јас ќе застанам на страната на малцинството чие право се оспорува. ВО тој случај и да не доаѓаат од оваа говорница да не прават разлики што е национално малцинство и што е конститутивен народ. Да не се прави федерализација од една држава. Ние како партија таква федерализација во Македонија не гледаме без разлика за кој тоа се однесува. Јас не можам да поделам мислење со господата од ПДП-НДП дека некоја партија овде, особено што се однесува до мојата партија била фашистичка. Да, ние на некој не му оспоривме право, ние не правевме држава. Тие ја направија илирида и сега велат ние сме фашисти. Тие што се? Отцепување на една територија од друга држава е блага форма да се каже фашизам.

Дали некој треба да патува во Албанија или не треба да патува да Македонија биде признаена е став на еден говорник негово размислување кое го поддржувам, меѓутоа ги додавам овие факти.

III/3

На мене како македонец ова ми е матична држава, ова ќе моја држава, јас друга немам. Меѓутоа, тие велат ние сме албанци, со тешка мака да кажат од македонско потекло. Значи се албанци од албанско потекло. Ако е така нека одат во нивната матична држава и тогаш навистина нека им го обезбедат она што господинот претседател Сали Бериша го говори, ние признаваме македонска држава и македонски народ и што поскоро треба да се признае. Од кој? Зошто не го каже тоа? Еве зошто.

Овие овде албански партии сакаат преку коалицијата, лојални се но велат државата нека биде но уште да ни го дадат ова право да го имаме уште ова, па уште ова, па уште ова, само дури тогаш ние ќе имаме држава Македонија. Нема условна држава господа. Државата е една безуслов. Правата што се остваруваат во државата, јас тогаш, сега ќе го именувам господинот Ханџиски кога рече да направиме држава, ако не ја направиме која држава ќе ја имаме. И ако имаме заеднички збор е да направиме таква држава која ќе ја сакаме, а партиите да имаат за цел да дадат форма, или начин на кој ќе се пристапи како да се живее во таа држава. А ако државата ја правиме со услов, условната држава никогаш не може да опстане како таква. Ќе отпадне условот и тогаш не ќе имаме држава, па господата од ПДП и НДП се залагаат само за таква држава. Нивните раководители одат на други места Македонија не ја признавајте. Тоа е партиски став. А ние како пратеници за да ја имаме и извршната власт ќе учествуваме со било кој, ќе правиме власт и сега таа држава не ја сакаме таква. Ја сакаме, меѓутоа под овие услови. Таква работа нема.

Мене ми беше уште едно позначајно. Дали Владата ќе ме чуе, другиот таен дел како пратеник под форма строго доверлив, да го видам стварниот материјал или овој материјал што ми се нуди е единствениот кој постои. Јас господа не ќе сакам да ми се даде таен материјал како нашите претставници оделе на ручек, што е нормално составен дел, а таму дали добиле вакво или онакво мени. И таму се водат разговори, но тоа не го барам, барам да видам што се разговарало, како се разговарало и зошто сме дошле до ваква положба. Кога реков ваква, што?

Сите ние имаме еден примат пред Грците. Меѓународната заедница не ја оспорува територијата на Македонија како држава. Меѓународната заедница не ги гарантира границите, останува да водиме војна со грците, само за име. Нашата Влада падна, не можеше да најде модус да води војна само за еден дел, само за името. И ако грешиме, тука требаше да имаме единство, да се договараме, да најдеме начин како да ги убедиме сите наши соговорници дека само проблемот име не е содржина на нашето оспорување. И видете ли колку мал предмет на оспорување не доведе две години да се мачиме овде и да се караме. Се извинувам за терминот карање, затоа што се одоми меѓу луѓето, во Парламентот се караат. Ние се расправаме овде, се уверуваме на свои ставови, на позиции. Повеќе луѓе кога говорат дека нивните ставови не се сложуваат умешноста е и снагата на разговорот да најдеме договор. А ако само едниот не е во договор, а сам не е во состојба да го надмине тоа тогаш ја прокламира се караат, се караат, не гледајќи дека сам е онеспособен да оди повеќе од караница.

За ова, јас пак се враќам и го повикувам господинот претседател на Владата, ако под услов тоа е негово право крајно, ако има навистина мимо ова тајниот дел преку запознавање мора да го достави на

пратениците да се запознаат, барем на опозицијата, затоа што по искажување на министерот за надворешни работи позицијата односно коалицијата која ја има извршната власт ја знае. Тоа е претпоследно.

Последно што сакам да кажам овде, тоа е многу кратко и јасно. Дали ќе треба да се поставува прашање требаше ли оваа седница Собранието да ја држи или не. Самиот претседател на Собра- ние, претседателот на Владата и сите кажаа дека ни е нужна оваа седница. Сега одеднаш се јавуваат говори и од печатот се пишува дека седницата не ни била потребна. Јас незнам што треба да правиме. Еднаш Собранието да најде одлука треба таква седница, треба да разговараме за ова, треба да правиме ова, а другиот ден да се известува дека седницата не била потребна. Ако така печатот мисли, ако така и се бара нека им е алал. Меѓутоа едно. Ова Собра- ние ќе ги носи сите одговорности дали работело успешно или не. На која тема? На тема на самобитност и меѓународно признавање на државата. Овие партии овде што седиме по број можеби во новото свикување да бидат помалку, можат да бидат многу повеќе, може некој од нас ќе седи овде, можеби некој нема да седи, меѓутоа одговорноста за државата ќе стои на овие луѓе што седат овде. Затоа господа јас без да бидам информиран, без да знам што се работело да ме повика мене министерот за надворешни работи и претседателот на Владата веројатно тоа ќе го направи и претседателот на Републиката што да направиме - да ја поделиме одговорноста. Јас незнам што тие работеле а бараат од мене да делам одговорност. Да, нека ме за- познаат и нека погрешиле правиме држава, работиме, во работата се прават грешки, ќе поднесеме заеднички.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Ми се чини дека господинот Горан Петровски имаше пред мене збор Господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако сакате ќе ви објаснам. На сите кој им давам збор, а не се тука после пладневната пауза ќе си добијат збор. Досега така правевме за сите. Тие синојќа што не беа тука сабајлево добија збор.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, следејќи ја оваа петдневна дискусија си земам за право да изнесам одредени заклучоци со тоа што ќе искажам некои свои размислувања кои ќе ги понудам како аргументи, а секако ако некој се осети засегнат слободно нека изнесе контра аргументи. Ќе земам учество во расправата по однос на пет точки, истото од причина што како еден сублимиран заклучок од оваа петдневна расправа би допрел три точки, а тоа е прашањето на однесувањето на пратеничката група на ПДП со сосема краток коментар понатаму би кажал нешто сосема кратко за средствата за јавно информирање, учеството на работата на овој Парламент во однос на предметната точка, но би кажал нешто и за политичките сојузници и ова што е главна точка на денешната седница - приемот во ОН. Ќе почнам од почеток со цел да не ја девалвирам својата дискусија.

Во однос на искажувањата на пратеничката група на ПДП-НДП односно само на ПДП очекувам дека во сите нивни искажувања добив впечаток дека се цврст коалиционен партнер на званичната коалиција и веројатно ќе следи допрва нивни званичен акт, упатен надвор од границите на Македонија со кој"е се побара официјално признавање на Република Македонија.

III/7

Во однос на средствата за информирање, сосема кратко од причина што не можам а да не кажам дека истите влијаат во однос на мислењето и определбите на јавноста. Ќе го кажам следното. Ме чуди една работа. Како може еден толкав интелектуален кадар да потпадне под одредени влијанија. Сметам дека средствата за информирање имаат јак интелектуален кадар.

Во однос на работењето на Парламентот само ќе се задржам во однос на работата на господинот претседател во званичната политика и претседателството, со тоа што сметам дека треба овој Парламент повеќе да се грижи за работењето во областа на своите надлежности, од причина што присутни сме во средствата за јавно информирање редовно и во медиумите да господинот претседател редовно прима делегации од странство претставници на опре- делени партии, групи итн., меѓутоа факт е дека секогаш истите посетувања од овие странски посетители не паѓаат во рамките на неговата надлежност. Има доста примери во однос на ова што го кажувам, а како еден пример ќе го истакнам примањето на посета на генералите од умпрофор. Ме чуди мене кога имаме министер за народна одбрана и претседател на Република кој воедно е и врховен командант на вооружените сили што бараат генералите од умпрофор кај господинот претседател, кај претседател на парламент односно на законодавна власт. Со која намера и со кои објаснувања се дојдени таму?

Во однос на претседателството исто така имам забелешка во смисла на тоа дека бев отсутен од оваа седница, имав прилика да ги слушнам шушкањата од позади во однос на искажувањата на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Љупчо Георгиевски, кога истото претседателство позади мене шушкаше прекиниго, односно претседателот кажуваше дека не може да го прекине, па јас ако е главна

работа на ова претседателство да прави некакви игри и сценарија само би се повикал на Уставот, кој колку пати е спомнат на оваа говорница, толку пати се бара негово почитување да сепак ова Собрание, од причина што Уставот не предвидува потпретседатели на Собранието почитуваните колеги веќе да се спуштат во пратеничките групи. Секако очекувам дека ова прашање ќе се разреши и не ќе ме чуди ако произлезе иницијатива на една од наредните седници, со која би барале почитување на Уставот и промена на потпретседателите овој Парламент да не постапи по Уставот.

IV/1 рд/см

**АЦО СПИРОВСКИ**: (Продолжение).

А сега дозволете да ги изнесам своите забелешки во однос на предметното прашање за кое сметам дека сепак постои најголемо сценарио. Она што го мислам јас, верувам во тоа, стојам на тоа, ако некој изрази контра аргументи истите да ги прифатам. Прашањето во ОН по однос на приемот на Република Македонија во нејзино членство е прашаше кое деновиве во светската јавност, секако, зазема големо внимание, меѓутоа во нашата јавност се наметнува една нејасна слика во однос на ова прашање со тоа што се доаѓа до извесна заблуда дали ние ќе бидеме прифатени како што и званично се обративме, под името Република Македонија, или е веќе некој незваничен договор помеѓу некои, одредени претставници на Република Македонија и наоѓаме некои грчки фактори или некои англиски фактори дека е веќе постигнат некој компромис да оди во прилог на тоа прашањето да добие конечно разрешување, со тоа што пред Република Македонија ќе стои додавката Бивша Југословенска Република.

Сметам дека ова прашање во однос на истото како се поставува во ОН е сосема јасно и кристално. ОН си имаат своја повелба во која се регулирани правата на човекот, основните права на човекот на самоопределување и како што е поставено званично од македонското барање, не би имало причина ниту некоја можност истото да биде негативно одговорено, во смисла на тоа што ако и биде поинаку, тогаш ќе се направи некој преседан во ОН, односно таков преседан кој ќе оди спротивно на нивните определби, па нешто ќе се повтори слично, што се повторуваше и пред Европската заедница и на некој можеби ќе се

доведе Македонија во некоја енигма, што сепак трајно ќе резултира во поведување на она по мое длабоко уверување со она основното право со кое се определуваат народите. Меѓутоа, ме чуди од македонската дипломатија, од претставниците на државниот врв зошто се оди на поставување на една ваква дилема пред македонскиот народ и пред светската јавност, со тоа што на ова прашање значајно од наша страна се попушта, а со тоа се оди на додатни импликации кои што ги има оваа држава во нејзиното идно устројување и докажување во меѓународната светска јавност. Јас само ќе кажам неколку по мене особени работи кои се случија, само ќе потсетам предметното прашање беше поставувано пред Европската заедница. Незнам од кои причини изгледа ние станавме, или сме доволно вешти истото прашање девет месеци да го влечиме во Европската заедница, многу пати тука посветувавме и апелиравме на агресивна дипломатија, истото не го правевме, односно дозволивме 6 - 7 месеци Европската заедница да прима информации само од нејзината членка, која пласираше невистини за Република Македонија, ние молчевме, за да на крај не освести Лисабонската декларација, дека нешто треба да се превземе и веднаш тргнавме во една офанзива, со тоа што навистина и постигнавме успех, меѓутоа задоцнет, со тоа што на некој начин ја превртивме Лисабонската декларација и сега повторно си ставаме една енигма во смисла на тоа што во понатамошните чекори на македонската дипломатија првенствено да се понуди решението Република Македонија - Скопје, ми се чини дека македонската дипломатија несериозно ги сфати критиките од овој Парламент, целосно несериозно, од причина што исто беше таквото пласирање во јавноста на таквата теза, беше отфрлена од овој Парламент, и сега се оди на нова теза, но овој пат морам да кажам доста

конкретно и далеку поопасно со тезата за Бивша Југословенска Република, која што јас по мое уверување верувам дека тоа е веќе горе долу свршен чин. Кога истото го велам, веќе за оваа теза која се пласира во светската јавност, дадени се јасни сигнали, а јас сите сигнали велам дека идат оттаму што Македонија званично е член во Меѓународниот монетарен фонд, Република Македонија е званично членка во Светската банка за обнова и развој. По начелата за меѓународно право, право да потпишат меѓу- народен договор, ова се,мора да прифатите меѓународни организации, право да го потпишат меѓународниот договор помеѓу држави го имаат шефот на државата, го има Владата на државата и го има министерот за надворешни работи на државата, со тоа што за овој последниот се бара и посебно овластување.

Ако го погледнеме Уставот на Република Македонија, во членот 68 ставот 1 точка 6, тогаш ќе видиме дека тоа право, во однос на ратификација на меѓународните договори го има исклучиво овој Парламент. Веднаш можам да го поставам прашањето на господинот претседател на Парламентот дали воопшто има потпишано ваков договор, односно ако го нема да го елиминираме тоа и да го бараме потписникот на меѓународниот договор кој си зел за право на името на Република Македонија да додава име кое ниту по устав, ниту по закон е овластен. Тоа е нешто конкретно што се случи и јас ве молам господине претседателе, јавно ве замолувам да ни ги дадете потписниците на меѓународниот договор, односно меѓународните договори, во однос на членството на меѓународниот монетарен фонд и членството во светската банка за обнова и развој. Сметам дека со овој чин јасно се оди во штета на македонските интереси. Ние господа пратеници пред овој Парламент

сега се нуди нешто ново, јас ги имам сите материјали кои пристигнаа по оваа точка на дневен ред, гледам се што ми е понудено тука, понуден е меморандум, понудени се предлог - заклучоци од господинот Славе Наумовски и предлог - заклучоци од госпоѓа Ратка Димитрова. Исто така понудено ни е едно штуро објаснување од страна на Владата дека нема званичен акт од ОН да ни се даде званичен одговор. Меѓутоа, ова се, јас ќе кажам званични потези на македонската дипломатија. Со тоа не случајно го спомнав прашањето за политичките сојузници, ако веќе се оди со овие званични работи што станува со нашите политички сојузници. Што е она што се пласира од државата членка во Европската заедница Данска, сметаме дека е осведочен пријател на Македонија, истите симпатии ги има Норвешка, Шведска, Холандија, што со нашите пријатели Русија, што со нашето опкружување. Јас сум свесен дека Грција во ОН ќе понуди платформа со која ќе се обиде да го спречи приемот на Република Македонија во членството на ОН меѓутоа, не сум известен воопшто дали нашата Влада спрема ваква платформа, ако ја спрема кои се нејзините политички сојузници оваа Платформа да доживее свој успех. Дали запоставувањето на Русија во овој поглед не значи свесно бегање од она што треба да се направи, дали она што редовно се чини со Република Бугарија, тука се пропишува на Партијата ВМРО-ДПМНЕ како бугарофилство, дали свесно се чини во однос на овие постапки кои ги прави Македонската држава во свесно затворање на границата со оваа држава, односно едноставно откажување од нејзината помош, која е јако потребна во однос на меѓународното признавање на Република Македонија. Само ќе посочам неколку примери, господата од"Нова Македонија," веројатно има претставници тука, нека го преиспита својот дописник од Софија со какви тези и белешки се јавува од Софија, нека се преиспита исто така македонските

претставници кои ја претставуваат оваа Република, еве ќе го кажам за посетата во Разлог каде што се испратени политички претставници од Македонија, кои својата политичка кариера ја градеа на антибугарска основа, нека се преиспитаат во постапките дали тоа што го прават е добро за Македонија, зашто не е само политичкото признавање, туку има голем удел и економскиот интерес. Вие мора да прифатите дека на Македонија и е јако потребна железница, Македонија мора да бара алтернативни патишта за постојниот економски развој, меѓутоа со овие, јас ќе речам политички провокации, одат навистина на штета на Македонија.

На крајот ќе се задржам на документите кои ми беа понудени пред ова Собрание. Не може да не се спомне меморандумот кој го даде господинот Киро Глигоров. Јас внимателно го прочитав неколку пати, тука се содржани главно она званична политика што ја нуди оваа Република Македонија и која ја претставува пред светот. Секако дека не доаѓа предвид никакво промена на име. Меѓутоа конкретно зошто се свика и овој Парламент и конкретно зошто е спорот во однос на оваа седница, во меморандумот на господинот претседател нема ништо. Односно, нема ништо за импликациите кои ги создава името Бивша Југословенска Република Македонија. Се зборува само за промена на име, но за додавка на име не се зборува, односно не се зборува и за импликациите кои можат да настанат со ова име кои сега се сервира, за жал и од нашата дипломатија пред светската јавност, а кое на одреден начин не е искажано во меморандумот, односно во истиот се искажуваат некои начелни ставови на македонското раководење на државната политика, како општо прифатени меѓународни ставови, меѓутоа, во однос на оваа компликација која е создадена во оваа петтодневна расправа не

е искажано ништо. Понатаму, дека се прави опструкција тоа е точно. Тоа може да се види со тоа што овој Парламент може да ја заврши својата работа. Како ќе ја заврши својата работа, дали ќе ја прифати штурата информација на Владата која ја понуди, односно ќе заврши со некој предлог- заклучоци, што се содржани од претставникот на Либералната партија, кои во начело ја поддржуваат политиката на господинот претседател и државното раководство, со тоа што овој Парламент го носи целокупниот ризик да учествува во она што ќе се случи пред ОН, односно кога ќе ни се залепи додавката Бивша Југословенска Република Македонија. Во овие предлог- заклучоци на Либералната партија, токму е скриена опасноста на под- дршката на овој Парламент на званичната политика која ја води Република Македонија, а која за жал ќе биде за извесно време доведена пред свршен чин.

И на крајот би ве замолил да го прифатите заклучокот на госпоѓа Ратка Димитрова кој конкретно ја изразува вистинската состојба, проучете го и ако сметате дека овој пат треба по совест да одлучувате, апелирам истиот да го прифатите.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Почитувани пратеници, веројатно се очекува од мене нешто паметно да се искаже на оваа говорница. Овие 4 дена според мое мислење изгледа се е искажано. Според точката на дневен ред што е формулирана и Информацијата што ни ја даде министерот за надворешни работи очекував стожерот на дискусијата да се врти околу пријавата за прием која е пуштена во процедура, според Информацијата на министерот, и влезена во формална процедура. Според неговите искажувања од правен аспект нема никакви пречки, меѓутоа постојат и политички пречки. Се ми се чини дека дискусиите во овие 4 дена зеле

поинаков тек. Ако може да се прилагоди со онаа српска поговорка: "Киша око Граѓуевца", но никако во Крагуевац. Зошто? За прием или за признавање на еден субјект во меѓународни комотации, потребни се некои услови да се исполнуваат, а тие услови се тој субјект да има своја територија во составена власт и да ја контролира. Меѓутоа, од ниеден дискутант, а сигурно има преку 50 излезени на оваа говорница, уште немаат слушнато дека четвртиот услов не го исполнуваме, а тоа е немање аспирации кон соседите. Со тој аргумент денеска политичкиот противник Грција, барати по светот и по Европа. Колку се во право, тие се во право, бидејќи се и поцврсти и политички и економски и од сите други аспекти. Според тоа, по мое мислење, е сосема промашена седница, бидејќи требаше да се преформулира точката на дневниот ред, според дискусиите кои се водени пред оваа говорница. Од што се плашам јас лично? Последните настани на територијата на Бивша Југославија ни покажуваат некои индикатори кои се навистина, за човек кој резонира и со факти настојува да ги поврзува тие работи, може да констатира дека националниот интерес на актуелната српска политика е да се отвори уште еден коридор што би овозможил излез на Егејско море. Се ова би се остварило на штета на територијата на Република Македонија. Колку ова моја претпоставка е можна да се реализира не е за нагодување, но како што стојат работите на останатите територии на Бивша СФРЈ, каде и пред очите на меѓународната јавност се колат и масакрираат невини луѓе, ми дава за право да се посомневам во истото. Тргнувајќи од овој факт не сум спремен да поддржувам таква политика која води кон тоа. Како што изјави еден дискутант уште на седницата пред Единбург да јадам и корења само да се оствари нашата цел. Меѓутоа, во овие дискусии беа и такви обвинувања кои се навистина и за почит.

V/1/ДЈ/ОМ

**ЗУДИ ЕМИНИ**: (Продолжение)

Ваквите изјави и дискусии произлегуваат од неодговорноста на искажаниот збор. Навистина после уставните промени во Бивша СФРЈ каде немаше ни кривично гонење за вербални деликти, често пати потоа се поставувало прашањето дали сме ние спремни дали да прифатиме демократски да се однесуваме. Колку се луѓево спремни за демократско однесување треба да се анализира. Меѓутоа, должност ми е да кажам, ако еден закон или некој негов член се менува преку ноќта, т.е. на една седница на некој е законодавно тело, не може односно не мора да значи истото однесување или начинот на мислењето дека може да се промени на ист начин.

Господа пратеници не е демократија на јавно изразување да го нарекуваш политичкиот противник издајник, непријател, предавник итн. , бидејќи истото можеше да се направи и пред 10 години но со други изрази, националист, иредентист, а сите сме согласни со тоа дека немаше тогаш демократија. Па затоа, основното начело во демократијата и во демократскиот свет на демократската јавност, на искажаниот збор е начелото на одговорноста. Во истиот тој свет на кој се повикуваме, господо пратеници, не само што јавно се одговара, туку се оди и во затвор, ако не се аргументира со факти.

Овде исто така може да се констатира според обвинувањата дека пратениците на ПДП изјавуваат овде заправо и крокодилски солзи ронат како за божем ски прием на Македонија во меѓународната јавност, навистина, нема аргументи. Ако до неодамна глатко минувале таквите тези, да се најде дежурниот кривец за секој политички неуспех, т.е. кај албанците, денеска тоа многу тешко поминува. Луѓето навистина се освестиле и навистина им веруваат, барем ако правиме споредба со

минатото и ги ценат само фактите. Па затоа апелирам, не ни беше целта со ова да ви држам предавање или да ви го менувам начинот на мислење, меѓутоа, за искажаното овде, навистина, треба да се води сметка за одговорноста.

**ИВАН ЗИМБАКОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, на почетокот би се искажал материјалот кој што ни е поделен за рас- права на оваа седница Информацијата за активностите околу приемот на Република Македонија во ООН, содржи една кратка, но целосна хронологија за сите активности што се водени за пошироко меѓународно признавање на Република Македонија и нејзиното вклучување во меѓународните асоцијации и институции. И ако Информацијата е дадена во скратена верзија , бидејќи се изменети некои поконкретни активности, со оглед на тајноста на истите, сметам дека може во истата да се види колкава и каква била активноста што ја воделе нашите надлежни републички субјекти во врска со поширокото признавање на Република Македонија, а тие активности не биле ниту мали, ниту лесни. Активноста е голема, напорите се исклучително тешки, за што пред нашето признавање настанаа нашите вечни непријатели кои не делеа и распарчуваа. И на сето тоа од горе ја имаме нашата неслога и неединство, наметнувајќи си сами на себе сопки и препреки Историјата се повторува. Македонија не дојде до своето меѓународно признавање, барем не толку бргу и лесно, како што очекувавме и се надевавме. Мене посебно ми паѓа тешко меѓусебното обвинување од типот "ја предадовте Македонија," издајници , оставка на министерот за надворешни работи, оставка на претседателот на Републиката и уште многу други грди зборови навреди и лаги за кој што ми е срам да ги изговорам од оваа говорница.

V/3.-

Од оваа говорница беа кажани многу инсинуации, многу клевети, немајќи никаков обѕир дека сите тие навреди се упатени на претставници кои ги избрал народот, а истите својата доверба ја пренеле на Владата , на министерот и на Претседателот на Република Македонија, на кои им дадовме мандат да ја водат надворешната и внатрешната политика на РМ, нормално секој во својот домен и овластување.

Јас почитувани пратеници разгледувајќи ја Информацијата за активностите околу приемот на Република Македонија во ООН, читајќи го Меморандумот во врска со приемот на РМ во ООН и Грчкиот Меморандум со кој што се настојува тоа да се спречи, никаде не сретнав дека Претседателот на Републиката или министерот за надворешни работи на Македонија или некој друг понудиле или предложиле нови име на РМ, ако што некои овде сакаат да ги оцрнат и претстават пред народот и граѓаните на Република Македонија, па и по широко.

Мислам дека опозицијата не смее да го гради својот рејтинг на таков начин, бидејќи се работи за меѓународно признавање на РМ, за кое многу наши претци ги дале своите млади животи. Не се работи за дневна политика и безброј други настани за кои може да се напаѓа и Владата и партиите и Претседателот итн. и ако во демократските држави има правила на играта односно парламентарен однос, почитување и култура.

Проблемот со нашето пошироко меѓународно признавање не е ниту во министерот за надворешни работи, ниту во Претседателот на Републиката, или во некој друг субјект на Република Македонија. Проблемот е многу поширок и покомплексен. Пред нас ја имаме Грција која е членка на сите меѓународни институции и органи, ООН ЕЕЗ,ЌЕБС

и НАТО и др. Тука ни се и соседите, исто така ги имаме и државите кои што секогаш ја кроеле нашата судбина и границите на РМ. Ние мораме да се соочиме со реалноста и да ги збиеме нашите редови да ги зачуваме и зајакнеме нашето единство, без разлика на партиска и национална припадност на патениците и на сите други субјекти кои што можат да придонесат за меѓународно признавање на Република Македонија и за прием во ООН под уставното име.

Да ја прифатиме Информацијата за активностите околу приемот на РМ во ООН и да и дадеме поддршка на политиката за меѓународно признавање на РМ што ја водат министерот за надворешни работи, Владата и Претседателот на Република Македонија, бидејќи сум уверен и сметам дека отстапување не направиле од Уставот и од политиката што ги утврди ова Собрание.

Согласно стратегијата на Владата и на Министерството за односи сос странство за меѓународно признавање на РМ, да се зајакнат активностите и до колку е можно да се вклучат и други личности во битката за прием на Република Македонија во ООН. Сметам дека нашата борба продолжува и понатаму.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, свесен за ризикот дека после пет- дневна расправа, многу е тешко да се каже нешто ново. Одлучив да земам збор само заради неколку коментари. Имено, нема полесна задача ако говорникот одлучи да излезе на говорница, сам да измислува и да поставува прашања, и на така измислените прашања да даде сопствен одговор, се разбира, таков каков што му одговара на говорникот. И тоа мислам дека е сосема лесна задача, но колку е тоа продуктивно и што со

тоа се постигнува е друго прашање. Медитации на таа тема имавме овде доста. Главно ќе се задржам само на две групи прашања, што упатуваат на тоа дека за се што не чини во Македонија виновници се, актуелно сега Владата и албанците. Е сега, тука и се одвиваат работите. Што треба да се направи со Владата? Во сите парламентарни демократии Владата се критикува од страна на опозицијата, со цел таа да падне, да се урива Владата, опозицијата да формира своја Влада и да владее, што е сосема нормално, сосема прифатливо и сосема допуштено, и дури симпатично. Парламентарната борба за уривање на Владата е строго дефинирана во сите парламентарни демократии. Мислам дека овде, кај нас, правиме непотребни пречекорувања на тие допуштени форми на влада. Па овде понекогаш одиме предалеку , со уривање на владата , со намера да се урне владата,ние задираме во основните столбови на постоењето на државата. И следејќи ја логиката на претходните говорници, кои сами измислуваат прашања, слободен сум и јас едно такво прашање да измислам. Па, се поставува прашањето дали луѓето кој што со толкава жестокост ја напаѓаат Владата, не мислат да ја урнат и државата. Јас се извинувам, меѓутоа, неколку дена ми се врти во главата дека одделни луѓе кој што тука не наоѓаат мерка одат предалеку и задираат во постоењето на државата. сакале тоа да го признаеме или не, јас во тоа сум сосема уверен.

Понатаму, ако е целта да се урне Владата, со тоа рековме дека со демократски и со дозволени средства е добро. Меѓутоа , што со вториот виновник. Тука одговорот е многу различен. Залагањата ни се многу експлицитни, може некој да се наслутат, меѓутоа, одговор тука нема. Па веднаш, со замена на тезите, кога веќе гледаат дека парламентарците овде, албанци на одреден начин сосема јасно кажуваат за што се залагаат, а се залагаат за постоење на оваа Република Македонија,на

оваа држава, за нејзино меѓународно признавање итн. па сега измислуваат други додавки. Да, ама условно не! Услови тука не беа поставени. Сите тие што дискутираа, јас дискутирам, се разбира во лично име и се залагам Македонија да биде држава. Во тоа каква држава таа ќе биде, тука се допуштени и разлики. Моментно коалицијата предлага таква каква што предлага. Опозицијата со тоа не се согласува. Сака нешто поинакво. И тука разликите се допуштени, меѓутоа не треба да се заговара став, не треба да се заговара на- сока која што ќе ги одвраќа пак, луѓето и од сакањето на држава по нечиј терк. И да бидам сосема јасен. Мислам дека тука и се повторувам, ние се определивме за Република Македонија како демократска заедница на рамноправни граѓани во која , слободата на секој поединец ќе биде услов за слобода на сите. И тоа го кажавме, и тоа го повторуваме. Јас го повторувам еве по втор пат. не допуштам никакви други инсинуации дека јас се залагам за Македонија со некаков услов. Условот тука е сосема јасен, кој е тој услов. Тоа не е услов. Тоа е облик на државата, демократска заедница на рамноправни граѓани. Мислам дека ова е сосема јасно, Е,сега ако некој не сака  демократска држава, ако некој не сака слобода на секој поединец, јас мислам дека тој што тоа го нејќе нека се преиспита. Не е допуштено, господа, тука да се поставуваат тука хипотетични прашања дали албанците се лојални на државата. Мислам дека тоа е надмината работа и мислам дека на тоа прашање се дадени неколку одговори. меѓутоа, ние сме кажале дека сме лојални на државата Република Македонија, која што е таква каква што е.

Дали ние ќе бидеме лојални на власта, која што евентуално би била воспоставена со промена на сегашната власт, тоа е сосема  друго

прашање. Јас мислам дека треба да правиме разлика меѓу овие две работи и да не ги мешаме. Значи на било која власт во Македонија која би била воспоставена со некаков поинаков однос на силите во овој парламент, веројатно, велам веројатно, јас нема да бидам лојален. И исто така, ќе се трудам со сите демократски средства да ја уривам таа власт, за да воспоставам нова власт, демократска власт, европска, хумана итн. итн., ама власт. Немојте да ги мешате работите за уривање на државата и на уривање на власта. Тоа сакав да го коментирам и дајте да се договориме околу тоа, а сите сме блиску до договор јас такво чувство носам, да направиме, господо, држава.

Изборите ќе кажат каква ќе биде власта во таа држава. Меѓутоа, како прво таа власт постои. Треба да ја градиме. Државата нека биде меѓународно призната, нека стане меѓународен субјект итн. па после, соодветно на односот во силите во парламентот, ќе биде воспоставена и власта која може да биде демократска, недемократска, се разбира тука Уставот е многу важен. Меѓутоа, различните толкувања на Уставот за кои секој поединец си зема за право да го толкува Уставот на говорница, се разбира, Уставот не трпи толкувања, тоа веќе ќе биде парламентарна борба за остварување на власта во државата Околу тие прашања може да се договара, преговара итн., меѓутоа не може сега со не искристализирани ставови околу тоа дали сакаме или не сакаме држава да обвинуваме други, дека се тие што не сакаат држава. И покрај тоа што тој другиот јасно кажува дека сака .

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Ова е седми ден од кога е закажана оваа седница и самиот факт што волку

долго трае, укажува или на сложеноста на проблемот што го разгледуваме, или пак на нашата стара болка, како парламент, за една работа која што можеби на почетокот беше јасна и мислам дека е јасна, бидејќи пратеничките групи и партиите непосредно или посредно се произнесоа околу името, не беше спорно.

Прво би изнел една констатација, дека, навистина тешко на овој народ со нас како негови пратеници, а мислам лесно на една Грција како соседна земја која можеше вака да не инволвира во еден проблем и вака, наместо ние да градиме некакво единство и во однос на ова суптилно прашање да одиме напред, ние всушност поденуваме кавги, што неколку пати тоа сум го кажал, го разбиваме тоа единство и тоа македонско ткиво.

VI/1. - ДВ/ЉР

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ**: (продолжение)

Ако оваа седница трае толку време се поставува прашањето која е крајната цел и во крајна линија која крајната цел на иницијаторот на оваа точка, а тоа беше една пратеничка група. Ако проследиме, според настапите ќе видиме дека всушност целта беше усредсредена на двете точки кои се врзани за процесот на меѓународното признавање на РМ, оспорување на стратешките одлуки, постапки, да не речам и активности на Република Македонија од една страна и второ, оспорување или не прифаќање на дипломатските активности на РМ. Мислам дека треба да правиме разлика помеѓу овие две работи.

Прашањето има две димензии, и политичка и меѓународна правна. Јас би сакал да се задржам на двете, сакав акцент да дадам на меѓународно правната, меѓу тоа самата дискусија, прозивките овде, критизерството, крајниот нехилизам што се искажа во поедини дискусии на опозицијата, ме натера прво политички да се произнесам.

Треба да појдеме од тоа дека ние расправаме за еден проблем што генерациски во историјата на македонскиот народ, во постоењето на оваа држава, тоа претставувало тема, тема за расправа, меѓутоа претставува и повод за борба, за издигнување на националните и другите интереси кои требало досега барем, да се крунисаат со самостојниот и независност на Република Македонија.

Самиот чин што нашата пријава се наоѓа пред ОН, а таа е поднесена нормално под уставното име на Република Македонија, говори дека таа борба е некаде при крај и треба многу внимателно, многу политички одмерено, дипломатски мудро да се прават чекорите како таа борба и го добила својот завршен облик. Тука не би требало да се делиме. Оттука не ми е јасно како можеше во опозицијата да се изнесат

мислења дека признавањето на РМ во ОН не мора да уследи. Самиот чин што сме признати од десетина земји како да е доволно и е сам пред себе факт дека не треба понатака да се оди. Мислам дека тоа е најпогрешната теза и стратегијата на РМ, на власта на РМ која во ниеден момент не треба да отстапува од потребата да го заврши чинот на приемот на РМ во ОН.

Ако се следи партиската логика на опозицијата која меѓу- времено одржа и некаков Централен комитет на кој се произнесе за нови избори, тогаш треба да се укаже на една реална опасност дека самите себе ќе си го закочиме процесот на приемот во ОН, бидејќи тоа ќе биде додатен повод на овој момент да се сочекаат изборите да се види со која легитимна власт во РМ ќе се преговара, бидејќи цело време од грчка страна се протежира тезата дека во Република Македонија постојат сили кои може да поткрепнат или да преоблада некое друго миселње, па било тоа да се работи за името, било да се работи за Статутот на РМ. За жал, таа грчка теза постојано опозицијата ја прифаќа и ја поддржува. Прво, импутирајќи постојано овде дека некој стои зад промена на името на РМ и второ, за наводно постојаните преговори, тајни состаноци и не знам какви активности на раководството во однос на разно- разно сојузи, србославии итн. Мислам дека со тоа само се носи вода на млинот на противникот, така да кажам. На тоа укажуваат и некои други активности, па да не речам и констатации изречени од оваа говорница. Тоа по малку, морам да кажам ми личи на активностите кои во историјата на Македонија и на македонското револуционерно движење уште после 1903 година е присутно во рамките ваш на ВМР кога пробугарскотокрило ги растури некои активности на македонските движења. Не мора на нас секогаш да ни се повторува историјата. Ние можеме некои грешки во историјата еднаш за секогаш да ги научиме и истите да не ги повторуваме.

VI/3.-

Крајно сомнителните тези, а овде на масата на секој пратеник стои дописот од здружението достоинство во кое поединци и лидери да не речам се изјаснија дека историски треба да се преиспитува постоењето на македонскиот народ да се утврдува, дека тезата постојат македонски, бугари, македонци грци, македонски срби сето тоа ја води водата на млинот на противникот кој всушност промената на името не го бара заради заедничката територија која носи име, туку токму заради народот кој се идентификувал со тоа име.

Овде се изнесоа тези, вчера видовме на најбрутален начин му се импутираше на министерот дека прима мито, и не знам што друго. Овде беше изнесена теза на една од претходните седници дека Македонија е таа, преку примерот на приватните увозници на нафта која ги крши санкциите спрема Србија. Па тоа г-до само грците го тврдеа и господата од опозицијата. Мислат ли дека секогаш мора да се најдат на истите позиции на кои се наога грчката страна, а притоа да не се изнесуваат елементарни докази. Овде имавме елементарно импутирање на претседателот на државата дека се бави со криминал и со друга. Па да ве потсетам тоа беше тезата што исто грчката власт ја протежираше за постоењето за некакви канали криунчарски и не знам што во Македонија Таквиот несериозен пристап кој во основа само поага од потребата да се омаловажи постоечката позиција или власт, а всушност и само еден чекор во сосечувањето, омаловажувањето и дисквалификацијата има државното раководство, всушност ни штети на сите нас подеднакво. За таквата активност нема оправдување и мислам дека граѓаните на РМ тоа ќе го осудат.

VI/4.-

Сега што се однесува за овие аспекти на меѓународното признаваше. Реков дека самиот чин што нашата пријава поднесена на начин како што секоја новоформирана држава, без разлика на кој начин е формирана, а да потсетам ние сме држава во 1944 година, е поднесена до ООН. Државите дефакто постојат ако се исполнети три меѓународни услови: територија, население и власт која ја контролира таа територија. Мислам дека не треба во ниеден момент на овие три елементи на меѓународното право врз кое се темели и правото на самоопределување што е во РМ спроведено да се руши постапката на приемот на Македонија во ООН. Ние можеме да разговараме за меѓупотезите што дипломатијата на РМ ги презема да го забрза процесот на меѓународното признавање. Оттука се неодржави тезите за некакво, не знам какво си доцнење на РМ во однос на другите републики и што уште не беше овде искажано.

Република Македонија дефакто постои како меѓународен субјект, не е меѓународно и широко призната, меѓутоа битно е што во овој момент за проблемот на РМ е ангажиран целокупниот механизам на ОН. Оттука не знам зошто не се сфати со целата сериозност укажувањето од Владата дека е неопходно да сочекаме одреден официјален документ на кој ќе го дадеме нашиот коментар , политички став или ставот на Собранието како законодавен орган во однос на моди- фикациите кои евентуално ќе ни бидат предложени. Едно е јасно дека РМ не сака да го менува своето име ниту ќе го менува своето име. Тоа е уставно име и тука сите искажувања што одеа во тој прилог ги поддржувам, бидејќи ние сме, така да кажам, втора генерација која после АСНОМ-ската овој процес ги забрза и немаме, што се вели никаков однос нити право тоа да го менуваме. Меѓутоа, тоа што другите мислат да го направат за нас, а во никоја рака можеби значи чекор поблиску до меѓународното признавање, ние не мора да го нарекуваме ни со зборовите предавство, ниту со други квалификации. Оттука мислам оваа седница требаше многу

побрзо да заврши за да го до биеме тој документ па повторно да седнеме да расправаме, а вака веројатно во текот на ова заседание ќе го добиеме.

Што се однесува до оваа иницијатива на трите држави очигледно е дека тие повеќе стоеле или воделе сметка за интересите на Грција. Со самиот предлог што го даваат за привремено име, име кое овде честопати се спомна, поранешна југословенска република Македонија тие практично прво направиле еден меѓународен преседан^ што не е познат во праксата на ОН. Досега ниедна држава не е примена под привремено име. Сакам да укажам на тоа дека ние како мал народ, како мала држава, мал во онаа смисла во која се споредуваме со другите земји една и најголема шанса ние во почитувањето на процедурата. Таа е таа, демократската процедура која меѓународната заедница е измислила за да комуницира помеѓу себе е таа која нас може да не заштити. Оттука ладната глава, да речам и искористувањето на сите механизми кои ќе ни овозможат нашето право легитимно да го искажиме и да го докажиме за нашата шанса за побрзо признавање на РМ.

Да укажам во светот има некаде околу 7 илјади народи, а само 187 држави. Македонскиот народ и сите граѓани и националности кои живеат во РМ навистина се наоѓаат пред еден голем чин. Оттука мислам дека мораме целокупната своја енергија само на тој чин да ја усредсредиме, да не ја трошиме во меѓусебни кавги и не знам, што се~ овде поттикнувано. Во таа смисла мислам дека ни е потребна поголема кооперативност.

Што се однесува до тоа како оваа седница може да заврши навистина овде се понудија неколку документи. Моето укажуваше е дека заклучоците на г-динот Славе Наумовски кој ги понуди на Комисијата и Комисијата во извештајот гледам еден дел од заклучоците ги третирала

и ги ставила, меѓутоа немала кворум, начинот на гласање бил таков не е извештајот овде поддржан од самата комисија, укажува на неколку многу јаки работи што со тие заклучоци може да се добијат.

Прво, и основно е што РМ останува на пријавата која е поднесена и нема потреба од никакви оградувања во однос на постапката која е поведена пред ОН.

Втората работа е многу битна а е и во однос на Меморандумот на претседателот на Републиката за кој многу пратеници позитивно се изјаснија и јас сум во таа насока. Ако ја следиме традицијата на документите кои во Македонија се издавани, а тие се најчесто или манифести, или меморандум, по својата содржина, по одговорот на актуелното прашање околу името на РМ што ги даваат, се исклучително важен документ и со исклучително правна и друга меѓународна сила, што навистина ако нешто треба да се поддржи тоа е тој документ кој треба да се поддржи.

Трето, овде некој рече во дипломатијата не се затвораат врати. Јас еднаш реков дека ние како законодавно тело не треба да се мешаме во извршната власт. Ние можеме да ја критикуваме, да покренуваме прашање на интерпелација, прашање на доверба на влада итн., можеме да даваме одредени насоки согласно со Уставот, меѓутоа ние мора да сфатиме дека тие две власти се поделени, едноставно не се наоѓаат на истото место. Оттука заклучокот кој е даден во оваа смисла нужно да се направат сите дипломатски активности кои ќе значат реализација на сите досегашни декларации што овде се донесени, на Уставот на РМ, на пријавата за прием во ОН и опстојувањето на Меморандумот на претседателот на Републиката е правата насока која една законодавна власт може да му ја даде на својата извршна власт. Во крајна линија на меѓународната позиција во Македонија. видете до кој апсурд доаѓаме. Овде се критикува се и сешто, во таа мера се напаѓа актуелната

политика, се напаѓа целокупната стратегија на РМ, се омаловажува претседателот на Републиката, се бара негова оставка. Во исто време со иста жештина опозицијата во Грција ја напаѓа актуелната политика, ја прогласува за предавничка итн. Се поставува прашањето која политика успеала нешто воопшто во тој процес во меѓународното признавање. Каде е вистината. Мислам дека ние сме некаде на некој полу чекор кој не смееме да го враќаме назад. Затоа поддршката на Информацијата истовремено треба да значи поддршка на активностите на претседателот на Републиката и обврска на Владата да ги забрза активностите и дипломатските контакти на меѓународен план.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние ја знаеме точката на дневен ред и знаеме што се активности преземени досега, а останува вториот дел за идните активности. За вториот дел од Информацијата останува да чекаме, кога ќе го добиеме званичниот документ, па тогаш ќе распраавме. Видете, имавме можност да го гледаме договорот кој што е склучен меѓу Република Македонија и за доаѓањето на сините шлемови УНПРОФОР. Кој од вас ако го погледневте тој договор ќе му биде јасно дека таму нема договорни страни и дека во тој договор се спомнува не државата, туку едноставно се спомнува Скопје во некој трет или четврти член. И, фигурира бивша Југословенска Република Македонија. Ако веќе тој термин за името, државата е одамакинуван јасно е дека ние требаше да ја имаме стратегијата на договарањето што значи Бивша Југословенска Република во сите аспекти на постоењето на оваа држава на Балканот. Ако ние упорно тврдиме дека немаме документ со кој што ни се наметнува таквото име, тоа не е вистина. Тоа значи дека некој недоволно се ангажира во обезбедувањето на таков документ, а мислам дека многу едноставно овој е тој документ како нацрт - резолуција, така пишува, и во три точки се кажува кој е, што е и што се предлага во ОН. Значи треба да чекаме ние званично да го добиеме овој документ, па да речеме, чекај сега ќе го анализираме и ќе утврдиме што е што. По добивањето на овој документ веќе е доцна да се реагира. Мислам дека треба да му е јасно на секого дека во практиката на ОН, особено во работата на Советот за безбедност често пати по едно исто прашање се вртат повеќето резолуции. Во тоа е квалитетот на настапувањето на одредена дипломатија. Што ако ние како Република Македонија ја замолевме, конкретно се спомна Русија и таа да излезе со една таква

резолуција за спротивставување на нацрт- резолуцијата што ја предлагаат овие три земји. Мое лично мислење е, а тоа треба да биде и прифатливо, дека ваквото однесување на овие три држави кои што учествуваа во работата на Европската заедница е резултат на однесувањето на нашиот министер господинот Денко Малески, кој што во состојба на револт си даде оставка како протест за Лисабонската декларација. Се прашувам, лично се прашувам како ќе реагираат тие што ја донесоа Лисабонската декларација кога повторно оди да ги моли човек кој што протестирал против нивната работа.

Оттука ја гледам една од големите грешки на македонската дипломатија бидејќи пуштаат за дипломат да продолжи човек кој што веќе на одреден начин е дисквалификуван односно самиот се дисквалификува да ја води надворешната политика во однос на признавањето, а неговата задача беше исклучиво да придонесе Македонија да биде меѓународно призната. И, оттука јасно е сега дека овие дванаесетмина организирани и во името на Велика Британија, Франција и Шанија, ќе повторам, покриваа три блока на држави со одредени јазични подрачја, јасно е дека ќе се изборат за својот прбвобитен став, а тоа е ставот Македонија да биде призната, но како тие сакаат а не како ние сакаме. Оттука стратегијата на Владата јас велам промашена со ангажирањето на господинот Денко Малевски да учествува во меѓународното признавање на нашата Република.

Владата на РМ во овој контекст направи грешка и таа грешка нас ни се сфати. Во овој дел укажувам на фактот дека се искажаа бројни размислувања за карактерот на оваа седница и се што беше кажано. Неспорно за мене е единствено дека Парламентот со расправата укажа на погрешната политика што ја водеше Владата и дека ова што денес се случува и овие 4 дена укажува на Европа и на земјите во светот дека Македонија се противи на признавањето под името Бивша југословенска

Република. Тоа е пораката која што произлегува од целата оваа расправа мислам дека тоа е квалитет кој што треба да го почитуваат сите, а првенствено Владата на РМ.

Ќе си дозволам и јас малку да погледам од еден друг аспект, како и зошто се цени дека нашата Република има одредени слабости, не поради постоењето на надворешни субјекти туку и поради постоењето на внатрешни чинители кои што се активираат во одредени моменти кога се битни за нашата држава. Во тој контекст ќе го спомнам исфорсираното во овој момент однародување на дел од македонците муслимани кој што најверојатно под одредени влијанија како домашни така и од странски во овој историски момент се откажуваат од својата националност и својот словенски род. Овие одметници од нашиот род и нашиот народ мислам дека и причинуваат најголема грешка и штета на Република МАКЕДОНИЈА во овој момент и може да им порачаме да си ги чуваат пасошите со ЈУ ознаката за да можат да си одат во која држава сакаат и каде што ќе можат нивните деца да ги школуваат на кој било јазик. Во ова време кога на Македонија и е потребно единство одредени групи особено од партијата НДП си земаат за право и пушуваат писма низ целиот свет, држат јавни трибини, говори за непризнавањето на Република Македонија. Мислам дека и овие кои што немаат врска со албанците кои што сакаат мирно да живат во Македонија да си го почитуваат зборот и да им биде срам ако си дозволат да живеат во држава која што ќе биде меѓународно призната. Тие сакаат да живеат во непризната држава. Таква ја нема на Балканот.

VII/4.-

Кога веќе ги спомнав македонските муслимани, морам да бидам искрен, да кажам дека голем придонес и поттик во одреден смисол има и министерот Бајалџиев кој што, ќе бидам скромен, се фали дека ете успеал да им обезбеди по еден час настава на јазикот. Ако овде беше турската империја, па не успеа да им го смени јазикот на тие луѓе голема заслуга е на министерот Бајалџиев што ете ќе им овозможи да го изучуваат турскиот или албанскиот јазик. Сето тоа ни налага, можеби не е вината кај него, дека можеби вината повторно кај Владата на Републиката која што стои најверојатно за таквите одобрувања.

Овде на одреден начин се спомна матична држава. Која матична држава и би рекол и пред малку, бидејќи деловнички не ми дозволи претседателот да кажам, сега ќе одговорам. Факт е дека Бугарија не е матична дражва на македонците. Во Бугарија живеат стотици и стотици илјади македонци избркани од Македонија. На албанмците кои што живат во Македонија матична држава им е Албанија бидејќи тие се дојдени од Албанија. Со ова расчистуваме и се знае што е матична држава и од тие позиции затоа и албанците во Македонија го имаат статусот на национално малцинство што е неспорно воопшто.

Понатаму се спомна и Битпазар. Видете, ако сака светот да не почитува треба правната држава, не правната туку точно државата со сите сови механизми да го штити поредокот утврден со Уставот и законите на државата. И, што се случува. Во тие настани во Бит пазар кои што имаат одредена или ваков или онаков назив учествуваа страни државјани. Во секоја правна држава, ќе речам, таквите кои што учествуваат во бунтови никогаш веќе не можат да ја напуштат границата на државата во која се бунтувале и создавале неред. Значи тие ќе си останат овде. Господинот Фрчковски едноставно нив ги пушти за 24 часа,

а тоа беа исто така од Албанија и Србија. Сето ова го зборувам за да ве потсетам дека и Уставниот суд на Република Македонија расправаше по статутот и програмата на НДП. Донесе своја одлука и во таа одлука се кажани некои работи. Дека постојат дејствија кои што се недозволиви со Уставот и законите на Републиката и дека некој затаил, со други зборови, да го спроведува законот на државата. Ако имаме акти уставно антизаконко делување јавното обвинителство на Македонија едноставно преоѓа преку тие дејствија се поставува прашањето и на одговорноста на јавното обвинителство на Република Македонија во контекст на дејанијата кои се против Уставот и против законите на оваа дражва. (Некој од пратениците дофрлуваат нешто во врска со дискусијата) \

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не дофрлувајте, немојте.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Сакам да укажам и на некои искажувања кои што беа овде дадени, но јасно е ако го прочитаме Уставот на оваа држава дека таа е држава на македонскиот народ, а дека националностите и националните малцинства се посебно наведени, токму поради нивниот статус што го имаат во државата и тоа е толку јасно така да сакам да ги потсетам некои присутни овде на една средба каде што се постави прашањето, кои права ги немаат националностите во Републиката? И, и настана некоја пауза и прашуваат сега Американците, конкретно, дали имате училишта? Имаме, велат, и средни, и основни. Дали учествувате во правниот промет во животот, продавате, купувате, ве ограничува некој во сопственоста? велат никој не не ограничува . Дали имате патни исправи и дали можете да одите во странство и да се враќате кога сакате? Можеме. Па, вика, кое право го немате? Немаме Универзитет. За смеење, нели. Ако се тие прашања кои што ги влошуваат

меѓунационалните односи мислам дека можеме многу лесно да се договориме и на база на он а што го нема одредена националност како право во Републиката.

Овде се кажа дека Владата не е ниту може да се поистоветува со државата. Јас мислам дека и на тоа треба да се даде одговор дека во светот Владите се менуваат, државите си остануваат, така да не е ништо ниту може да се поисповетува Владата со државата. Се знае што е што.

На крај да не ви одземам уште време, се кажаа многу работи, мислам дека мислам дека претседателот направи една деловничка грешка што не дозволи декларацијата што ја поднесе пратеничката група на ВРМО - ДПМНЕ да се најде на расправа овде имаше доволно време по неа и Владата на РМ да даде свое мислен>е, меѓутоа, го користи своето право и не дозволи таа декларација да дојде исто така на расправа. Сакам да укажам дека и покрај нашите настојвуања Комисијата за меѓународна соработка да расправа по истата на одредена манипулација и беше оневозможено да се состане, а бидејќи не можеше да има кворум таа исто така не изгради свое мислење по Декларацијата и Декларацијата останува само како една наша заложба за она како треба да постапи Републиката во однос на меѓународното признавање и оред ООН.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент, само едно деловничко објаснување. Јас со Декларацијата што ја предложивте овде постапив токму во согласност со Деловникот. Се знае кога се поднесува Декларација и каков е нејзиниот статус. Треба да биде точка на дневен ред.

VII/7.-

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на фактот дека Деловникот на Собранието на РМ дозволува претставникот на Владата по одредена точка која штос е наоѓа на расправа да може да се јавува повеќе пати доколку чувствував потреба, бидејќи во овој момент јас како претседател на Владата сум присутен и таа можност ја имам ќе интервенирам во овој момент и при тоа ќе го задржам правото подоцна и да се јавам за дискусија.

Морам да интервенирам затоа што дискусијата што пред малку ја слушнавме, нема да именувам за да не се даде можност за реплика, е доволен доказ и типичен пример како всушност седум дена се расправа во ова Собрание. Ќе се измисли навистина, теза, ќе се искаже лага и врз основа на тоа се гради цела дискусија од 10 или 15 минути итн.

Прво, договор со мировните сили со УНПРОФОР не е потпишан и тоа значи дека сето она што беше искажано во врска со тоа што стои во таков договор и кој работи стојат е чиста лага. Доколку некој го поседува таквиот договор потпишан помеѓу мировните сили УНПРОФОР и од друга страна Владата на Република Македонија, молам да го презентира, меѓутоа, тоа е чиста измислица. (реакција на дел од пратениците во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам тишина.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

А, врз основа на една таква работа потоа се искажаа цели тези како веќе се прифатило, како некој веќе таа работа ја завршил итн. Значи, тоа не е точно.

VII/8.-

Втора работа лист од хартија кој што господинот Стефковски пред малку го покажа и го прикажа како текст на Резолуцијата што е добиено е лист хартија кој што и јас го имам виде- но, меѓутоа господинот Стефковски заборави да каже дека на тој лист хартија нема ниту потпис, ниту печат, ниту кој го праќа ниту кој го дава, ниту кому да го дава. Тоа е апсолутно неофицијал на хартија која што некој ја добил од некого и врз основа на тоа било ова Собрание било Владата да заседава, да донесува заклучоци и ставови е несериозно. Впрочем да погледнеме дали во сите овие денови тече расправа и во Република Грција околу иницијативата И таму е ставот се додека не се добие официјално, званично документ, предлог нема да се изјаснува ниту Владата ниту парламентот на Република Грција. Така да, и тоа треба да се има во предвид.

Трета работа, повторно една измислица или искривување на работите, се кажа , овие денови парламентот и прикажа на Владата и на носителите на надворешната политика дека погрешно работеле. Тоа пред малку имавме прилика да го чуеме. Ако некој претендира да каже дека триесетина, 37, 38 незнам колку пратеници говорат во име на целиот парламент и од тоа да се извлекува заклучок дека целиот парламент смета дека ова е погрешна политика, тогаш во ред. Меѓутоа, мислам дека тоа право не постои.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (**продолжение)

Се согласувам дека има поодделни политички партии, некои беа именувани некои не се именувани кои во овој процес се однесуваат навистина дискутабилно по најмала рака речено, даваат соопштенија или пишуваат изјави, прогласи дека РМ не треба да биде признаена од овие или од оние причини.

Исто така,има партии кои велат дека не треба да биде признаена заради ваквиот карактер на власта, па дури има и вакви политички сили во оваа Република што им праќаат дописи на иселениците во прекуокеанските земји да не собираат никаква помош да праќаат во Републиката се додека оваа власт е на власт. Има такви политички сили.

Понатаму, се споменува апсолутно, а не можам да согледам во кој контекст проблемот на образованието во Дебарска жупа што се јави, се споменува Турска империја и такви работи и не можам никако да се откинам од заклучокот и впечатокот дека тоа се прави намерно, бидејќи утре доаѓа претседателот на Република Турција во посета на РМ. Каква врска има тоа со меѓународното признавање во овој момент да тоа се разговара, јас не можам да видам освен тоа еден ден во очи на посетата на претседателот на Република Турција да се акцентира и даде јавност на еден проблем кој нема никаква врска со меѓународното признавање.

Следната работа што беше кажана во Бугарија живеат македонци протерани од Македонија. Тоа е срамота што беше кажано и предлагам целиот Парламент да се огради од тезата на г-динот Томислав Стефковски што беше изречена, бидејќи е директно не анационална, туку против национална теза.

VIII/2

Имав уште неколку работи, меѓутоа мислам дека и овие се доволни за да се види на кој начин во овие изминати денови ќе се испостави една неточна теза и врз основа на тоа ќе се гради цела зграда на обвинувања, критики без некои да чувствува и малку одговорност за изречениот збор и дали е тоа што се говори е точно или не е точно. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза до 15,00 часот.

Нема реплика, во 15,00 часот ќе продолжиме со реплика.

(Седницата прекина со работа во 14,10 часот).

(Седницата продолжи со работа во 15,30 часот).

Можеме да продолжиме со работа, бидејќи го имаме потребното мнозинство од пратеници.

Кратка реплика бараше г-динот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, веројатно некој ќе рече дали е деловнички да се дава реплика во отсуство на оној кој треба да јас прими репликата, бидејќи се искористи говорницата јавно се искажаа одредени работи, па јас ќе си дозволам без оглед што не е тука претседателот да му укажам на некои работи.

Не на сите што ги спомна, но на оние што ни одговараа.

На опозицијата и е дозволено кога искажува на оваа говорница јасно да ја користи за свои цели. Така ли е? Од тука ние од претседателот на Владата слушнавме дека нема никаков документ за присуството на УНПРОФОР на територијата на РМ. Сега нека кажат по која основа се и како ќе ги третираме војниците што се дојдени од УНПРОФОР, ако премиерот тврди нека нема никаков документ.

VIII/3

Понатаму, претседателот си дозволи кога јас ја покажав Нацрт - резолуцијата да каже некој со некого од некого. Мислам дека ова Нацрт - резолуција која ја покажавме ја добивме од официјален претставник од Министерството и од тука произлегува дека за претседателот на Владата Министерството и неговиот министер е некој или никој, со други зборови едноставно тоа е веќе првата фаза на отпишување од функцијата министер.

Исто така сакам да укажам и на Меморандумот од претседателот Глигоров кој не е потпишан. Тоа треба да му е јасно на секој, потпишано е попратното писмо.

Понатаму, претседателот си дозволи да каже дека се минира на г-динот Озал. Не е точно. Нашата партија остварува многу коректни односи со партијата на Турците во Македонија. Меѓутоа, проблем е за Озал не се впуштам повеќе, дека мисли на некаква си империја од Кинескиот ѕид до Јадранското Море. Тоа е во друг контекст.

Што се однесува за протераните Македонци, јас говорев во контекст на стотиците илјади Македонци кои не живеат во Пиринска Македонија, а ќе ги потсетам тука некои да сфатат, јас намерно употребив термин неколкуте стотини, бидејќи во разговорите помеѓу тогашниот претседател на Бугарија Тодор Живков и претходниот претседател на Извршниот совет Глигорие Гоговски самиот Живков изјави дека во Бугарија има околу милион Македонци без нивното потомство. Ако ова не му е јасно некому, тоа е негов проблем, ние велиме немаме територијални претензии и оттука го правиме тоа разграничување. Изгледа некому ова не му одговара. Македонците само во Пиринскиот дел на Македонија се автохтон народ, а во другиот дел се

протерани за време на Балканските војни, пред нив, по нив, за Првата светска војна, за II светска војна, тоа значи дека и по ослободувањето имаме исто така одреден процес на протерување на Македонците не само во Бугарија, туку и во други земји, а во тоа јасно дека учествувале и одредени државници, не ги именувам намерно за да не предизвикуваме неприлика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам привршувајте, времето за реплика ви истече.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

На крајот, бидејќи не е тука претседателот на Владата само би сакал да го поздравам дека за него испаднаа кратки 6 месеци да сфати и да се однесува како претседател, а не како пратеник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно појаснување. Што се однесува до документот кој г-динот Стефковски го добил од некој од Министерството, го одбил по приватна линија. Никаков документ службено не е дојден до мене инаку и јас ќе го имам и ќе го имавте сите.. Значи, таков документ службено не постои, а тоа кој и какви документи дава еден на друг и колку се тоа документи, а колку се најобични што во дипломатијата се нарекуваат нонпејпа статус, тоа е друга работа. Затоа токму на тоа укажав. Значи, нема службен документ никаков инаку би ви го испратиле.

Госпоѓица Димовска има некое појаснување.

VIII/5

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, изгледа атмосферата е многу вжештена во Парламентот, така што забораваме од вчера до денеска официјалните личности на македонската влада што зборувале и за кое прашање. Да ве потсетам дека во текот на вчерашниот ден на почетокот на седницата, ние како пратеничка група го поставивме прашањето на Нацрт - резолуцијата чиј текст го имаме, г-динот Денко Малески како претставник на Министерството кажа дека на барање на претставници на Партијата ВМРО-ДПМНЕ таа Резолуција е доставена од Министерството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа не е резолуцијата. Ние не сме добиле Резолуција. Тоа е текст кој кружи во ООН во Советот за безбедност. Само тоа. Службено не сме добиле ништо. Да сме добиле службено ние ќе ви го поделевме овде, а друга работа е како работна хартија, работен текст кој можеби некогаш ќе биде некоја Резолуција дошол во рацете на некого во Министерството па ви го дал. Збор има Гтдинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Веќе 5 дена на дневен ред имаме Информација за активностите околу приемот на Македонија во ООН, тема која е многу интересна за граѓаните на нашата Република. Во врска со ова јас ќе изнесам некои мои видувања.

Од воведното излагање на г-динот Денко Малевски слушнавме дека тоа по моја слободна интерпретација, претставува сложен, а јас би

рекол и макотрпен процес. Признавањето на Македонија претставува основен белег на работата на средствата за јавно информирање на Републиката. Така е кај нас, но не и во светот.

Македонија е многу мала земја, малку позната во светот, а јас би рекол дека на големите сили и не им е многу грижа што имаме ние и со какви проблеми се среќаваме. Дека е така сведочи се она што се случува во БиХ и пошироко. Нашето однесување во овој миг, па и во времето кое ни претстои треба да ни биде мудро однесување и водење на дијалог со меѓусебно почитување не само ан секоја нација, односно националност, туку и на секоја индивидуа. Меѓусебното почитување претставува императив без кој не може да се оди понатаму.

Овие денови додека траеше оваа седница, па и порано, слушнавме работи кои, морам да кажам, не ни доликуваат особено на нас како пратеници кога е во прашање човечкото достоинство, човечката интуиција. Ова уште повеќе ако знае дека граѓаните гледаат и слушаат, па тоа може да се пренесе и надвор од салата што би било катастрофално за нас како мултинационална држава. Мирот треба да го сочуваме, ние самите.

Кога сум тука да кажам дека деновиве кога претстојував во Гранд хотел на вечера ми се приближи едно непознато лице, не го позанвав, ни се обрати со зборот - вие сте пратеник. Му одговорив потврдно. Јас бев седнат да вечерам. Го виде моето дете седнато до мене, рече  јас имам ќерка приближно по возраст како и вашиот син• Ве молам, направете се децата да живеат мирно. Го повторувам ова и го кажувам овде затоа што секогаш ми е при свест и заради тоа повикувам да бидеме малку свесни да не претеруваме.

VIII/7

Кога сме кај признавањето ќе повторам, процесот е долг, ќе трае пред ООН и ЕЗ по се изгледа долго време. Кон признавањето секако дека и ние придонесуваме со некои наши однесувања. За што станува збор, вие подобро знаете.

Процесот на меѓународното признавање ќе тече, но тоа не значи дека не постои РМ. Таа постои и ќе постои ако сите ние сакаме. Македонија е призната од неколку земји, Македонија е членка на неколку меѓународни институции, на неколку спортски организации.

Македонија, се очекува, да стане членка на Меѓународниот монетарен фонд како наследничка на дел од квотата на поранешна Југославија.

За оние кои не знаат или се прават дека не знаат и си даваат себе си за право да говорат невистини,инсинуации и одат толку далеку што импутираат работи по нивна желба за мојата партија ќе кажам неколку збора, но да не одземам долго време.

Ставовите на мојата партија се кристално јасни исто така и ставовите на пратениците. Ние сме за меѓународно признавање на Републиката а тие што критикуваат сакаат да бидеме против, во што не се согласуваме. Значи, подземната политичка пропаганда против мојата партија продолжува без факти и аргументи, бидејќи во ниеден наш акт нема активности за непризнавање. Наспротив.

Што се однесува до прашањето на тоа кој што е, право е ан секоја индивидуа, на секој граѓанин да се изјасни за тоа што смета дека е. Па, не е потребно душегрижништво. Македонија е моја држава онолку колку е на секој граѓанин а Републиката. Спрема тоа, нека бара извинување оној кој ме смета за странец.

Борбата за имање на Универзитет не е смешна. Ако беше смешна не ќе настојувавме да го завршиме, бидејќи оној што го вели тоа ми се чини дека и тој успеал да заврши. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, лично се наоѓам во голема дилема дали се учествува или не во една расправа која без поговор треба да биде многу значајна, но по начинот како тече расправата по содржината на добар дел дискусии особено т.н. .опозиција преполни со омраза властољубие, пцости, дисквалификации и навреди, а особено по настапот на пратеникот Петре Трајкоски, навистина се поставува прашање на смислата на вакви расправи на Парламентот. По еден ваков настап достоинството и угледот на овој Парламент е паднат на најниски гранки што секако сите треба сериозно да не загрижи до колку од самата пратеничка група не почувствуваат потреба да се оградат или извинат за неговиот настап. Толку за тоа.

Мислам дека нашата денешна расправа во многу што е олеснета со самото постоење на еден документ таков како е Меморандумот на претседателот на Републиката - Киро Глигоров, каде на еден конзистентен начин се набележани сите релевантни определби, ставови што ова Собрание, но и пошироко вкупната македонска јавност ги предлагала и ги градела во овие 2 години по прашањето на македонското самоопределување, изградба на независна, суверена,

меѓународно признатата македонска држава. Од таму денешната расправа ја разбирам само како уште една можност и на критички начин, но конструктивен, реално да го согледаме изодениот досегашен пат да ја потврдиме нашата решителност и единственост во истрајувањето, во битката за конечен прием на Македонија во светското семејство на народите и државите и во енергичноста во одговорот кон сите неправди јавни или тајни заговори што и се готват на Македонија само со цел на овие генерации на Македонија да и биде попречено остварувањето на нејзината исконска цел, а тоа е создавање независна и суверена држава на овие балкански простори.

Од тука ние денеска кога расправаме пред Собранието за така крупно прашање како што е поширокото меѓународно признавање на нашата држава. мораме да ги имаме предвид неколкуте битни елементи кои во меѓувреме се случија по донесувањето на неприфатливата Лисабонска декларација.

Прво, никој не може да го негира фактот дека сме свидетели на едно битно поместување во позитивна смисла на односот на голем дел на членките на ЕЗ во врска со потребата од дефинитивно разрешување на меѓународниот статус на РМ односно нејзиното признавање.

Второ, се поотвореното особено европската јавност и пошироко во светот созреа сознанието дека признавањето на РМ се наложува како императив од етичка, правна, економска, политичка, но и од безбедносна природа.

Трето, се повеќе во светската јавност се разголуваат вистинските намери на нашиот јужен сосед кој со своите апсурди

и тврди ставови по однос на македонското прашање само потврдува дека се работи за политика на попречување на изградба на една независна и суверена држава на овие простори, а не како што тој сака да ја прикаже својата мисија во светот дека Грција ги штити своите загорзени национални интереси од страна на силната Македонија и нејзината искранилистичка политика.

Меѓутоа, кога сум овде морам да го спомнам се повеќе поприсутното чувство дека одделни земји како што се Франција, Англија, како се повеќе да се приближуваат кон грчките ставови односно поточно кон создавање на едно пошироко географско подрачје под силно политичко влијание на Србија што секако може да биде нова точка на раскол и недоразбирање на светските сили како пред- текст за неговите балкански и светски судири.

Четврто, на внатрешен план не можеме, а да не признаеме дека досегашното одлагање на меѓународното признавање на РМ има за последица скоро целосна изолација и безнадежност на Републиката, видливо под запирање на остварувањето на радикалните реформи во економскиот, политичкиот, правниот и во правната и социјалната сфера што секако имаат влијание во влошувањето на живеењето на нашиот човек и на политичко - безбедносната состојба во Републиката.

Сега, кога е веќе извесно дека македонското прашање е на маса пред ООН не треба да му приоѓаме ниту со преголем оптимизам или песимизам ниту со национална исклучивост, но не и со отсуство на национално и човечко достоинство и самопочит. Според тоа, нештата околу меѓународното признавање на Македонија треба да ги поставиме во реални и објективни рамки и во таа смисла да го даде нашиот

придонес. Од тука нашиот однос треба да се темели на следните елементи како основ за внатрешното делување по ова прашање.

Прво, треба трпеливо да работиме и понатаму да го поспешиме процесот на веќе присутното ад адактирање на Лисабонската декларација која за нас беше и останува неприфатлива, а аз останатите исто така неприменлива во меѓународното право. Се позасилениот притисок што го вршат јавните гласила и прогресивната демократска јавност во Европа врз политичките власти на Европските земји, особено кај добар дел од членките од ЕЗ како што се Италија, Белгија, Холандија, Германија и Данска придонесуваат македонското прашање односно признавањето на македонската држава да се третира како чисто прашање и како факт со своја легитимна политичка и правна содржина и вредност.

Второ, тргнувајќи од фактот дека РМ може да ја оствари својата исконска волја за создавање на суверена и самостојна држава само во услови на мир и стабилни политички меѓунационални односи што зависи, пред се, од нас самите, но и од другите надворешни фактори особено од развојот на настаните во нашето северно соседство, тогаш што побрзото меѓународно признавање во едно е гаранција за мирот и безбедноста на нашата држава. Впрочем, оваа оценка се почесто може да се слушне од поголем број на воено политички аналитичари и стручњаци, како и од претставници на економските меѓународни организации и институции во светот.

Според тоа, втора наша стратешка цел е избегнувањето на воениот виор кој бесенее сеуште во некои Делови На бившата. Југословенска заедница.

VIII/12

Трето, побрзото меѓународно признавање на Македонија ќе овозможи меѓу другото и создавање услови за нејзино вклучување во светските, економски токови, трговски, финансиски, инвестициони што ќе се одрази на подобрување на веќе крајниот влошен стандард на нашите луѓе. Во спротивно перспективите се смалуваат, и замрачуваат за што ние многу малку разговаравме на оваа денешна односно повеќедневна расправа. Стопанството брзо ќе колабира, а со тоа и државата не ќе може да ги остварува своите основни функции во смисла на обезбедување на алиментација на пензии, армија, полиција, образование, наука, култура, здравство и др. Од тука, до крвави разврски на нашата вкупна економска политичка и социјална криза не дели само уште еден чекор, а знаеме како тој обично завршува со нов тип на тоталитаризам обично изведувани на овие простори по веќе познати сценарија.

IX/1 сс/лј

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Навистина немаме вистински причини да се откажеме од некои досегашни принципи а тоа се : подготвеност за дијалог, дури и со нашиот најлут противник, подготвеност за соработка за да се дојде до тоа што ќе биде во согласност со нашите интереси и цели. Оттаму, очигледно дека климата се менува во прилог на признавањето и дека тоа не може да се одлага во недоглед без да се дадат конкретни аргументи и одговори.

Се покажа дека решението на македонско - грчкиот спор не е можно без учество и согласност на Македонија и дека секоја одлука која не води сметка за интересите на оваа држава може само да ја усложни состојбата. Тоа ни дава надеж дека ќе се избориме за она што ни припаѓа, дотолку повеќе што S6 сите меѓународни принципи и норми имаме право на самоопределување, на сопствено име и држава.

Во таа смисла јас јавно сега се прашувам, но и сите вас, барем мене до сега не ми е познато во кои документи на ООН постои одредба или клаузула со која се поставува услов за прием во таа ООН да се промени името на една дражва.

Затоа, на крајот мислам дека и да сакаме не би можеле да не се согласиме и да го поддржиме Меморандумот на претседателот на Републиката Киро Глигоров упатен до Советот за безбедност на ООН. Во таа смисла ми се прифатливи и заклучоците што се нудат од страна на пратеникот Славе Наумовски.

Уште на крајот да кажам, не можам а да ја одбегнам потребата да се осврнам на еден дел изнесени тези или тврдења кои беа посочени особено во едно подолго излагање пред три дена:

Прво, од оваа дистанца се зборува дека главна причина за бавното признавање на Република Македонија лежи, меѓу другото, во

усвојувањето на Платформата Глигоров Изетвеговиќ од страна на ова Собрание, што значи дека ние сите сме се согласиле со таква една платформа.

За волја на вистината, кога се напаѓа оваа платформа треба да се има предвид дека и во него јасно и децидно се укажува, што се заборава да се подвлече дека станува збор за создавање на некој евентуален сојуз на суверени, подвлекувам суверени независни и меѓународни признати држави, а не спротивно. И, второ, ако малку се присетиме тогашните политички ставови на поголем дел на Европски земји, вклучувајќи ја тука и САД беа токму за зачувување на било каков вид на некоја ЈУ-заедница. Само толку.

Второ, ако некој почне во ова општество и во оваа држава да употребува и користи разни додавки, таа пионерска улога и при- паѓа секако на сегашната господа од партијата ВМРО-ДПМНЕ кои пред две години на светите четири македонски букви ВМРО додадоа уште пет букви про форма заради камуфлирање на своите вистински намери и цели.

(реакција од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ) Трето, се заговара создавање на посебни фондови, тоа беше дебело образложувано во едно излагање, што би овозможиле ангажирање на што поголем број на јавни, стручни и културни работници од сите генерации, а особено од оние постарите, се со цел да се шири вистината за Македонија, за побрзо меѓународно признавање. Ваквото залагање е сосема во ред и во секоја прилика сум го поддржувал, но, никако не можам да му верувам на човек кој порано и денеска не се либи со најцирно етикети да ги напаѓа сите оние луѓе кои ја поддржуваат политиката на македонското раководство.

IX/3.-

Сега се поставува прашањето како може да се води успешна пропаганда за побрзо меѓународно признаваше на Република Македонија ако се потсетиме дека само пред еден месец, три дена во ова исто Собрание од сите можни оружја се напаѓаше личноста на господинот Сорос, осведочен поборник и пријател на Македонија.

Потоа, се уште се пресни изјавите на челникот на ВМРО ДПМНЕ за карактерот и наводната идеолошка контаминираност на македонската интелигенција дека тие се Србо - комунистички дејци и дека колку побрзо се откажеме од услугите на научните работници, бившите и јавни културни и посебно дипломатски функционери, толку подобро ќе биде за имиџот на Македонија.

А, што се однесува за антипропагандата во странство, ќе спомнам еден извадок од подолгото писмо испратено од Македонската православна црква, општина Мелбурн, Австралија каде се вели дека токму господата челници од ВМРО-ДПМНЕ ги разубедувале нашите иселеници дека не треба да се собираат, дека не треба да се собира никаква помош за Македонија, бидејќи лековите се испраќаат односно таа помош се испраќа во Србија или ја јадат комунистите во Македонија. Дали е потребен коментар на овие факти?

И последно, четврто, да ви кажам, знаете зошто е погрешна политиката на господинот Киро Глигоров, затоа што таа не е политика по порачка од надвор или на нечии желби и диктати од сомнително потекло. Туку, се работи за една единствена можна во овие актуелни политички и економски услови, политика на опстанок на Македонците и на Македонија. Може да се случи да се одржи и седница по порачка, како што е можеби и оваа, но политика никако.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе господине претседател на Република Македонија, дами и господа пратеници, господа членови на Владата на

Република Македонија. Мене ми е жал што една дебата, замислена за разгледување на активностите околу зачленување на Република Македонија во ООН поприма, поточно поприми тек со кој државните интерси на Македонија тешко дека ќе можат да бидат унапредени. Јас, политичката одговорност за таквиот тек лично ја лоцирам во формираното, во обликуваното мнозинство во овој парламент.

Исто така, мислам дека крајно време е да се напушти партискиот маркетинг. Тоа беше моја темелна заложба многу одамна. Чинам дека тоа беше една расправа околу декларацијата или конвенцијата за заштита на правата на децата, но сведок сум на бескрупулозно надметнување пред се од литерите на СДС, порано СКМ ПДП и со индигнација морам да ги отфрлам обвинувањата на координаторот на парламентарната група на СДС кои можевме сега да ги чуеме, инаку во добар дел онака изведени од воздух.

Јас се решив да барам збор најмногу затоа што бев иритиран, ќе потенцирам пак од текот на седницата. Седницата не само што трае долго туку и не носи ефекти. Деловните луѓе практикуваат однапред да знаат каква е нивната цел или цена што сакаат да ја постигнат и потоа донесуваат одлука каде и за колку можат да попуштат или за колку да отстапат.

Овде ние имаме и за оваа седница свикана по барање на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ повторно големо потфрлување во подготовката на -седницата. Ќе наведам само два моменти тука: Едниот е тоа што Владата си допушта за ваква расправа да не назначи кој е повереник или претставник на Владата, а нема да навлегувам многу во самата содржина на дадената информација која е пред се фактографија и како факти или набележани случки не може да биде спорна. Јас очекував стратегија, очекував можни расплети, очекував сознанија да добијам од таа информации, но сето тоа е далеку под моето очекување.

IX/5.-

Друг момент за да сметам дека седницата не беше доволно подготвена е тој што повторно се одбегнати контакти со парламентарната група на ВМРО ДПМНЕ и незнам поради која причина, иако таа е иницијатор за оваа седница.

Како известител на Комисијата нешто сакам и околу тоа да кажам некој збор за да не биде дека два пати барам збор, па вие разлучете што е од Комисијата а што е мој личен приод. Сега ќе зборувам за Комисијата.

Понудената информација на Комисијата не ја прифативме. Јас бев тој кј можеше да реши и да се отфрли, но мислев дека таквиот приод не може да биде продуктивен. Мое гледиште е дека оваа информација едноставно не е валидна за употреба или за потребите на парламентот, кажав веќе поради својот фактографски карактерот.

Комисијата за надворешно - политички прашања е донекаде виновник, може би, за ваквиот тек на расправата, донекаде и деловникот, а донекаде и самата политичка култура во Република Македонија каде што се, еве трета година од плурализмот е, а не се изработува- ат листи на говорници, нема претходно усогласување на гледиштата, на приодите на различните политички структури итн.

Во самата Комисија ние, како и на многу други места во парламентарната власт често пати се соочуваме со проблемот околу обезбедување кворум. Тоа е, според мене, едно темелно прашање. Сега нема да барам детален извештај кој колку недостигна на седница но ќе ви кажам дека добар дел од членовите може да биде, по сила на постојните одредби од Деловникот, отповикан од членство поради неприсутност.

Друго прашање поврзано и со надворешната политика и активностите на Комисијата, овој парламент посебно од нова година наваму или малку пред тоа, бележи разгранета, ако не толку, но сепак

една поголема активност со надворешни лица, а тоа се пред се, парламентарни делегации. Ние, иако надлежни во хиерархијата, тука во Собранието не сме доволно ценети и удостоени. Ќе ја искористам претстојната посета на претседателот на Република Турција, наш традиционален пријател, господинот Тургут Озал и ќе ви кажам дека Комисијата иако има во составот на президентската делегација од Турција 5 мина пратеници и тоа сите се во извршниот одбор на формираната делегација при парламентот, поточно при големото народно, незнам точно кој назив беше, мислам, МЕЗУС-от, тоа се лица задолжени исклучиво за Република Македонија, ние како Комисија стоиме на страна и од нив. Јас ја имам таа чест и задоволство да се видам утре со нив. Останатите немаат. Можат како претставници на своите парламентарни групи. И, тука е исто така оносот или поточно инертноста на нашиот парламент што ние неформираме постојани делегација за другите парламенти.

Имавме посета од бугарскиот парламент и тие кажаа дека имаат таква група за соработка со парламентот на Република Македонија. А, ние, досега, нашиот парламент не одговори и исто така не образувавме таква делегација. Сметам дека и тоа е еден недостаток.

Чувме заложби за проширување на составот на Комисијата. Лично стојам зад тоа и со месеци station наназад укажувам на тоа. Не би имал ништо да додадам.

Исто така, овака бегло околу понудените заклучоци и Декларацијата.

Заклучоците на госпога Ратка Димитрова не беа разгле-увани на Комисијата и според тоа не можам да кажам гледиште на Комисијата.

IX/7.-

Заклучоците на господинот Славе Наумовски не добија мнозинство затоа што во нив пред се се зборува за прифаќање, за поддршка на оваа информација која има фактографски карактер, а фактички нема тука што да се прифаќа или не, јасно е дека посета се случила тогаш и тогаш и тоа е готово.

Толку би било моето настапување во функција на претставник на Комисијата и не сакам ниту да иритирам, меѓутоа може некој ќе се чувствува повикан, нека повели.

Околу надворешната политика. Ретко ни се случува нам, трета година е, може би е ова втора расправа од овој карактер и та тема ние да ја експлоатираме. Сепак мислам дека неоправдано долго и секогаш истото. Инверзија. Целосна. Разговараме за надворешната политика и секој гледа да раскаже колку дома не чини работата. Дека огледало на надворешната политика е внатрешната. Тоа и онака ни е познато. Тоа е наша должност. Ние не можеме постојано да лансираме во таа насока. Во ниту еден парламент кога се рас- права за надворешната политика не се вртат на назад па гледаат каква ни е државата во нас. Постојните недостатоци, постојните дефекти се, но сепак тоа е и една платформа, посебно кај либералната партија. Кај нас е битно внатрешната политика, а надворешната само по себе си оди.

Јас но е дека онаа политика што се води на надворешен план се темели на принципи. Тоа господинот Гошев мислам сосема фино го прикажа. Само што јас не бендисувам во тоа што не се ба- раат резерви. Имено, ние немаме активен приод кон Балканот, кон нашето опкружување. Ние заземаме, по мое видување, поза на исчекување а не сме желни да се наметнеме кај соседите, пред се. Не мислам тука на оние што буквално сакаат да не не видат, туку кај останатите.

**ЈОРДАН БОШКОВ**: (продолжение)

Обезбедувањето на македонскиот суверенитет до некаде е издигнато на повисоко ниво. До некаде само. Добиени се извесни гаранции, и од Соединетите Американски Држави и од ЕЗ а и пред се тоа што Русија ја призна Македонија. И понатаму мислам дека покрај сите темелни принципи во водењето на надворешната политика секој субјект си ги бара своите традиционални пријатели. Има тука и стари, има и нови пријателства. Јас не би можел поинаку да ја толкувам таа околност, тоа пријателство што иако членки на ЕЗ две држави отворија конзулати во РМ а нашата дипломатија токму таму не е активна, или е недоволно активна. Тие две држави не се стеснуваат да го користат нашето име и не нудат никакви иницијативи за додавки, придавки или целосни измени.

Нашата надворешна политика треба на глобален план се бележи, како што реков пред малку, со тоа што се поставува во полза на исчекување . Тоа беше добиениот мандат на ЕЗ преку ЌЕБС од ОН, но ОН тоа е пошироко семејство. Има членства, има организациони структури како на пример здравствената организација, или УНИЦЕВ, УНЕСКО, има своеврсна нуклеарна агенција каде што не се припишува неминовно членство во ОН. Можеби да побаравме во таквите меѓународни, поточно помали асоцијации членство и таму немаше да успееме, но редно беше да се направи анимација. Редно беше да се покаже желба, да се покаже присутност.

Тоа изостана. Исто така имам забелешки во општењето на Владата или во министерството со тукашната јавност а во тие рамки и со Парламентот. Мислам дека тие канали, тие релации се сосема во рудиментарна форма т.е. не се ни развиени. Она што на запад се нарекува глобално фабриќенрелешн, со односи кон јавноста тоа тука скоро и да недостасува. Политички одговорната Влада најде за сходно

да не постави ни министер за информации, па и за портпарол барем јас не можам да се присетам дека има. Јасно е едно. Неповолниот расплет сега и пред светската организација за нас претставува пред се напад врз самобитноста на македонскиот народ. Тоа претставува атак врз државните интереси на РМ. Во тие напори, далеку биле да се остварат има и поинакви конотации. Јас не чув нешто слично па ќе ми дозволите да се произнесам и околу тоа.

Имено, по мое видување заради една бесплодна политика на ЕЗ, а инаку добиен е мандат за да ја води, да ја реши ситуацијата на овие простори сега се бараат отстапници за повеќе лидери, вклучувајќи ја и политичката гарнитура во Република Грција.

Мое лично гледиште, мој приод е дека алтернативата на постојната власт во Грција е полоша од онаа што е инаку кон РМ се покажа со доволна мерка на анимозитет. Но тоа е така, социјалистичко наследство со еден историјата на диктатура било која демократска Влада тешко може да понуди приоди кои би биле издржени и би биле во согласност посебно со овој период по завршувањето на студената вој на.

Слично се бара отстапница и за комплетната ЕЗ, и таа да не го изгуби образот затоа што не успеала едно јасно прашање, една јасно изразена војна на народ, во случајот на македонскиот, да го пресиведе праведно, во согласност со принципите до завршеток т.е. да се признае постоењето и да се признае суверенитетот. Затоа ние сега мораме да бараме пошироки гаранции и за нашата безбедност и за нашиот мир. Јас сметам дека ова балканско поднебје подрачје, без вклучување во колективните механизми за безбедност, посебно во структурите на НАТО на северно атлантската алијанса нема да може да биде запазено од длабоки потреси кои би резултирале не само со економска пустош, можно е и со демографска.

Би сакал да ви кажам и неколку нешта илустративно за она како овдешните субјекти сепак водат традициозна политика. Мене ми е навистина жал, но на некои настапи не можам да останам индиферентен. Пред се тука мислам на споменатиот приод кон референдумот. Ние сме тие што го распишавме со познатата формулација. Тој е распишан на сосема конкретна дата, јас како толку совесен наоредн пратеник дури и не памтам на кој ден беше седницата на Парламентот, знам дека само беше полноќ кога акоамативно беше прифатено, или едногласно. Референдумот требаше да се случи по 6 недели, а во тој меѓупростор временски анимација скоро нула. Единствено се зборува за некаков проглас за бунт, проглас пуштен по телефакс бес соодветен параф, или со фалсификат или икс пати тоа е отфрлено, но еве и на оваа расправа моравме да си го чуеме тоа. Јас сакам да ви обрнам внимание на тоа што се направи и кој ги потегна активностите околу анимирање на Собранието. Јано е, најголеми протагонисти беа претседателот на Републиката и претседателот на Парламентот, барем јас како што ги следев настаните. И претседателот на ВМРО-ДПМНЕ исто така беше активен но не го доби тој публицитет<. Јас само памтам еден детаљ дека беа потребни лични напори од пратеници на ВМРО-ДПМНЕ за да се изготват воопшто плакати, афиши и тие да бидат делени или лепени низ Републиката. Тоа би било она што јас сакам да ви го соопштам вас, ако не го добиев овој број, иако не е најнов "Балкански воен репорд',' англиска јазична публикација.

Тука сосема фино стои кој како сепак си тера партиски борби. Од оние што имаат граѓанска ориентација, за мене таа останува и натаму под знак наводници, се дефамира партијата ВМРО-ДПМНЕ и тоа на ист

или на сличен начин како тоа беше работено во пред- изборниот период и после изборниот, што конечно резултираше со еден глобален рапорт за тероризам базиран, од американскиот стејт департмент, на публикации во медиите. Тука авторот Владими Милчин инаку член на раководството на СДС, јас како што знам и еден од активистите во денешната македонска политика ја дефамира партијата ВМРО-ДПМНЕ најпрвин што воопшто не го спомнува името , туку вели внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО). Значи нема важност и по 2 и по 3 години дека тоа не е фактичкото име на таа партија. Тоа нема никакво значение. Ова се публикува, ова се нуди по белиот свет. Дека називот на партијата гласи ВМРО без екстрапулација - демократска партија за македонско национално единство. Тоа не е битно. Битно е дека на светот му презентираме идеи за бунтови , за терористички акции, за колежи итн. Па до- некаде се сака да се омаловажи и реалната улога на историското ВМРО, Велам дека не можам да бидам неутрален кон ваквите појави а и тоа е дел од нашата надворешно политичка активност. Овие нешта што ги чув од претседателот на партијата, господинот Љупчо Георгиев- ски во врска со активностите на претставникот на РМ во Њујорк мене едноставно ме пренаразија. Јас немам текст. Тоа да се покаже дека е верно, незнам, овде за жал веројатно и тоа ќе биде уврстено во слободата за говор.

Исто така морам да ви кажам дека вака долги дебати не се корисни. Повторно имавме и таква случка да се иритираат исламизираните македонци. На теренот има одредено политичко прегрупирање, има политички активности од конкретни партии кои иницираат разновидни ориентации на локалното население со муслиманска вероисповест. Интервенцијата јас барем така би ја сфатил на координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беше во

насока да се укаже на тоа дека на тој терен таму каде што живеат, дали е тоа горна Жупа, долна Жупа, реонот на Македонски Брот, Пласница дека таму има активисти на други партии кои по секоја цена сакаат да дојде до неслога меѓу исламизираните македонци.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Дами и господа, веќе пет дена слушајќи ја оваа тема јас ја нареков активности на власта за прием на РМ во ОН. Оваа власт која се наоѓа денес на чело на Републиката е работа на минатото и како таква не може да ја конституира државата во сите елементи вклучувајќи го и решението со името и по мое длабоко уверување нема да го стори ни во иднина. Еве зошто тоа го велам.

Ова го кажувам со донесувањето на системските закони јас во моите пригоди каде ќе се сретнам со луѓето ми велат зошто така Парламентот слабо работи. Јас одговарам еве на пример не можеме да го донесеме законот за лично име. Како ќе го наречеме Мохамед Халили со која буква ќе го напишеме, или која буква ќе ^ја исфрлиме за да се напише оригинал. Верувајте дека две години просто се мачи овој парламент. Затоа дами и господа тоа што се прави со името се поставува како енигма, нерешен проблем . Претпоставувам дека е игра која веќе не доведе до економска исцрпениот која условува зависност од други и на тој начин однатре го загрозува суверенитетот суверености на државата која за прв пат се појавува како самостоен меѓународен субјект на историска сцена.

Со одолговлеувањето на приемот на РМ во ОН и признавањето на истата си ги затвораме вистинските перспективи за развој на земјата што ќе услови пак да бидеме нечии кираџии. Веројатно тоа го сакаме бидејќи на ова поле работи само еден ум, или умови диригирани од еден ум, па се поставува прашањето зошто на ова поле не ја ангажираме МАНУ и

Универзитетот. Решението Бивша југословенска Република Македонија не држи. Тоа е во рамките на решенијата за војната во Босна и Херцеговина односно на поранешните југословенски простори во кое име не учествуваме и треба да го одбиеме- Ние сме посебна држава и решението на приемот во ОН и меѓународното признавање треба да си го најдеме сами. Се чини дека власта од се ова што се случува не сака да изнајде прав пат на признавање на Републиката и приемот во ОН. Пат што го изнајде Република Словенија и Република Хрватска зад кои држави застана Германија. Значи нашите власти не биле упорни, не сакале да изберат една од силите да застане позади нас. Ова што ни се сервира сега, со оглед дека намерата на власта е јасна требаше да го направи многу побрзо, а не да чека да го доведе населението до работ на гола егзистенција за да во ефтонален референдум прифати било какво име.

Дами и господа ова го зборувам затоа што ова трае многу долго и кај поголем дел од населението создава чувство дека веќе не е потребно никакво признавање и никаков прием во ОН. На енигмата треба да и се стави крај. Бидејќи тоа е во интерес на нашиот народ на луѓето треба да им се каже вистината. Затоа прашувам јавно, ги прашувам претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров и министерот за надворешни работи господинот Денко Малевски дали имаат дадено согласност за прием на РМ во ОН под името Бивша југословенска Република Македонија. Оттука основано се поставува прашањето ако ОН не примаат како членка под името Бивша југословенска РМ, Бивша Република Југославија Македонија, што после ќе превземе власта? Значи ли тоа дека ќе измениме се што усвоивме и донесовме до сега. Последните вести добиени од средствата за јавно информирање укажуваат дека премиерот на Грција господин Мицотакис готов е на

отстапки. Па се поставува прашање дали ние ги сакаме тие отстапки и искрено или сме за тоа што се понуди во информацијата на министерот за надворешни работи г-дин Денко Малевски.

И кога сум веќе тука задоволен ќе бев ако еден од пратениците покрај критиките за другите и самиот не се вклучеше во меѓународната лицитација за промена на името на РМ. И самиот не кажа дека за него е прифатливо северна Македонија. Паѓа во вода неговата желба за непроменливост на името. Значи спремност постои само е прашаше на пазарот. Јас не сакам да ја споделам одговорноста за еден таков чин. Останува таа да биде само негова и лично негова.

XI/1 рд/см

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

После толку зборови со огромна тежина искажани во овие денови искажани од оваа говорница и јас почувствував потреба да кажам неколку збора, токму заради тоа што еднаш министерот за надворешни работи со странство господинот Денко Малески кажа дека ние треба да си одиме дома и за божиќните празници и за празниците кои што доаѓаат и со чиста совест да им погледнеме на децата во очи. Јас ја познавам неговата ќерка, тоа е едно прекрасно суштество со прекрасни очи, што навистина треба чист да застанеш пред неа, но сепак јас пред моите дечиња треба да излезам исто така. Овде господинот Ештреф Алиу, уште на почетокот на седницата, кога се зборуваше,дали ќе биде јавна или тајна, направи една лоша споредба со мајсторот, архитектот и со пиљарот. Би сакала да почнам прво со една реченица која што ја искажа министерот за односи со странство дека имено, потребна е лојална позиција која ќе ги стави на страна партиските позиции и ќе помогне на власта да се стаса до заедничката цел, а тоа е приемот во обединетите нации и за меѓународно признавање, бидејќи јас не ќе членував во ниедна партија, ако таа партија во која што членувам не беше определена само за интересите~на Македонија и ако таа политичка партија има други интереси, јас ќе излезам од таа политичка партија, бидејќи сметам дека ни опозицијата ни било која овде немаат други интереси, освен Република Македонија признаена под тоа име во ОН, сметам дека ова не беше потребно и ова предизвика и натаму други дискусии. Лично од свое име кажувам дека јас сум така ориентирана.

Во однос на тоа што господинот Алиу со неговата изјава кажа, сакам да кажам некои свои видувања. Како тој во погрешен контекст ја употреби оваа симболика, мене ми асоцираше на друго. Во глобална смисла архитектот веќе го проектирал светскиот храм, а големиот мајстор ја води изградбата на овој храм. Во периодот од неколку години што остана зад нас, големиот проект доживува своја пренамена и на планот се направени измени и дополнувања. Према новата измена големиот мајстор ја почнува преправката во изведбата А бидејќи нашата држава не е пресудна за стабилноста на објектот, туку има улога за составен дел, таа и не беше прашана за мислење околу проектот. При изведбата на секој објект се јавуваат непредвидени работи, кои не го менуваат целокупниот склоп на објектот, туку делуваат на составните елементи. Токму овде требаше нашата дипломатија да делува и да го користи нормалниот недостаток на проектот. И стравот на луѓето кои овде настапуваат како опозиција е тој дека бетонот е веќе стврднат и дека овде вечно ќе се случува грижа на одговорност која со години се наметнува. Во контекст на ова би сакала да кажам дека она што господинот Ханџиски го кажа со предавниците, и кој се согласи за промена на името веќе не е битно Утре за нашите деца нема да биде битно кој е предавник, туку дали ќе имаме држава или не. Затоа да не се повтори ова чувство дека ние еднаш сме биле предавници, сметам дека сите треба заеднички да излеземе и јас мислам дека до такво едно решение ќе дојдеме до заклучок дека ние нема да се согласиме за името бивша југословенска Република Македонија.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано Претседателство почитувани пратеници, почитуван господине претседателе. Овде зборуваме веќе неколку дена околу активностите на Република Македонија во процесот на меѓународното

признавање. би требало кога веќе толку опширно расправаме за оваа тема секој да постави прашаше за себеси што во овој период направил, затоа што мислам дека на сите треба да ни биде јасно дека во ваков процес, кога една држава се бори за својата позиција во светот, никој не може да остане на страна и никој не може да остане неактивен, никој не може да ја одбегне својата улога во афирмирањето на државата, а посебно никој не може да го попречува тој процес. И тука покрај државата, покрај интелектуалците, уметниците, асоцијации не партиски, огромна улога треба да одиграат и одиграа и политичките партии. Јас за оваа улога би сакал да ви кажам неколку збора за да се разјасне што и како и кој и колку направил и колку и натаму треба да направи во тој процес. Во светот постојат три големи политички асоцијации. Асоцијации на политички партии. Една е либералната група на центарот (реакции од место).

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не сакам да прави политички маркетинг.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Не е ова никаков политички маркетинг, туку изнесување на причините за ова што го имавме во последнава година. Постојат три големи политички групации во светот. Групација на Десницата, групација на Либералната интернационала и групација на Левицата, Социјалистичката интернационала. Господа овде ние седевме мирно 5 дена и слушавме лаги, а сега кога дојде моментот да чуете вистина, не можете да издржите, затоа што боли, господа. (реакции од место). Овде се изнесоа такви лаги, такви клевети, а и лагите и клеветите болат, меѓутоа луѓе овде тие лаги и клевети ги поднесоа. Меѓутоа, сите ние знаеме дека вистината многу повеќе боли отколку лагите. (реакции од место). Затоа протестирате господо.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

(Станува и оди кон говорницата).

Ве молам да го прекинете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седнете си вие таму. Немате право да се заканувате на луѓето. Продолжете господине Црвенковски.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

И ова е можеби одлична демонстрација на чувството за демократија на некои овде. Клучно прашање за позицијата на Македонија и за нејзините шанси до крај да го заврши процесот на меѓународното признавање е точно односот на овие три политички групации кон Македонија. Без односот на тие три политички групации, без тоа барем две од тие три, а би требало и трите, ако не се убедат тешко ќе може да се заврши целиот процес господа. Што е до сега направено? Либералната интернационала држеше конгрес во јуни месец во Копенхаген. На тој конгрес донесе Резолуција со која се бара итно признавање на Република Македонија под тоа име. Тоа беше 5 дена после Лисабонската декларација. Социјалистичката интернационала пред 4-5 дена одржа конгрес во сред Атина и донесе став, резолуција на страна на Република Македонија. Третата групација, групација на десните партии до овој момент не се изјаснила. Се поставува прашањето кој од оваа Република успеал да воспостави контакти со политички партнери надвор и кој успеал да ги убеди тие свои политички партии во исправноста на нашата позиција. Овде беше пред три дена од еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ обвинета Владата, дека странските дипломати, странските политичари кои доаѓаат во оваа Република ги попречува, им советува да не контактираат со ВМРО-ДПМНЕ. Господо,

секоја влада која на било кој странски политичар или дипломата му рекол дека не треба да се сретне со опозицијата, би била веднаш јавно жигосана од цел свет. Според тоа, тоа обвинение не е вистина. Меѓутоа, вистина е дека тие одбегнуваат да контактираат со таа партија. За тоа треба тие самите да размислат зошто е така. Активностите околу меѓународното признавање на Македонија во голема мера зависеа, не само од активноста на Владата, не само од активноста на раководството, туку и од активноста на други политички субјекти. Еден од најтешките моменти во оваа битка беше Лисабонската декларација. Овде се постави прашањето, но не се доби одговор како дојде и зошто дојде до таа Лисабонска декларација, во која 12 држави рекоа дека Република Македонија треба да го смени името со име кое нема да го содржи зборот Македонија. Како дојде до тоа така да гласаат господо? Во периодот пред Лисабонската декларација голем број емисари шетаа по Европа и ширеа се возможни лаги за Македонија и ги нудеа своите услуги на сите странски сили. А задача беше во тој период на Австрија да ја испита можноста, некако да се задоволат грчките ставови и Европската заедница да излезе од тој ќорсокак. Во тој период беа и челниците на ВМРО-ДПМНЕ во Австрија. После таа средба стигна од Австрија предлог со две романтични имиња: "Централна балканска Република" или "Република на реката Вардар". Дали е за тоа разговарано таму не знаеме. Меѓутоа, знаеме дека тие таму не успеале во својата дипломатска мисија да му објаснат на господинот Мок која е нашата позиција и што може и што може и што не може да предложи. Меѓутоа, исто така е факт дека два дена после нивниот претстој во Виена претстојуваше господинот Мидотаккс кој на Виенската телевизија рече дека проблемот со Македонија е тврдиот став на претседателот Глигоров, кој не сака да попушти со името. Меѓутоа, сигурни сме и имаме информации дека постојат многу политички сили во Македонија други кои

ако падне претседателот Глигоров се спремни веднаш на разни варијанти на други имиња. Тие аргументи господо доведоа до Лисабонската декларација. Во тој период господо на пр. е и еве ја изјавата на господинот Анте Поповски кој изјавува:"Македонската дипломатија покажа ригидност во своите ставови, неа и беа понудени одредени платформи, беа споменувани зборовите "Словенска Македонија","Северна Македонија", ригидноста е манифестирана и во однос на терминот Бивша Југословенска Република Македонија. И за таа дипломатска врата требаше да се разговара, а не тврдо да не се прифаќа никаков разговор". Ова се изјави од времето на Лисабонската декларација. Вака стекна впечаток Европа, дека само претседателот Глигоров е тој што не попушта, а има политички сили во Македонија кои би попуштиле. Останува да погледаме теза по теза како, со кои аргументи Република Грција се обидуваше да го попречи признавањето на Република Македонија.

Првата теза беше дека не постои македонска нација. Дали е случајно што од некои челници на ВМРО-ДПМНЕ во тој период, во сред Софија на прашањето за постоење на македонска нација, добивме одговор дека за тоа треба научниците да решаваат. Дали е случајно што слушавме изјави за македонци - грци, за македонци - бугари, за македонци - срби. Дали е тоа случајно совпаѓак>е со грчката теза.

Втора грчка теза против признавањето на Македонија беше дека Македонија има територијални претензии. Дали е случајно што секаде по светот грците оваа своја теза ја илустрираа со изјавите за држење на некаков конгрес во Солун и со партиските плакати на ВМРО-ДПМНЕ.

XI/7

Трета грчка теза господо беше дека Македонија не треба да биде признаена, затоа што таму има комунистичка власт. Дали е случајно што заправо челниците на ВМРО-ДПМНЕ шетаа по светот да агитираат дека Македонија не може да биде признаена, додека има комунистичка власт.

Четврта теза на грчката дипломатија беше дека во Република Македонија нема демократија. Дали е случајно што таа истата теза секаде каде што одеа ја пласираа челниците на истата оваа партија.

Петта теза на грчката дипломатија е кога сите овие промашија беше дека Република Македонија го крши ембаргото према Србија. Овде господо од говорницата на овој Парламент и дали е тоа случајно, пратеници од ВМРО-ДПМНЕ веднаш потрчаа да ја потврдат таа грчка теза.

Шеста теза и најподлата клевета на која цел свет се смееше господо беше тезата дека претседателот Глигоров шверцува дрога и организира шверц на дрога. И на таа шеста теза господо овде на истата оваа говорница во овој Парламент дали случајно пратеници од ВМРО-ДПМНЕ излегоа да ја поткрепат таа најсрамна теза на грчката пропаганда.

Седма теза, со која грчката пропаганда се обиде да ја спречи меѓународната активност (реакции од местсо), знам дека боли господо, седма теза со која Грција се обиде да го попречи меѓународното признавање на Македонија, беше дека на Македонија не и прети никаква опасност од соседите, не е територијално загрозена и покрена Грција во тој момент дипломатска иницијатива сите соседни земји да потпишат декларација дека имаат претензии и не ја загрозуваат Република Македонија. Во тој период за да се поткрепи таа теза беше одржана

средбата со господинот Парошки. Со човекот кој цела своја политичка кариера ја градеше на негирање на Македонската држава, на негирање на Македонската нација и на тврдењето дека оваа е Јужна Србија. Таа средба беше организирана за да се покаже дека на Македонија ни од Север не и се заканува никаква опасност, точно како што тврдат Грците, и дека има во Македонија луѓе кој веднаш можат да најдат заеднички јазик и да се разберат и со најекстремните таму. А во исто време господо, дали случајно овде се бараше рас- права зошто е одржана средба Глигоров - Паниќ.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ**: (продолжение)

Што е во таа средба што сметаше, а што е што не сметаше на средбата со Парошки. Тоа г-до што Паниќ беше единствен политичар од тој наш северен сосед што беше веднаш подготвен да ја признае Македонија. Тоа сакавте да го оневозможите господо. (реакција од место)

Осма грчка теза е кога во се ова промашија беше повод за Македонија нема никаква опасност од војна, таму е се во ред, зошто да брзаме со признавањето, нема потреба да се брза. Значи, пропаднаа сите грчки тези и сега се бараше одлагање,зошто,нема потреба од брзање, нема опасност од војна во Македонија. Дали случајно, токму тогаш од оваа говорница се велеше дека ние го плашиме народот со "бабароги", дека ова раководство го заплашува народот со војна и дека сме успеале да го излажеме цел свет, сите светски јавни гласила и г-динот Бутрос Гали и Светските сили нашата пропаганда ги излажа дека овде се заканува опасност од војна. Нема никаква опасност тоа се "бабароги", г-динот Мицот'ажик:о е во право. Тоа беше тезата која од овде пратениците на ВМРО ја застапуваа, господо.

Почитувани пратеници, се поставува прашање од каде е ова совпаѓање на една партија во Македонскиот парламент со грчките тези. Дали тука има некоја тајна врска. Господо, би можело да постои сомневање дека има тајна врска, дека причините се тајни, да не бае причините пред некој ден од оваа говорница пред камерите на Македонската телевизија јавно кажани. Овде беше јавно кажано зошто една партија ги помага сите грчки тези за да се попречи признавањето на РМ.

Беше кажано овде од пратеник на таа партија дека не смее да се дозволи некоја друга партија да го избори признавањето на Македонија. Гпосподо, судбината на една држава, судбината на еден народ,

вековниот сон на еден народ се доведува во прашање, се пропагира против негово признавање само заради тоа да некоја партија го изведе тоа признавање, не некоја друга. Дали може да се носи таква историска одговорност за можните последици по воаа нација, господо.

Пред неколку дена, господо, откога сите овие тези, ги наборјав 8, на грчката дипломатија и грчката пропаданда паднаа во вода, г-дин Мицотакис даде изјава дека ова е триумф на грчката дипломатија. Таа негова изјава дека ова сега било триумф на грчката дипломатија беше пречекан со смеа во неговата земја, во целиот свет, никој жив не му поверува освен челниците на ВМРО-ДПМНЕ кои овде исто тврдеа дека е ова триумф на г-дин Мицотакис.

Господин Мицотакис следниот ден даде изјава дека мораме да се соочиме со суровата реалност дека Република Македонија ќе беше досега признаена затоа што ги исполнува сите услови, да не беше попречувањето од страна на Грција. Значи самиот г-динот Мицотакис со таа изјава се откажа од сите овие осум тези напред, ги напушти затоа што му пропаднаа, меѓутоа ВМРО-ДПМНЕ не ги напушта, сеуште тврди дека овде не може да биде признаена Македонија заради комунистичката власт или заради немање демократија или заради некоја другите горе наведени тези, се заради тоа да се види која партија ќе го донесува признавањето. Се заради тоа да се коцка со судбината на еден народ во клучниот момент.

Што имаме сега? Последната можност грчката дипломатија да се фати за нешто за да го попречи признавањето е да покаже дека во Македонија нема спремност за разговор, дека во Македонија се водат полемики, дека во Македонија нема мандат за преговори.

Дали мислите господа пратеници дека е случајно што за поткрепа на оваа теза беше барана оваа седница и беше баран став на Владата по документ кој не е официјално добиен. Дали мислите тоа дека е случајно? Меѓутоа, да погледнеме што во овие последни недела дена се случува во Грција и што се случува во Македонија. После изјавата на г-дин Мицотакис дека е ова триумф на неговата дипломатија целиот грчки пеат, сите политички сили во Грција излегоа со изјави дека на грчкиот народ му се заканува понижување, дека ова е пораз на грчката дипломатија, се бара оставка на г-дин Мицотакис. Цела Грција, сите политички сили ја напаѓаат неговата политика, господо. Го напаѓаат неговото водење на дипломатијата и на надворешната политика.

Што се случува во истите овие денови овде господо? Овде се бара оставка од претседателот Глигоров, се бара оставка од министерот Малевски, се тврди дека неуспешно е водена дипломатијата, дека неуспешно е водена надворешната политика и дека се заканува пораз на таа надворешна политика. Господо, почитувани пратеници, овде нешто нема логика. Не можат ни едните ни другите да бидат во право. Не може ни едните ни другите да се во право тврдејќи дека Мицотакис водел неуспешна политика и Глигоров водел неуспешна поли- тика. Едната од двете страни очигледно зборуваат невистина господо. Кој ја водел успешно политиката, а кој не.

Што постигна господинот Мицотакис? Ја имаше зад себе Лисабонската декларација поддржана од 12 најјаки сили, мораше да се откаже од неа. Мораше да се откаже од сите свои осум тези и мораше да каже тоа што овде се обидувате да кажете дека не е вистина дека Македонија ги исполнува сите услови за меѓународно признавање освен пречките што ги прави Грција. Тоа се зборови на грчкиот премиер господо. Тој ги потврди нашите ставови и успешноста на нашата

политика. Поголема потврда за таа успешност не би требало да има.

Меѓутоа, да се запрашаме. Овде сме пет дена сведоци на клевети, навреди, плукања по носителите на надворешната политика во Македонија, навреди на претседателот Глигоров, навреди и клевети на министерот Малески. Такви клевети господо никој во светот за претседателот Глигоров не изрекол освен г-динот Мицотакис и пратениците на ВМРО. Сите други освен вие господо со најголемо почитување зборуваат за неговата личност. Единствено Мицотакис се обидуваше со клевети, но ги напушти. Вие сте последни носители на клеветите.

Но, зошто со клевети и со навреди господо. Затоа господо што, да не беше успешна таа политика ќе беа доволни аргументите, немаше да бидат потребни клевети, навреди и лаги. За неуспешна политика аргументи се доволни. Штом некој се одлучува да употреби лага, клевета, навреда тоа е јасен знак за секој човек што размислува дека сака да докаже невистина.

Господо, овде се отиде дури до таа мера да се предизвика, после клеветите што беа од еден пратеник изречени против министерот Малески и тежок инцидент,. исто од пратеник спрема министерот Малески надвор во темницата на улицата до Парламентот. Инцидент што ниедна држава која сака да задржи достоинство, која што сака да задржи владеење на правото не смее да си го дозволи. Но, меѓутоа, гледам господо дека навистина премногу ве боли да чуете вистина, па затоа го привршувам ова излагање.

Господо, во светот постојат неколку илјади народи. Секој од тие народи има свој јазик, своја традиција, своја култура, свое име. Меѓутоа постојат само некаде околу 190 држави, затоа што да се создаде држава треба внимателно да се води секој чекор, да се внимава на секој потез,

XII/5.-

да се има политичка мудрост и визија и да не се погреши ни во еден момент. Од тие 180 односно 190 држави господо само неколку и од тие неколку илјади народи имаат остварено независност без војна, без да се пролее крв, само неколку држави во целата историја на оваа планета. Имињата на тие држави господо во цел и изговараат со почит. Една таква држава е Норвешка.

Досегашните резултати, вие баравте резултати, на оваа политика господо се стекната независност без војна и без крв. Една од малкуте држави во историјата на човештвото, една од малкуте политики која довела до ваков резултат. Ако овој резултат ви е малку господа изнесете ги своите аргументи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Димовска сака процедурално да интервенира.

**ДОСТА ДИМОВСКА**

Ми се чини дека ова е една од мноштвото манипулации што се прават во Македонскиот парламент, да му се дозволи на претставник на Владата кој е секретар на Либералната партија да настапи чисто партиски и како потпретседател на Македонската Влада да си дозволи да се обрати на една партија и да ги упати своите забелешки на таа партија. До сега од своите настапи г-динот Стево Црвенковски во Македонскиот парламент чисто партиски настапил. Како потпретседател на Владата ниту едно решение не понудил на Македонскиот народ за ситуацијата во која се наоѓа за кражбата на капиталот и за економскиот колапс.

Што се однесува до забелешките на активностите на ВМРО ДПМНЕ изречен голем број инсинуации на лаги без било какви аргументи. Како одговорен човек за Министерството на полиција следниот чекор кој го очекувам од него е да почне со апсења на претставниците на опозицијата. И евентуално како добар болшевит кој многу добро го знае Ленин покажа тука еден чисто болшевички

менталитет со отфрлање на секоја критика, со прифаќање на сите добронамерни предлози. Излезе, според неговата дискусија во Македонија дека е толку добро што само цеќенца треба да паѓаат од небото, толку е убаво во Македонија која што е оаза на мирот заедно со УНПРОФОР да треба да очекуваме да дојдат американците да фрлаат долари од авион и ние да живееме во рајот на чело со претседателот Глигоров кој што ни овозможи на сите многу убаво да живееме: Таква слика за општеството создаваше комунизмот. Мислам поголем комунист овде, нема во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи г-динот Црвенковски го спомнав бара реплика.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ.**

Сега добив потврда на она што го зборував претходно. Тогаш кога се немаат аргументи се лепат етикети: болшевиќ, ваков - онаков, само тогаш кога се нема аргументи. Инаку кога се има аргументи, тогаш не се лепат етикети, се изнесуваат аргументите. Таа етикета што ни ја залепивте госпоѓо бивша професорке по Марксизам госпоѓице се извинувам, само мене не може да ми ја залепите, бидејќи никогаш не сум бил тоа што сте биле вие.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Господинот Стево Црвенковски немаше потреба да добие вработување, да биде член на Комунистичката партија, бидејќи знаеме дека неговиот татко беше долгогодишен функционер и за подарок општо познато е во Скопје Црвенковски Стево добиваше Мерцедеси од комунистичкиот режим. ( смеа во салата).

XII/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Црвенковски бара реплика.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ;**

Почитувани пратеници, премногу е сериозна ситуацијата за да завлегуваме во реплики, да завлегуваме во забавување во народот. Меѓутоа, овде се случи нешто што мора да го кажам.

Се спомнаа некои мерцедеси и некои прикаски за мојата позиција господо пратеници. Таа прикаска за некои мерцедеси 18 го- дини ја ширеше македонската полиција. Македонската полиција 18 години ширеше прикаски за мене за некои мерцедеси, јахти, дека сум студирал во Париз итн. Многу е индикативно сега од која страна и како ги слушам повторно тие клевети и дури ми се тврди дека во тој период кога таа полиција против мене ширеше клевети, јас сум бил привилегиран.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Јордан Бошков има процедурални интервенции.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас г-дине Андов ви напишав ливче, ви го дадов и реков процедурална забелешка да поставам па тоа што прво рековте не сум спомнат, и г-динто Стево Црвенковски рече дека не сум спомнат по име и презиме, но спомнат сум со цитат.

Во моето излагање дами и господа јас обрнав внимание Владата за оваа точка на дневен ред и за понудената информација не понуди, поточно не назначи кој е претставник кој е повереник.

Моето прашање се однесува на следното, а во Комисијата за деловнички прашања ќе го разгледаме во детали, дали за точка на дневен ред може да добива збор секој член од Владата. Тоа е моето прашање. Ако е така, тогаш настапот на г-динот потпретседател на

Владата си има свое место, свое значење, не мислам тоа да го елаборирам пошироко. Ако не е така, ако за секоја точка која се разгледува тука во Собранието, Владата има свој претставник и свој поверени и дека останатите не земаат збор, тогаш навистина јас ќе барам дискусијата на потпретседателот да не биде уврстена во составниот дел од седницата. Тоа е мојата забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ.**

Предлагам пауза од 15 минути.

XIII/1/CJ/OM

(По паузата седницата започна со работа во 18,00 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Молам, пауза бараше координаторот на пратеничката група и бара една интервенција од деловнички карактер.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Малку го прекршивме редот бидејќи рековме дека ќе нема реплики, но и ако почнеме и понатаму со реплики, оваа седница ќе нема крај. Оттука, претседателот треба да се држи на она што сме се договориле, реплики после ова.

Излегов на оваа говорница со цел малку да се смири состој бата во салата за да може да ја приведеме седницата до крај, како што доликува. Јас сакам да дадам само едно појаснување и во тоа беше целата моја интервенција дека кога зборував за состојбите со македонците муслимани сакам да укажам на едно појаснување (реакција на дел од пратениците во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тишина.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Дека ВМРО-ДПМНЕ дава целосна поддршка на активностите од Републичката заедница на културните манифестации на македонските муслимани и дека Ју пасошите се однесуваат на оние кој што во пис-мото на господинот Џевад Алиуповски, се однесува за оние што се родија одделни личности како издајници на својот род за да бараат елиминирање на македонскиот јазик и воведување на туѓ јазик во образованието заради асимилација на овој дел од македонскиот народ за нив се однесуваат Ју пасошите.

Ве молам само еден момент, да објаснам. Не можете сега вие да барате збор, ќе ве запишам и потоа сами ќе кажете. (реакција во салата) а, деловнички барате збор. Добро, само ве молам, претходно да објаснам. Разни писма добиваме овде, немате потреба да реагирате од говорница. Тоа може и со конференција за печат итн. Ве молам, ве молам.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Јас сакам да интервенирам во смисла на тоа од оваа говорница никој повеќе да не се нарекува предавник, издајник и слично и исто така сакам да интервенирам на зборовите Ју пасоши и истерување заради тоа што тоа ми асоцира на 50-те и 60-тите години кога некој во оваа држава им ги даде пасошите и се иселија во Република Турција стотици илјади такви како што ги нарекуваа господинот Томислав Стефковски и господата од културно научните манифестации. ви се молам оставете ги граѓаните односно тој народ оставете го сам да каже кај припаѓа, што припаѓа итн. Тој е тоа што е и на овој начин реакциите од овој тип само можат да ја убрзаат постапката на однародување ако веќе некој има грижа за тој народ дека се однародува. Ве молам, немојте повеќе вакви инсинулации и вакви дискусии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа прашање е завршено, не е на дневен ред. Деловнички сака нешто и господинот Анастасовски, само кратко.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, дури сега не ми е јасно зашто пет дена сме тука.

XIII/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Е, па , тоа е друга работа.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Тоа е деловнички . Деловнички, деловнички, праделовнички, тука ја градиме државата, меѓутоа со такво градење на државата и со такви обвинувања ние не градиме држава. Ако се сеќавате на една моја метафора кога ви реков ставам два камења, сабајле дома нема камења, нема темел. Значи , темелот некој го руши. Дали тоа го руши намерно или намерно тоа е нивна работа. Меѓутоа, од оваа говорница кај што јас говорам денес се напаѓаше една партија која има мнозинство во овој парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е нешто друго, добро завршете веќе, ајде.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе завршам само кога ќе умрам. (смеа во салата) и кога ќе умарам ќе зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Говорот заврши го, говорот завршете го.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Му давате господине претседателе на потпретседателот на Владата господин Црвенковски да шири пропаганда не против ВМРО, против Македонија. (реакција во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па токму тоа го тврдеше тој, оти Вие ....

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Против Македонија. Не. Постои само една вистина, тоа е ВМРО.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа го вели тој, тоа не чини. (смеа во салата)

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Тоа е ВМРО.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не вреди.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Нема да го видите, кога ќе ја видите вистината на крајот, нема да го видите. Деловнички е тоа (смеа во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, ве молам , ајде .

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас кога дојдов во салата мислев ќе излезе претседателот на Владата и ќе ја каже вистината за целата ситуација, за сите преговори, меѓутоа претседателот од време на време пак дојде, но одговорниот за преговорите и денес го нема. Истото го направи и претседателот на Републиката. Значи, се собравме да се караме. Не добивме вистински одговор затоа што нас не боли, затоа што ние го бараме. Не треба да го бараме одговорот надвор од границите на земјата, одговорот треба да го бараме внатре.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие повторувате расправа. немојте така, Ве молам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ако дојдам за расправа три дена ќе зборувам. (смеа во салата)

XIII/5.-

Е, сега, да ви кажам една работа. Кој добива, кој губи. Ние добиваме сите. Не добиваат тие што плачат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не добиваат тие што питаат, тие што просат, заради нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама тоа е веќе друга точка. Тоа е социјална проблематика.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Политиката е поврзана со социјалната точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Знам оти' е завршена туку , па Ве молам господине Анастасовски зошто ме доведувате во ваква ситуација.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Тоа е социјална точка и ќе го молам господин Црвенковски малку да се врати назад на тие 50-ет години и можеш лично да го прашаш татко ти зашто се тие луѓе од ВМРО внатре. И да ми одговориш. Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само, ве молам, јас едноставно го молам господинот Црвенковски Стево да не зема збор и да не зборува овде за татко му, мислам дека е надвор од секој политички бонтон и вкус децата да одговараат и да зборуваат за татковците. Немојте тоа ве молам. Така не бидува.

(Митко Анастасовски од место реагира) Не, не, седете си. (Реакција на пратениците во салата) нема зошто овде тој да биде прашуван.

Господинот Томислав Стојановски бара деловничка интервенција и тој кратко ќе каже. (реакција на пратениците во салата) кратко е тоа, мора кратко да биде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Деловнички јас го замолив господинот Претседател да се изјасни од говорницата после мене дали е спремен, мислам на претседателот на Владата да ми даде како на пратеник што тоа претставува посебна тајна што не можеше да оди на јавна седница, тоа е едно. И вториот дел се однесува господин Стево Црвенковски да се изјасни дали настапуваше од свое име или од име на Владата. Тоа е процедурално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само еден момент, само да се објасниме. Првото прашање, претседателот на Владата воопшто не е должен да одговори. Тоа не е од процедурален карактер. Може да одговори ако сака, но не-мора да одговори. Тоа е прво.

Второто прашање, да ви објаснам јас, прво, не може тоа така одговор, (реакција од пратеникот Томислав Стојановски) Вие не можете да ја водите седницата, јас ја водам. (реакција на дел од пратениците во салата) само тишина. Прво, Стево Црвенковски е уредно пријавен и беше последен од запишаните, а по него се запиша и се јави господин Пановски. Друго, претседателот на Владата е тука и потпретседателите бидејќи не се претставници никогаш, тие зборуваат по одобрение на претседателот на Владата. Членовите на Владата зборуваат по одобрение на Владата и тие се овде напишани како претставници по поедини точки. Потпретседателот никогаш не е претставник, тој тука го претставува претседателот на Владата. Ете тоа е.

XIII/7.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе го примам одговорот на господинот претседател на Собранието и господа пратеници излагањето на Стево Црвенковски сфатете го како став на Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ештреф Алиу бара процедурално збор (Ештреф Алиу од место вели дека тоа треба да се забрани).Да се забрани тоа, не може да го забранам затоа што тоа стои во Деловникот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Пред да излезе господинот Стево Црвенковски пријавен беше пратеникот Пановски и според Деловникот се додека не се исцрпи дисусиајта на пратениците не се дозволува настап на претставници на Владата, - особено што немаше таква причина. Факт е дека се работеше за проценка на тоа дали настапот на потпретседателот Стево Црвенковски ќе го пренесе телевизијата инаку, целата режија се што беше замислено, паѓа нормално во вода. Сакам на тоа да укажам.

И, второ, да укажам ан непримерноста на недоследнсота поточно на претседателот на Собранието кој што толку педатно ни уочува и тогаш кога не постои политички маркетинг, а во овој случај практично на член на својата партија дозволи на еден брутален начин со полувистини но и со многу невистини да ја доведе до заблуда пошироката јавност на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие немате збор да давате оцени на материјалната расправа. Не.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Особено деловнички реагирам.

XIII/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, само деловнички ќе кажете.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

На отсуството на интервенција на Претседателот на Собранието во случајот кога дезинформациите искажани од претставникот на Владата може сериозно и опасно да делуваат на политичката ситуација во Република Македонија на начинот како што се искажани. Мислам дека ни еден деловник да ја сокрие вистината. Деловникот наспроти тоа треба да служи за принципиелна можност и создавање на услови токму вистината да доминира, особено во македонскиот парламент.

И уште само со ова да заклучам дека се друго можам да прифатам, околу политиката од сите тие големи невистини, но не можам да прифатам дека Реформските сили на Југославија ја донесоа независноста - на Република Македонија. Фактот е јасен и тој е непобитен дека национално ориентираните сили ја поведоа таа иницијатива, јас повеќе пати сум искажал задоволство што и македонската левица се придружи. И од тоа сега не треба да се превртуваат аргументите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Голубовски, Вие материјално зборувате. Ајде напуштете ја говорницата Ве молам.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Нема да ја напуштам, прогласете пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, напуштете. Доволно е интервенцијата.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Не е доволно, кога ќе бидете по културен.

XIII/9.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не нема што да бидам покултурен, јас ја водам седницата, а вие напуштете ја говорницата сега.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Деловнички барам десет минути пауза, сакам да се консултирам со друга пратеничка група. (смеа и реакција на пратениците во салата). Тоа деловнички ми припаѓа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ви се молам, ајде ви се молам. Сега напуштете ја говорницата, напуштете ја говорницата.

Бидејќи имавме сега пауза, една пратеничка група бара пауза, дали се прифаќа паузата. (пратениците не се согласуваат) не, молам , не се прифаќа паузата.

Господин Крстевски бара деловничка интервенција.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Господине Голубовски,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се обраќајте на поединец. (смеа во салата)

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Права реплика треба да ви се даде, навистина затоа што со вашите инсинуации во однос на Реформските сили Либерална партија, многу , многу манипулирате. Како прво и основно(реакција на некои од пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам,тишина.

XIII/10.-

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Треба да ве потсетам, луѓето кој ја формираа таа партија беа пред вас во Македонија, овде и ги поведоа тие процеси вие што ги нарекувате, тоа е едно, кога вие шетате како претставник на Јапонскиот капитал по Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, добро тоа е надвор од Деловникот.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Тоа е прво, а второ треба да си прочитате со кој квалификативи вашата партија ве исфрли од истата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, господин Голубовски е спомнат. (реакција на пратениците ) само да одговори за што е спомнат.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ве молам, надвор од моето ниво да одговорам на вакви евтини провокации, а особено не сакам да одговарам на припадници на Реформските сили на Југославија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Очигледно нема деловнички интервенции. Господин Михаил Пановски има збор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Пред да почнам да зборувам, сакам да изразам еден протест до претседателот на Собранието што за време на секоја пауза, ние овде што сме непушачи сме изложени на страшен терор од страна на тие што пушат во салава.(аплауз).

XIII/11.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го прифаќам протестот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Исто така сакам на господинот Стево Црвенковски, секретар на Реформските сили, инаку коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ, да му кажам дека партии на центарот во Македонија не можат тие да се рачунаат бидејќи ете спомените екстремна лева, на екстремната лева страна. како партии на центарот во Македонија може да биде Лигата за демократија или Граѓанско демократската партија итн. итн.

Почитувани пратеници, и денес како и многу пати досега овој македонски парламент е доведен во една траги комична позиција.

XIV/1 СП/ПН

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (**Продолжение)

Најпрвин на перфиден начин за да се одврати вниманието на јавноста и сокрие вистината и неуспехот на нашата надворешна политика првиот ден од работата на оваа 55-та седница на Собранието на РМ беше вештачки наметната дилемата и кавгата овде во Парламентот околу тоа дали седницата да биде отворена за јавноста или не. Демек, извинете што повеќе од 2 години вас пратениците од опозиционите партии кои бевте информирани единствено од државните информативни медиуми за водењето на меѓународната политика на државата еве се смислувавме да ви кажеме некој збор повеќе. Народот вели "мижи Асан да ти баам". Вистината и единствената цел беше да се скрие срамот што на целиот овој народ му го нанесе политиката на владеачката номенклатура во Македонија карактеризирана со неспособност, попустливост, плашливост, дилентатизам, себичност, монополизираност итн.

Дилентантизам кој во секој случај намерно или не му оди во прилог на големосрпскиот хегемонизам кој заедно со владеачките номенклатури на Хрватска и Словенија реши уште многу одамна отколку што можете и да претпоставите да ја сруши вештачката творба наречена Југославија.

Кога сум кај големосрпскиот хегемонизам морав да ја истакнам и тесната врска со господата јужни соседи од Грција и сметам дека нивниот став немаше да биде толку упорен и немаше толку да инсистираат на својот ирационален став доколку за цело време верувам не беа подржувани од големосрпските хегемонисти кои сега се на власт на север.

XIV/2

За реализација на ваквото сценарио за рушење на Југославија уште во далечните 1985-1986 година злогласната КОС на југо- армијата префрлаше огромни милиони долари во странските банки, а најповеќе на Кипар и Грција. Истата таа КОС чија што оставена пајакова мрежа овде во Македонија по нејзиното напуштање на југо- армијата веќе 10 месеци која сеуште непречено си функционира овде кај нас во сите сфери на нашето живеење. Нормално, во ваквите сценарија на големосрпските планери Македонија секогаш си беше нивна јужна провинција или ако веќе сакате Република. Но, како и во сите сценарија една е сметката дома, а друга на пазар.

Пред 3 години се случи последниот конгрес на СКМ, а на конгресот со тесно мнозинство гласови загуби нивниот човек кандидат за претседател. Но, тие северњаците нашите комшии од север, никогаш не се откажаа од својата замисла. За таа цел формираа повеќе јаничарски партии овде во Македонија во предисзобрието ни го носеа со хеликоптер и го шетаа низ цела Македонија наследникот на Темпо, човекот со најубавата насмевка на предизборните плакати во Македонија, човекот кој требаше да ја реализира идејата за Југославија како 4 члена федерација. Но, истовремено работеа и нас менување на тој што се осмели на последниот комунистички конгрес во Македонија да го победи нивниот кандидат и успеаа го сменија.

Во истиот контекст беше и референдумското прашање "со право да стапи во сојуз на суверени држави на Југославија", а ние денеска сакаме тоа да го признаеме или не сме во тој сојуз, во економска смисла, се разбира. Имаме цврста царинска унија. Српскиот производ и пазар преку протекционистички мерки е заштитен и привилегиран во нашата држава во однос на производите и пазарите на сите други држави од светот. А и името кое еве се подготвуваат да ни го доделат во ОН нашите кумови од

ЕЗ Шпанија, Франција и Англија највeрните грчки и српски сојузници во ЕЗ кога ќе се избрише зборот "бивша" бидејќи бивши држави и луѓе не постојат затоа што се мртви, а ние сеуште сме живи ќе остане Југословенска република Македонија. Сметам дека ние за цело време контактиравме и соработувавме најповеќе со овие држави поготово Англија и Франција што за мене историски гледано се наши македонски докажани непријатели. Истата таа Англија во текот на Граѓанската војна во Грција ги бомбардираше македонските села и градови и вршеше геноцидни дејствија, кралицата на Шпанија, доколку знаете или не знаете е ќерка, на грчкиот крал Константин, за Франција таа и отворено за знае дека е комплетно на страната на Грција и Србија. Значи, остварување на вториот дел од референдумското прашање.

Се прашувам дали ние денеска како пратеници не сме доведени во идентична ситуација како и пред Самитот на Европските 12-мина во Единбург, односно дали некој дал дозвола за прием под друго име како и тогаш со Република Македонија - Скопје, а сега ние овде да водиме празни муабети колку да дадеме покритие и легалитет на тие што ја дале, ако ја дале дозволата на господата од Советот за безбедност при ООН. Единствени кој можеле да дадат таква дозвола беа претседателот на Републиката и министерот за надворешни работи кој овде не е присутен.

Сметам дека овие двајца врвни македонски раководители доколку Македонија не биде примена во членството на ООН под своето уставно име Република Македонија треба да ги сносат сите консеквенции кој од тоа произлегуваат, со оглед на неспорниот факт дека си го дозволија слаткиот ексклузивитет да го узурпираат и монополизираат водењето на надворешната политика на државата, односно да се поставаат над

највисоките тела со Устав во државата Парламентот и Владата на Република Македонија.

Кога сум кај претседателот на Републиката морам да ги искажам моите забелешки што воопшто ништо не направи за да го обезбеди неопходниот национален политички консензус помеѓу сите политички субјекти во државата околу водењето на надворешната политика. Сведоци сме што прават нашите јужни соседи пред било кој значаен Самит на Европските 12-мина. Зошто во вакви историски моменти за државата немањето на општопартиски и општонароден консензус околу водењето на надворешната политика може да има катастрофални последици по националното единство на македонскиот народ.

Јас, пред два и пол месеци, овде кажав и јавно му ставив замерка на претседателот што воопшто не направи ништо да ги седне главните личности, главните антагонисти и протагонисти на антагонизмите во Македонија, господата Бранко Црвенковски и Љупчо Георгиевски. Сметам дека тука е една од главните грешки во водењето на внатрешната политика на македонскиот претседател.

Што се однесува до пофалбите од разни странски државници околу водењето на политика на нашиот претседател што секојдневно нашата државна телевизија и медиуми ни го сервираат, само ќе потсетам, на една мисла од ценетиот професор Горѓи Марјановиќ, претседател на Лигата за демократија кој вели дека се плаши дека нашиот претседател ќе ја доживее судбината на последниот премиер нас бившата СФРЈ со најубава насмевка на предизборните плакати во Македонија, кого исто така во светот го фалеа и поддржуваа, а сите добро видовме како истиот заврши.

Во истиот контекст е и премногу доцното активирање на барањето за прием на Македонија во членство на ООН. Сите добро знаеме дека до

XIV/5

Новата година членки на истиот тој совет за безбедност беа Белгија, Австрија, едни земји кои благонаклоно гледаа на Македонија и на нашето признавање, ние чекавме под сугестија на Англија, и на некои други земји кој ги спомнав како Франција, да дојдат Нов Зеланд и Шпанија во Советот за безбедност што за мене е неспоиво и мислам дека требаше многу порано да го активираме нашето барање за членство во ООН.

Што се однесува за актуелниот министер за надворешни работи г-динот Денко Малевски, покрај претходно кажаните работи мора да се каже и очигледната неспосбност за организација во работењето на Министерството. Без свикување на било какви колегиуми, консултации со помошниците, началниците, вработените во Министерството, со нова систематизација која никогаш не профункционирала итн., едноставно речено вработените во Министерството не знаат што со себе, а згора на тоа и ширење на дефектизам при секој негов јавен настап. Наместо како единствена професионална институција во борбата за меѓународното признавање на државата да ги роганизира, координира, иницира и насочува активностите на сите невладини асоцијации, здруженија на граѓани на земјата и надвор од неа, Министерството поради лошата внатрешна организациона поставеност и лошите организациони способности на актуелниот министер буквално спиеја. Тврдам дека добар дел од поединци и здруженија овде во Македонија чисти волонтери, а пред се Хелсиншкиот парламент на граѓаните, Здружението на дискриминираните македонци од Република Грција "Достоинство" и др. имаат многу повеќе направено за признавањето на Македонија отколку целото Министерство за надворешни работи на РМ.

Јавно прашувам колку пати министерот и Министерството иницирало состаноци со разни организации и здруженија од областа на културата, спортот итн., истакнати поединци овде во Македонија за да ги блифира околу меѓународното признавање и организира. Дали Министерството за надворешни работи има направено анализа за досегашните настапи на грчката дипломатија и има изградено план, стратегија за своите идни чекори или се остава на тоа што ќе донесе времето.

Од друга страна пак во својот последен настап по враќањето од Њујорк министерот си зема за право јавно да ги обвини сите граѓани на РМ и здруженија, а најповеќе македонските новинари за непризнавањето на државата, што навистина е траг комичлно од негова страна. Затоа мислам дека секој треба да си сноси одговорност за работата што ја работи, а тој што не си јас знае работата треба да се тргне кога веќе сам не му текнува да си оди и да дојде друг кој знае и умее.

Не би сакал да зборувам за грешките по меѓународното признавање на опозицијата односно конкретно на партијата ВМРО-ДПМНЕ од причини што мислам како опозициона партија тие немаат поголемо влијание на водењето на македонската државна политика. Тоа истото важи и за нашата партија Илинден - Слободни демократи.

Што се однесува до нашиот Меморандум до ООН, мислам дека во него има неколку битни пропусти.

Прво, воопшто не се споменува во него дека во<>РМ живеат стотина илјади граѓани кои веќе 40-тина години се дискриминирани до Република Грција во остварувањето на своите човечки права, а поединци од нив се веќе влезени во процедура на Комисијата за жалби на

Европскиот парламент во Стразбург. Истите тие имаат поднесено посебна петиција до Европскиот парламент, а во врска со признавањето на РМ.

Второ, никаде не се споменува македонскиот буквар печатен 1925 година од страна на Република Грција, а под притисок ан Лигата на народите или на Меѓународната заедница.

Понатаму, никаде во Меморандумот не се споменува злосторот незапамтен во досегашната светска историја, а чиј директен извршител беше Грција и нејзините најверни сојузници во ЕЗ пред се Англија, односно егзодусот на 30 илјади деца беглаци од 1948 година.

Потоа, зошто не се спомнува во нашиот Меморандум и извештајот на Америка на Стејт Департманот за 1990 година кој на најдиректен начин го потврдува постоењето на Македонците во Република Грција и

Конечно, на неколку места во Меморандумот се прифаќа општоприфатената во македонската јавност, теза наметната од српскиот печат за Арбитражната комисија на ЕЗ која на неколку места во Меморандумот се нарекува Бадинтерова комисија. Сметам дека на тој начин се намалува значењето на таа комисија. Таа не е воопшто никаква Бадинтерова комисија, туку тоа е Арбитражна комисија на ЕЗ.

На крај сакам да го искажам моето длабоко уверување дека на вештачки начин во јавноста повеќе од 1 година се создава психоза на признавање или непризнавање на РМ со што, по мое длабоко уверување, се сака да се оттргне вниманието на јавноста од невидениот грабеж што секојдневно се случува на нашето национално богатство. Во

Парламентот на многу вешт начин се наметнуваат исклучиво политички теми, а основните економски закони, а пред се Законот за приватизација, Законот за банкарство, Законот за надворешно - трговско работење итн., перфидно се пролонгираат за да може кражбата на националното благо да продолжи. На тој начин и ние господа како парламентарци најдиректно соучествуваме со нефункционирањето на државата во ниту еден сегмент од нејзиното живеење.

Исто така не се носат никакви мерки за решавање на катастрофалната популациона и демографска политика во Македонија итн. итн.

По мене сметам дека една политичка гарнитура која е сега на власт, лично мислам неспособна да го организира и конституира живеењето на оваа независна држава, мислам дека не може да се избори за ова меѓународно признавање со наше уставно име затоа сметам дека е време под итно овој Парламент да ги донесе законите за избори, да се подготват изборните списоци и под итно да се оди на нови избори.

Исто така сметам дека под итно, доколку сакаме да заживееме како држава и да опстоиме, да се свртиме кон тие земји кои не признаа, но пред се, на економско поле. Сметам дека со една голема^ земја како што е Русија со земјите од ЕЗ како што се Германија и Италија кои се благонаклони спрема нас дека нашето економско поврзување треба да оди пред се кон нив со цел за опстојување на оваа држава.

XIV/9

Исто така сакам да потсетам на една скорешна изјава на еден тукушто пензиониран англиски дипломат, советник во Владата односно личен советник на госпоѓата Маргарет Тачер кој вели во своето интервју за еден европски неделник дека само оние држави и оние нации кои најупорно опстојуваат на своите национални барања, на барањата од витален национален интерес, само тие нации во својата историја можат да ги остварат националните права. Тој во тоа интервју мислеше на Србите и ја поддржуваше таа политика која ние не ја поддржуваме политика на Милошевиќ, но мислам) дека во виталните македонски национални права мораме да издржиме доколку не сакаме да бидеме национално обесчестени.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Го молам господинот претседател за време на моето излагање да не реагира и да не се смее.

Исто така, за овие четири дена, јас за цело време слушав трпеливо додека дојдам овде на ред, ова ми е прво и последно јавување, ќе се осврнам само на неколку излагања не одредени пратеници.

Јавно ќе им поставам прашања, едно прашање на цела пратеничка група на ПДП на кое што прашање не мора да одговори денеска.

Само една работа да кажат овде од говорница, дали се за функционирање на правна држава овде во Македонија. Ништо друго. Дали се за држава, суверена Македонија во која што ќе владеат законите. Ништо повеќе.

(Од редовите на пратеничката група на ПДП се одговара со да)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да упаѓате.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Исто така сакам да го спомнам и излагањето на господинот Благоја Ханџиски од СДС каде што тој вели дека сме покажале подготвеност за менување на името, мисли на Република Македонија

Скопје и се однесува на нашата седница пред декемврискиот Единбуршки самит. Ние овде, како народни пратеници, ниту Владата, сакам да истакнам дека немаме право да изразуваме таква подготвеност за менување на името. Тоа можат само, дури ни народот нема право, ни на референдум ни на било што да изразува подготвеност за менување на името, зошто за ова име има изгинато премногу луѓе. Исто така сакам да се осврнам и на изјавата на господинот Томислав Стефковски и квалификацијата "Македонци", дека македонците од муслиманската вероисповест се одмитници од словенскиот род. Сметам дека господинот Томислав Стефковски нема право да дава таква изјава особено што името на неговата партија, во своето име содржи борба за македонско

XV/2.-

национално единство и дека со таа изјава не се обезбедува национално единство на македонците, независно од која вера се.

И, сметам, кога сум веќе тука на оваа тема, дека Македонија не смее да дозволи десетина верски фундаменталисти ги држат и тероризираат сите македонци муслимани од муслиманска вероисповест во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема понатаму пријавени.

Господинот Неделковски се пријави сега.

(Од редовите на пратеничката група на ПДП и НДП бараат да добијат збор за да одговорат на некои прашања)

Не е ова прашаше и одговори. Ова не е квиз. Ве молам, ова е парламент. Ќе си земе збор оној кој не зел збор. Само тој има право.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Јас немав намера да станам почитувани пратеници, да се јавам за збор бидејќи потпретседателот на Владата Стево Црвенковски ме иритира, па така одлучив да се јавам.

Јас, уште за време на формирањето на народната партија на Македонија бев поборник и јавно од говорница кажав дека на Македонија е и потребно за комплетирање на самостојноста прво создавање на македонска војска, граници со сите соседни држави што ја опкружуваат Македонија, заштита на македонскиот литературен јазик. Сето тоа би ја чинело самостојноста на Македонија.

Но, некој да ме прашаше дека ќе дојдеме во ситуација да разговараме околу промената на името, никогаш не би се согласил. Разговор околу името на Македонија е многу битно бидејќи последиците од кога ќе се почувствуваат многу подоцна. Значи, дека сето тоа доаѓа

од неинформираност околу политиката што ја води државното раководство со пратеници.

Од она што ме принуди да се јавам за збор на оваа говорница е излагањето на Стево Црвенковски. Тој, за кратко време, потпретседателот на Владата Стево Црвенковски го кажа ставот на Владата по однос на ВМРО, а тоа е дека сите ние во партијата разговараме со непријателите на Македонија. А, со тоа ние сме директни виновници за непризнавањето. Што значи дека, ако Македонија биде призната и под било кое име, единствено до таа држава што ќе биде признаена што ние треба да очекуваме, е тоа е затворските цели и други видови притисоци кои се својствени на диктаторска земја.

Некои пратеници од овој парламент се синови на татковци кои се залагаа за Југославија во времето кога Ченто, и по цена на животот заедно со неговите соборци беа убивани за тоа што бараа Македонија да се конституира како самостојна држава. Па, така, тој комунистички систем живее и денеска . Во Македонија, која повеќе македонци испрати под земја отколку што ги има денеска над земја.

Таа партија која правеше такви злодела и тортури над македонците егзистира и денеска.

Премиерот на минатата, бивша Влада во еден говор од оваа говорница кажа дека некој од убијците на Македонскиот народ седат меѓу вас во овој парламент.

Во излагањето на Стево Црвенковски се бараат предавниците меѓу ВМРО за неуспехот на оваа политика. Бидејќи ова го гледа целата македонска јавност, јас би цитирал еден пратеник од партијата која е на власт. Помеѓу другото вели: "Ние , пред средбата во Единбург расправавме за подготвеноста да се донесе одлука за промена на името. И, мнозинството на овој парламент изрази таква подготвеност - имавме ли ние право на тоа. На какви ризици се изложувавме и што постигнавме

со тоа?" и јас се прашувам што постигнавме ние со тоа.

Од оваа говорница исто така од еден наш пратеник беше извинувањето до културно - научната заедница македонци - муслимани. Тој тоа го искажа од свое име а потоа се извинува од име на партијата. Јас тоа не го прифаќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Господин Петковски бара збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, најнапред сакам да се заблагодарам на укажувањето на двајца пратеници кои не убедуваа дека навистина, што за мене е прифатливо, парламентот конечно треба да почне да се занимава со суштинските прашања кои што значат живот. Ние ги одлагаме постојано, а некој друг постојано наметнува политички теми за расправа, кои еве, по петти ден трајат овде во овој парламент.

Но, очигледно сеуште сме народ, сеуште сме луѓе, граѓани во оваа Република кои што многу повеќе ценат кој што ќе каже, како ќе каже отколку што ќе се стори. И, јас се согласувам дека е многу потешко нешто да се направи отколку да се критикува. Тоа е позната работа.

Добро е, ова што се случи, оваа стерилност во парламентот да се прекине и јас мислам дека има шанса оваа иницијатива на пратеничката група, додуше тоа е сеуште партиска иницијатива на ВМРО-ДПМНЕ за нови, предвремени избори да влезе во процедура, оти сум убеден дека Македонија оваков парламент не заслужува. Независно од тоа што еден почитуван колега, професор говори, наш, македонски, дека народот има онаква власт каква што заслужува, мислам дека тоа што се случува во овој парламент ниту е културно, ниту е политичко, ниту е цивилизациско ниво на граѓаните на Македонија.....

XV/5.-

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: ( ОД МЕСТО)

Вие бевте некултурни...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, јас вас ве слушав и мислам дека имајте трпение, јас воопшто не реагирав вие кога говоревте.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: ( од место)

Опљачкавте, убивавте...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине Петковски продолжете.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Нешто околу опозицијата и позицијата која провејува во дискусијата еве неколку денови.

Јас мислам дека апсолутно нема парламент во кој не се над-мудруваат опозицијата и позицијата околу наметнувањето на власта односно никоја политичка партија не се бори за политички декор во општеството, туку се бори да дојде на власт. И, сосема е природно опозицијата секогаш да ја напаѓа позицијата, да ја симне на власт за да дојде на власт.

Но, овде се мешаат работите кога станува збор за надворешната политика. Мислам дека нема држава во која што позицијата, парти- јата или коалицијата која што е на власт ќе дозволи опозицијата да ја води надворешната политика. Може да ја води откога ќе дојде на Власт. Но, има право да бара секогаш да биде информирана за тоа што го презема позицијата.

И, сето тоа би било во ред ако навистина се чини на еден достоинствен начин, со критика. Не со критизерство, не со дисквалификација не со етикетирање. Еден познат хуморист и сатиричар вели дека има два начина на етикетирање на луѓето. Едниот начин е да се плукне на етикетата и да се залепи на човекот, а вториот начин е да се плукне на човекот и да се залепи етикетата.

XV/6.-

Пратеничката група на ВРМО - ДПМНЕ овие неколку денови токму овој вториот начин на лепење етикети доста го применуваше. Тоа мислам дека не води кон конструктивна расправа, кон дијалог на позицијата и опозицијата.

Според тоа, мислам дека ни претстои навистина макотрпна борба околу меѓународното признавање на Македонија, што во многу зависи од она што ќе се случи во овој парламент. Односно, дали навистина сите што седиме во овие клупи имаме добри намери, Македонија да биде меѓународно призната од сите субјекти и да стане еден ден рамноправна членка на обединетите нации.

И, кога говориме за надворешната политика, мислам дека еве правиме пресек неколку дена, веднаш се поставува прашањето што направи? што требаше да направи? што не направи? а можеше да напра- ви нашата надворешна политика?

Јас немам претензии да правам некоја детална елаборација, ниту е целта на тоа, само да спомнам некои факти што апсолутно не се спорни.

Прво, што направи нашата надворешна политика и Македонија како држава: Факт е дека Македонија е меѓународно призната од десетина држави. Факт е дека постоиме како самостојна и суверена држава. Факт е дека границите на Македонија се гарантирани и засега доста стабилни. Факт е исто така дека имаме релативно стабилни меѓунационални односи во Републикава.

Еден од клучните фактори на кои Република Грција и сите кои со страв гледаа можноста Македонија да направи држава беше токму често споменуваните меѓунационални односи и можноста да се тие дестабилизираат, да дојде до внатрешни немири и она што Грците постојано го говорат дека конечно да излезе на виделина дека не сме

народ да имаме своја држава. И, за жал на многу мина односите во Македонија, меѓунационалните односи покажаа дека Македонија има сили има и историско искуство да најде заеднички јазик со сите етнички групи, со сите национални групации кои живеат на ова подрачје. Мислам дека засега доста успешно.

И, не случајно опозицијата токму на тој фактор овие денови многу инсистираше. Свесни се ако дојде до дестабилизација на меѓунационалните односи, доаѓа до дестабилизација на македонската држава во целина и можноста да не биде апсолутно меѓународно призната. Тука е.

Според тоа најјакиот факт и адут мислам дека е во рацете на самите нас. Доколку поуспешно ги чуваме, наоѓаме форма на соживот, сите наши културни, верски итн., врски дотолку повеќе ќе имаме стабилна држава. И обратно, дотолку ќе бидеме плен на странци кои и онака, или страни сили, кои и онака гледаат со не- доверба.

Понатаму, факт е овде, што често се оспорува од поедини пратеници дека Македонија доби симпатии во меѓународната јавност. Факт е дека, иако се критикува многу претходната седница пред Единбург дека Македонија стекна предност во меѓународната афирмација во својата политика над Грција токму заради тоа што ја собори Лисабонската Декларација. Македонија, ако не покажеше разбираше , можност за разговор, за компромис со оние што одлучуваат за нашата судбина Лисабонската Декларација и денес ќе беше насила. А, тоа е основниот предуслов , паѓањето на Лисабонската Декларација за да можеме да одиме чекор натаму кон нашето признавање.

Факт е дека во Македонија доаѓаат многу странски делегации, било да се работи за државни, владини, невладини делегации,парламентарни.

XV/8.-

Мислам дека е познато на сите пратеници овде колку парламентарни делегации дојдоа во оваа Република, со какви впечатоци отидоа од Републикава. Сите говореа на конференции за печат, скоро сите организираа конференции аза печат и своите впечатоци од разговорите, увидот во состојбите во Македонија го кажуваа пред македонската и светска јавност. Тоа е афирмација на политиката на Македонија.

Дека и она последното што се случува, кога говорам за ова, афирмативно позитивно, само ќе ви прочитам еден дел од извештајот и говорот на Тадеуш Мазовјетски, специјален известувач на Комисијата за правата на човекот, на Комисијата во Женева, еве покрај другото што вели, тоа е најтазе, ова е последно после посетата на сите југословенски републики. Еве што вели:

"Како и другите држави членки на поранешна Југославија и Македонија е соочена со потребата од решавање на основните политички, социјални и економски прашања. Но, круцијалниот проблем се однесува на меѓунационалните односи. До денеска во процесот на создаваше независна држава Македонија избегна секаков воен судир. Беа поставени темелите за изградба демократска и правна дражва. Но, тоа не значи дека ситуацијата со правата на човекот наполно задоволува".

И, понатаму уште еден детал, "кондицие сине ква нон","За подобрување на ситуацијата со правата на човекот во Македонија е нејзиниот што е можно побрз прием во Обединетите нации".

Според тоа, нема дилеми за сите оние што дошле овде, направиле увид во нашата состојба."Секакво доцнење на признавањето на Македонија би можело да има многу сериозни последици кои што широко ќе ги надминат нејзините граници". Според тоа, само една илустрација. Не сакам да ги спомнувам сите групи овде и нивните водачи кога доаѓаа и говореа на тој план за Македонија.

XV/9.-

Што не направи? Не сакам да создадам некоја црно-бела слика, но степен на критичност за она што можевме да го направиме, мислам дека е присутно кај сите нас.

Очигледно дека Македонија немаше соодветна меѓународна промоција, пропаганден материјал и она што го правеше дипломатијата на политички план да беше попратено апсолутно со информативна документација. Тоа можеа да го прават и министерствата можеа да го прават и невладини, иако имаме доста невладини организации во Македонија, хуманитарни кои тоа доста успешно го чинеа.

Понатаму, мислам дека не стасавме секаде онаму каде што можевме да стасаме. Има многу земји што ги отвараа вратите а кои поради едни или други причини, констелација на разни односи, не успеавме да ги посетиме. Да не говорам кои се, бидејќи не се тие земји малку.

Трето, очигледно дека до крај не се ангажираше целокупниот творечки потенцијал во Македонија, креативен потенцијал, разни здруженија, асоцијации на културни работници итн. Говорам за друштвото на писателите, еснафски здруженија, па ако сакате и Академијата на науките. Она што го прави Грција и колку што вложи за својата пропаганда, имаме шпекулации околу тоа колку се тоа, дали се тоа милијарда долари или нешто повеќе, ние барем можевме малку од тоа да издвоиме, една десетина од тие средства што ги потроши Грција па афирмацијата да беше многу покомплетна.

Според тоа, и со тоа се согалсувам дека не беа доволно искористени, имавме дипломатски потенцијал којшто стоеше на располагање овде, кои што можевме да ги ангажираме во разни земји во светот каде имаат искуство и сите тие не се доволно ангажирани.

XVI/1 НН/ЛБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (продолжение)

Значи, тоа е основ за наше натамошно делување ако ги знаеме слабостите на нашата политика и веројатно полесно можеме да дојдеме до нејзината суштина. Кој ја водеше надворешната политика и овде што се бара поопштествување, така да кажам, ако можам да го употреба тој термин на надворешната политика.

Ние во Уставот точно зацртавме кој може да ја води надворешната политика. Во Уставот пишува дека претседателот на Републиката и Владата се задолжени за меѓународната политика, а во рамките на надлежноста за Собранието стои таму што е Собранието надлежно. Може да бара извештај како таа се спроведува , оценка, упатства да носи, политички документи и декларации но не и да ја води. Каде се видело Парламент да води меѓународна политика, надворешна политика. Јас незнам таква земја. Можеме да бидеме ние првите тие и уште повеќе не сум чул за тајна дипломатија да се расправа на јавна седница. Ние бараме суптилни информации за тајна дипломатија за нашето признаваше да се прави тоа на отворени седници. И затоа ќе траат тие по пет дена. Ако имавме разбираше да ги чуевме тие информации и ако целта беше да се чујат информациите, ставот на Владата јас ве уверувам истиот ден ќе завршевме кога и ја започнав- ме седницата. Овде работите почнаа веќе да се префрлуваат на друг терен. Значи, секој да си ја врши својата работа во рамките на своите компетенции и надлежности утврдени со Устав системот ќе функционира, а ако не, ако ги изместуваме од Уставот ќе имаме постојано непотребни седници, расправи, фрустрации, политички меѓусебни дисквалификации и обвинување. А тоа не е позиција и опозиција.

Конечно, бидејќи многу дискутанти пред мене говореа за многу односи на релацијата коинциденција на чекорите што ги презема Република Грција и нашата опозиција јас тука не би сакал да се

задржувам, едноставно сакам да ја поддржам особено дискусијата на господинот Стево Црвенковски.

Не би сакал да останам да не го кажам своето мислење и по некој апсурдни тези кои овие два три дена беа изнесени овде.

Прво, тезата дека надворешната политика македонците ја водат дилетантни и некомпетентни личности. Мислам дека основно правилата на доброто однесување претпоставуваат тој што обвинува за некомпетентност и дилетантизам барем да биде малку равен на тој што ја води надворешната политика а не изнад него. Само таков што е изнад него може да обвинува за некомпетентност.

Понатаму, се тврди дека Македонија не ги одбра европските принципи на својата надворешна политика односно изборувањето за својата самостојност. Па, зарем европски принципи се оние кои што се случуваат во останатите делови на Југославија. Ако мислат дека таа алтернатива требаше и Македонија да ја прифати , а неколку говорници овде спомнаа како што направи Словенија, како што направи Хрватска, како што направи Босна и Херцеговина ја благодарам. За таков пристап и за таква европска политика јас не се определувам Според тоа, Европа никогаш од нас не бараше војна, но друго е што она што се случуваше во југословенските простори, а го поддржуваат некои европски сили заради сопствени интереси таму дека и кај нас пробудува чувство по истиот начин ние да тргнеме. Па, некои сили ги потхранува во Републиката со апетити по исти рецепт како што другите тргнаа - да го земеме оружјето веројатно денес ќе бевме самостојна република. Јас ве уверувам ако ние го земевме оружјето, на тој начин нашата независност да ја оствариме ова што се случува во Босна е обична играчката према она што во Македонија можеше да се случи. Во Босна има три народи, кај нас не е тоа така. И барањето, инсистирањето е апсурдност на тезата на

македонско национално единство за да добиеме своја држава, сувереност, веднаш претпоставува имплицитно односно експлицитно, неексплицинтно албанско национално единство, турско национално единство, ромско национално единство, српско национално единство итн. Тоа е факт во Македонија што постои. И ако сите тие единства се спротивстават едни на други исходот е господо сосема логичен што ќе се случи.

Понатаму, тезата исфабрикувани информации од масмедиите и затоа не не признал светот. Јас мислам дека ќе го делите моето мислење, јас имам сигурни информации дека македонските весници не се читаат во Англија и во Франција колку што имам сигурни информации дека македонската телевизија не се гледа. Можеби се слуша македонското радио меѓутоа не го разбираат македонскиот јазик мнозинството , па поради тоа што еве средствата за јавно информирање го поддржуваат ова раководство затоа не не признале.

И уште поапсурдна теза исфрли овде еден говорник - ако ја поддржуваат средствата за јавно информирање политиката на опозицијата досега пет пати ќе бевме признати, иако еднаш се признава. Мислам, нема пет пати признавање, доволно ни е само еднаш, но очигледно таа господа ќе треба многу труд да вложат да ги следат нашите средства за јавно информирање па да се одлучат дури тогаш дали ќе ни ја признаат државата.

Понатаму, каде отиде нашата дипломатија овде се рече не не признаа. Значи ли тоа дека не треба воопшто никаде да одиме за да не признаат. Ако е тоа така да се договориме, мислам можеме и на тој начин да работиме, но очигледно дека не се мисли така.

XVI/4

И уште најапсурдната теза дека Грција не е виновна за нашето непризнавање, туку дека сме виновни самите ние. Очигледно дека има многу слабости кај нас, но да се лицира проблемот на друго место отколку во Грција мислам дека е не само тесноградост, туку нешто повеќе од тоа.

И последно, да си одат нашите раководители што ја водат надворешната политика на Македонија ќе биде одлично. Тоа знаете што значи? Тоа ќе значи да срушиме се, да направиме хаос па ќе видиме од тоа што ќе произлезе, затоа што да си поднесат оставка , да не одиме на нови избори се знае кон што води тоа, а распоредот на снагите во овој Парламент на сите ни е познат. Токму тоа упатува на хаос во Републиката, а во хаос се знае кој најдобро се снаоѓа.

И ова што беше речено, јас ќе го повторам не сме признати заради карактерот на власта во Македонија. Тоа истото го говори единствено од сите овие надвор каде што отиде нашата дипломатија и кои што дојде овде, единствено Мицотакис и Грција и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Јас од други тоа не сум го слушнал, ниту сме прочитале а може не сме се прочитале, но тоа е така.

Конечно, она што беше до мене лично упатено, жал ми е што тој пратеник не е тука, ако моите ставови за борба за македонската вистина и опстојувањето на македонската држава некој ги толкува како антибугарски ставови тоа е негов проблем, а ако навистина од тоа е навреден односно навредени се неговите чувства јас му се извинувам.

**РАТКА ДИМИТРОВА;**

Се извинувам почитувани пратеници, жал ми е што после толку денови и после толку замор беа искажани многу работи, но бидејќи јас не сум дискутирала сакам да си го кажам својот личен став.

XVI/5

Ова време имаше многу бурни дискусии, бурни реакции. Беа кажани и навреди и лични навреди. Јас лично сакам да се оградам од таков начин на расправаше. Имаше, засегнати беа македонците муслимани, чие што здружение испрати допис ова време додека траеше седницата. Јас сакам да ги подржам бидејќи не само македонците муслимани, лојални на државата и овие кои што се во здружението муслимани, туку дури сакам да изразам разбирање и за оние другите бидејќи 50 години Македонците муслимани имаат една тешка грутка држеа во себе. Нашата власт немаше однос према нив и тие нормално дека се надеваа во новите услови со плурализмот дека ќе има друг однос. Тоа исто така изостана. Тешко е нивното разочарување. Сакам само да потцртам дека и македонците не муслимани, мнозинството од друга вера исто така држи во себе тежини и дури ми се чини едни јавно, гласно искажуваат, а други држат, ама не кажуваат и македонците се денес во тешка ситуација.

Имавме излагање на потпретседателот на Македонската влада Стево Црвенковски за кое што исто така жалам што беше такво какво што беше. Жал ми е што тој како официјален претставник на Владата како што чувме зборуваше и покажа една многу јака опсесија со парти јата ВМРО —ДПМНЕ. Можеби таа опсесија ја дели целата Влада, ако тој официјално истапува така. Можеме само да жалиме заради тоа што заборава можеби Владата дека зад оваа партија стојат скоро 300 иљади македонци...

(дофрлување на некои пратеници од место) Мислам дека сеуште стојат и тоа ќе видиме на изборите. Мислам дека требаше како претставник на Владата да по- каже повеќе политички дигнитет конструктивност. Пратеник може да си дозволи и повеќе, меѓутоа член на Владата, потпретседател не. Тоа треба да биде во моментот кохезионен фактор.

Морам да се оградам од три наводи, од три тврдења кои што тој ги изнесе а кои што мислам дека се штетни по државата.

Прво тој зборуваше дека која држава без капка крв станала држава, а ние ќе бидеме една меѓу многу реткитe. Тоа може да асоцира, тоа е многу штетно за нас и прво не е точно. Може да асоцира на тоа дека сме ние сега нова држава. Тоа не е точно. Многу синови паднале и многу крв се пролеала за ова. Наша сопствена, македонска крв за ова што го имаме. Сме биле веќе членови на ОН како член на бившата Југославија. И ние дел од нашиот суверенитет сме дале, сме вложиле во Југославија и преку неа сме биле член на ОН. Тоа не смее никој никогаш да го заборави. Да не зборуваме за нашите стари историски корени и за нашата историја.

Втор навод е дека ВМРО пречи за една фина политика на дијалог, на компромиси и една отворена политика. Мислам дека ситуацијата во моментот е таква каква што е за Македонија на надворешен план токму заради тоа што ВМРО не успеа да попречи една таква политика.

Политиката на отворена врата донесе ова што донесе. Политика, јас ја вика на отворена врата, и политика на незабележување на пречките кои што ни стојат на патот и непредвидување на пречките кои што ни стојат на патот. Тука сакам да го наведам примерот, многу драстичен пример со Хашката декларација. Таа овде на Собранието ни беше понудена во една многу фина форма, како една точка од декларацијата за независност и сувереност на РМ. А, таа Хашка декларација содржеше две големи замки, на кои што некои пратеници од опозициониот блок укажуваа. Едната замка беше формулацијата која што стоеше во Хашката декларација дека не се поддржуваат имиња кои што подразбираат територијални претензии. Кога на тоа укажуваат пратениците од опозицијата министерот Малевски ни објасни дека тоа не

е упатно да се потцртува и да се забележува, дека е тоа дипломатски или непрофесионално употреби еден потежок израз, тоа е дипломатски дилетантизам.

Тој дипломатски професионализам доведе до тоа ние да не ја забележиме пречката, да не направиме стратегија и да поминеме цела една година вака како што поминавме со тој проблем.

Втората работа која што ја содржеше Хашката декларација, а која исто така на еден фин начин беше тука прикажана и, да не речам во една погрешна светлина, беше специјалниот статус за малцинствата. Ни беше кажано овде дека тој специјален статус важи само за Србите во Хрватска, бидејќи имаше таму ѕвездичка и фуснота се зборуваше дека за Србите. Меѓутоа во Службен весник не излезе ни таа ѕвездичка ни таа фуснота. Излезе дека нашето Собрание прифаќа такво нешто. Негледање на време пречките мислам дека е многу штетно. И изгледа дека е многу штетно. Додека е пречката мала, можеби и може да се премине, но ако дозволиме таа со невнимание да ескалира може да биде голема.

Јас се извинувам што на крај зборувам и зборувам некои работи и поодамна и се, но мислам дека денеска темата е таква што ние сите заедно овде , и албанците и левите и десните и македонците и сите сме во опасност нашата татковина да си го изгуби името. Мислам дека може да ни биде дозволено за ваква тема да бидеме можеби малку и препрепазливи, можеби малку жешки . Не заборавајте дека во Српскиот парламент има тепачки, во бугарскиот видовме исто така има тепачки па ние уште...

(смеење на пратениците)

Па ние уште, и не мислам дека во Македонскиот Парламент некогаш ќе дојде до тепачки, ама тие уште немале во своите парламенти тема каква што имаме ние. Јас не верувам дека воопшто во некој

парламент во светот дошла на ред тема каква што имаме ние денеска. Под притисок и пресија на оваа тема што ја имаме денеска, јас излегувајќи на паузата седнав кај една поголема група новинари и прашав што вие мислите. Вие молчите, слушате, и најмногу можеби разбирате и објективно ја гледате работата. Што сега да направиме, што Парламентот да направи, каков заклучок да донесе? Ми беше одговорено од еден од новинарите, сите тоа го делеа, дека нашето Собрание не може да си дозволи да расправа и да гласа по името на нашата земја. Тоа право го нема ни Собранието, ни претседателот на Републиката ни Владата. Тоа е нешто што ни е наследство од старите поколенија и што мораме да го оставиме во наследство на идните поколенија. Ние немаме право да разговараме за тоа. Морам да кажам дека мојата тензија многу падна кога ова го чув. Затоа дозволете да бидеме будни зашто имаме ние мандат на будност. Многу полесно ќе се прости да сме претерано будни и да дуваме , што вели нашиот народ , на матеница отколку да замижеме и да помине нешто неприметно а после тоа може главата на тоа да си ја скршиме. Во еден таков наплив на будност господинот Тодор Петров еднаш искажа многу јаки, многу груби зборови. Јас ќе си дозволам да ги повторам денеска тие, а тоа беше: може некој да се лаже извесно време, ама не сите и цело време. И мојот страв е ако излезе ова неточно тогаш што ќе правиме. Ако, пак, товарот на одговорноста го понесеме сите заедно и успееме во главната цел независна суверена Република Македонија јас прва, а не сум прашала никого сигурна сум дека целата опозиција, до последен човек и ќе се извиниме и ако треба ќе си по- сипеме пепел на главата и ќе кажеме дека сме имале погрешно. И ќе се радуваме многу заради тоа и ќе бидеме многу среќни заради тоа што сме биле во криво.

XVII/1 рд/см

**РАТКА ДИМИТРОВА**: (Продолжение).

Сакам да потцртам како една многу важна работа дека во моментот за Македонија не се работи за името. Тоа е само метафора. Сосема друго е во прашаше. Тој момент кога ќе прифатиме било каков компромис, било каква модификација на името, ние веќе не сме тоа што сме биле вчера. Ние сме нешто друго, нешто ново. Како држава ќе висиме, политички, историски и безбедносно. Мислам дека печатот оваа година, карактеристиризирајќи ја Грција како сентиментална, емоционална ирационална, многу грешеше. Грција не е тоа. И не е името нејзината цел. Грција е пропрачуната, ладна,сурова и вешта. Тоа македонците во Грција најдобро го знаат. Целта на Грција е да се збрише македонската нација како пречка. Мандинас минатата недела изјавил дека цел на Грција е во Советот за безбедност да стави трајна основа за решавање на македонското прашање. Тоа е целта на Грција. Стане Доланц пред повеќе години во својата приватна посета на Грција, кога се врати во Централниот комитет тоа време изјави дека Грција има територијални претензии према Македонија. Сакам да го спомнам и Владимир Дедиер во 1989 година во извештајот од Раселовиот суд на кој што е он член кажал дека Андреас Папандреу е исклучен од Раселовиот суд заради непризнавањето на Македонија кој што додека бил дисидент го признавал. Ова не се приказни, бидејќи нашата власт не ни го покажа меморандумот кој што Грција го испрати до ОН и до Советот за безбедност во кој што има 16 точки и со некои други материјали, има и брошура која што се дели на сите членки на ОН. Таа брошура има наслов:"Македонско прашање, предмет на обидите за создавање на вештачка нација'.' Во таа брошура прво научно, со многу докази Грција

покажува дека македонска нација не постои. И децидно стои дека Македонија е грчка, освен Тетово, Гостивар, Куманово и некои северни делови. Таа тоа официјално го дели на сите членови на ОН. Мислам дека големата прашина што ја дига Грција, дека е во опасност од територијални претензии на Македонија и на некои партии во неа е фактички техниката,"држте го крадецот". За жал, ние немаме ни брошури, ни материјал, ни пропаганда во доволна мера, тоа е прем- ногу тенко, многу мало, јас на првата интерпелација на министерот Малески кажав, добивме малку материјали за во Италија и многу ме заболе и тогаш кажав и сега ќе кажам кога преводот на вториот дел од референдумското прашање беше дека не со право да стапиме во сојуз со Југославија, туку наместо со право претпочита по англиски преферира дали со тоа се сакаше да се каже дека македонскиот народ е демократски и дека е готов на секакви сојузи, дури и во времето кога се бори за своја самостојна држава. Пропагандата, особено мислам дека особено мислам дека е кобно што се укина Министерството за информации, што е противуставно, немаме ни еден министер, во моментот кога Македонија треба да има најголема светска дури пропаганда за поткрепа на своето меѓународно признаваше. Чија желба е ова уште? Кому му пречи самостојна Македонија? Членот на групата интелектуалци кој што беше во Атина Ким Мемети изјави пред неколку дена на македонското радио дека дури сега се убедив дека Грција е диригирана директно од Белград. Значи Србија и Грција нормално дека на Србија со новата престројка на Балканот, со расцепувањето и распаѓањето на држави од Југославија, нормално беше некогашниот сојуз Антантата да биде вознемирена, бидејќи во балканските сфери може да дојде до преуредување на интересните сфери. Нормално дека

тука беа најмногу заинтересирани Франција и Англија, како учеснички во злосторот, заедно со Грција и Србија при расцепувањето на Македонија. За нив самостојна Македонија е неприфатлива. Заради интереси политички и морални, бидејќи има траг и има учество во уништувањето на еден народ. Ако па работите одат така што мора да се прифати Македонија како самостојна држава, тогаш само како безимена земја, конгломерат од народи, не земја, не држава, нешто ново, европска авангарда, во која што имаме веќе отворени општества и во која што философијата е националното да не добие свој израз. Најлошо за бившите сојузници беше што? Брзото признавање на Македонија. Беше потребно многу важно за Грција, за Србија, за Франција и за Англија да се добие на време. А времето беше потребно зошто? За внатрешно раскопуваше на Македонија. Внатрешното раскопување на Македонија, инструмент за внатрешното раскопување на Македонија беше најден на најосетливото подрачје на секоја земја. Не постои земја која што не е осетлива на ова подрачје. Ние знаеме дека прибалтичките републики имаат 40%, 50% од населението, не од оној народ кој што е конципиент на таа држава. Затоа, преку разни европски асоцијации и мисии беа стимулирани малцинствата. Ние знаеме дека Грција е многу добар трговец и дека располага и со доста голем капитал за да може и на тој начин да се грижи и да ги поткрепува своите интереси. Така што ова што се случува со малите сегменти на малцинствата не е ни малку, ни случајно, ни наивна работа. Ние чувме од еден извештај сега, од југословенската конференција, во која што упорно членуваме, и ако не сме во војна, иако не сме од завојуваните страни дека договорот е склучен меѓу двете заедници. Значи нас Европа веќе не промовира во две заедници. Чии се тие интереси? Од друга страна пак второ што беше

потребно во ова време да се направи е да се амортизира реакцијата, која што може да ја покаже народот на ова се, со тоа што национализам како што се изразија некои од нашите челници е првото што треба да се сопира и што треба да се неутрализира кај нас. Македонскиот народ никогаш немал и никогаш нема да има антагонизам со своите малцинства. Иако се се остави на нас внатре, мислам дека нема да има опасност од никакви судири и никакви внатрешни раскопувања. Мислам дека одлично можеме да најдеме решение самите внатре. Не смее да се дозволи, како што се зборува популизам. Тоа не е демократија. И популус и демос значи исто. Ајде не може популизам да се дозволи, меѓутоа, во последно време имено во врска со името, имено во врска со овој проблем за кој што денеска разговараме, ми ѕвонат луѓе, лидери на партии, се жалат дека нивните соопштенија во врска со името не се објавуваат, ни на радио, ни на телевизија, ни во печатот. Вчера, а тоа знам бидејќи се познавам лично со претседателот на Хелсиншкиот комитет испрати еден апел да го чуваме нашиот устав. Ние пратениците тоа не го добивме. Меѓутоа, на телевизија чувме, тоа не се премолча, дека е основана нова партија обединети македонци, од колега кој што бил на тоа основање разбравме дека само 10 души биле, а партија Обединети македонци, во овој момент која што се бори за обединување територијално на Македонија, тоа е апсолутно антидржавно и тоа не смееше и треба да одговара ако некој регистрирал во овој момент таква партија. Што со блокот земји кои не се со овој блок, кој што е против нашите интереси, кои не се директно и од сопствени интереси против легитимните интереси на Република Македонија. Овде можам да го изнесам моето големо задоволство што во анализите на надворешната политика прв пат слушам дискусија од страна на пратеник од СДС, која

XVII/5

апсолутно во точка се сложува во анализите, односно гледањата кои што јас ги имам. И тоа од човек кој тоа го студирал и е професионален во таа област. Тој ги спомна исто така овие држави, Германија, Италија, Данска, Холандија, Русија. Тие се готови да помогнат. Дури министерот Јенсен јавно алармираше дека ова што се прави е минирање на основите на македонската нација. Тој не предупреди многу јасно, така како што никој овде од нашите не не предупредил до сега. Во Русија во печатот имало известувања дека 30-тина руси имале седумдневен штрајк со глад, тоа било уште пред нашето признавање, во поддршка за признавање на нашата Република од страна на Русија. Имало демонстрации за поддршка на нашето признавање. Ништо од тоа ние во нашиот печат овде не прочитавме. Што значи тоа. Канцеларот Кол имаше јавни повици дека Македонија треба да ја следи Словенија и Хрватска, тоа помина преку нашите уши. И на крајот тоа што е нашиот најголем страв, дај боже да не е вистински. И се надевам заедно да се радуваме сите на крај, но што ако е вистина, бидејќи два пати на Дојче веле одела вест постигната е согласност меѓу Македонија и Грција. Тоа може да е обична новинарска импровизација, но може и да не биде. Што го поткрепува нашиот страв? Самиот процес на неформални преговори. Текот на тој процес не е нешто што се одвива без нас, далеку од нас и без никакво учество и влијание од наша страна. Ние не сме надвор, но штетата за мене е огромна што Македонија нема цврст став, по се изгледа. Принципот за се о треба да се разговара и договара, може да биде многу убав за. слушање, но оваа година ипол покажа дека е тој неделотворен. Човек без став, не побудува симпатии кај другите. Не побудува ни почит, а ретко кога и сожалување. Мислам дека многу слично со работата и со државата.

XVII/6

Се зборува дека услов за преживување и смисла за преживување и опстанок треба во моментов ние македонците да покажеме со еластицитет. Да, но не своето име, кое што директно задира во идентитетот.

Што се однесува до економијата и преживувањето некој рече, јас само ќе потцртам дека можеме да се сфртеме кон Русија која што е многу тешка положба, но е преогромна земја за да не може два милиони земја како што е нашата да има секакви контакти, а тоа го тврди и нашиот претставник таму кој што ги знае тие работи многу добро. А и Аеро флот нуди многу ефтини анражмани, со големи авиони носачи. Така тоа може да се реши со Бугарија, со Германија, оние што ни се навистина наклонети и оние што не бараат да го менуваме нашето име.

Зачленувањето во ОН кај нас стана фаза. Реално ако се проучат сите документи, сите правила може да се види дека зачленувањето во ОН не претставува бог знае каков успех, бидејќи јужните републики на бившиот СССР, припадничките републики, Словачка многу лесно тоа го направија без оглед на внатрешната нивна ситуација, малцински прашања итн. 178 земји се примени и процедурата навистина е многу проста, но се прави фама. Ние сите услови ги исполнуваме, спор за името немаме, тој спор е измислен. Само по мое мислење, се прави само политички притисок, но процесот е веќе почнат, а по правилата во Советот за безбедност почнат процес не може да запре. Тој ќе се повторува, ако еднаш не успее тој ќе се повторува, но не може да запре.

XVII/7

Во комисијата за надворешни работи на Собранието ние на инсистирање на пратениците направивме еден разговор, за да видиме како стојат работите со советувањето во Советот за безбедност.

XVIII/1.- ДВ/ЉР

**РАТКА ДИМИТРОВСКА**: /продолжение/

Тогаш собиравме информации дека повеќето земји точно 10, а можеби и 11-те за тоа Македонија да биде примена под своето име, а ниеедна од земјите не кажаа дека ќе даде вето. Знаеме дека давање на вето на земја која ги исполнува сите услови е многу крупна работа, затоа не се решила ни Русија за Прибалтикот, ни Америка за Виетнам. Тоа не е мала работа. Треба да се покажат земјите како не демократски, како ретроградни. Тоа значи дека ние уште не знаеме, уште не сме го направиле тој притисок да го дадеме нашето барање под своето име и да инсистираме тоа да биде веќе на состанок разгледувано.- Ние со тоа ништо не губиме. Ние треба тој притисок да го направиме.

Уште еднаш да повторам тоа што зборував кога беше процедурата во прашање. Тоа е дека Македонија само самата со своја рака може да си го исплакне националниот дигнитет со тоа што ќе напише во пријавата модификација или друго име за својата земја. Колку како таква ќе опстане е големо прашање и прашање на проценка. По мое гледање тоа е класична стапица, точно на оваа спрега на земји на која најмалку ни одговара македонското усомостојување. Бидејќи не можат да го спречат, тие се свесни дека не можат да спречат Македонија да стане член на ОН, тие прават класична стапица. Лавот стои а од спротива ни кажуваат столчето на ОН не чека и јарболот за знамето на ОН не чека. Што треба да направиме? Само една модификација на името и да прифатиме 5 илјади француски војници во Македонија. Ако тоа се случи и 5 илја- ди француски војници да прифатиме може тоа да ни се случи, да се случи она на Кипар. Дури тогаш нема да ги исполнуваме условите, бидејќи еден од главните услови е да си ја контролираме својата територија сами. Тоа се основите за трајно решавање на маргината.

XVIII/2.-

Што е за нас најстрашно што може да ни се случи сега, да не признаат пребрзо и како што рече еден од пратениците да ни наметнат име. Да не се лажеме, име не може никој да ни наметне. Просто процедурално тоа не е возможно. Може само да не буди нас да си ставиме. На тоа како што рековме нема право никој, да даде таков предлог. И како што реков да дозволиме во Македонија да влезат 5 илјади француски војници кои ќе не "штитат" од север. Но, сега што мислам дека е потребно ние да направиме.

Бидејќи многу попуштавме и сега практично нашите пријатели кои можат да не поддржат и сакаат да не подржат и во Советот за безбедност и во поширокото собрание на ОН, не се сосема сигурни дека ние опстојуваме и никако не сакаме друго име освен ова. Не се многу сигурни после овие работи што се случија, се најавуваше разни потписи на Владата под едно под друго, што може не е точно, но валиден уставен правен договор со УНПРОФОР не може да има. Тој повелете покажетего, да го видиме, ако има.

Јас мислам, бидејќи редовното генерално Собрание заседава од септември третата недела од септември, имаме време до тогаш, а пред тоа не може да не прими освен ако специјално се свика ургентно заради нас, што може да биде ако ние се решиме да си го смениме името. Не е долг период пет месеци, како што некој рече сме чекале и пет векови. Македонскиот народ сака да верува во добро многу повеќе одтколку што сака да верува во лошо и можеби е наивен заради тоа. Но, се лаже секој кој мисли дека Македонскиот народ е повеќе од наивен. Сакам да го препорачам романот Пиреј. Пиреј е треба на неуништивоста, од Петре Андревски него да го прочитаат сите кој што не го прочитале, а особено го препорачувам на г-динот од грчката ТВ што кој така слободно овде шеташе и не снимаше и нас, да го прочитаат и да знаат дека пиреј и лавот се симболите на Македонија.

XVIII/3.-

Ги предлагам заклучоците кои во писмена форма ги видовте и за кои сметам дека се неопходни како став на Собранието ако сакаме да имаме минимум дигнитет. Исто така предлагам од овие дискусии да произлезе едно барање до Владата да го регулира статусот на стационираните сили на УНПРОФОР, на мисиите на ЌЕБС, како и да изгради став по изјавата на Митеран за 5 илјади француски војници во Македонија и да реагира на ниво министерство со Министерство и да бара објаснување во врска со таа работа.

Понатаму, предлагам уште од утре да седнеме и сите заедно со опозицијата на иницијатива на претседателот на Републиката да се договориме како да го планираме периодот на притисоци и да го издржиме и економски и во секој поглед да не попуштиме тоа многу ќе ја симне тензијата и во оваа сала, а оваа сала многу дејствува на целото население во Македонија, и таму тензијата ќе попушти и ќе се формира штаб за признавање кај што ќе има и историчари и дипломати и интелектуалци школувани во разни земји, таму каде што имаме и пријателски, па и таму каде што имаме и непријателски потпори. Да биде консултативно тело, а да биде вклучена и опозицијата, да не мора да имаме уште вакви расправи какви што имаме сега и по секоја цена да заработи Министерството за информации за неопходната пропаганда за нашето признавање.

Сакам само уште една моја обврска да исполнам спрема населението од Богданци кои ми пратија, сум го заборавила на местото ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа од говорница не можете да го истакнувате.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

1.500 потписи за признавањето и они со многу тешки и јаки зборови се изразуваат, мене ми е жал што не можам да прочитам, не можам да го прочитам. Сметаат заради тоа немаат ни трговија.

XVIII/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор премиерот Бранко Црвенковски

**БРАНКО ЦРВДНКОВСКИ:**

Јас претпоставувам дека трпението е при крај со оглед на тоа што седми ден е денес откако отпочна оваа седница на Собранието. Многу работи се кажаа. Верувам дека многумина би сакале од она што беше кажано час поскоро да го заборават.

Меѓутоа јас чувствувам должност, бидејќи е при крај расправата да се обидам во што е можно пократки црти да се навратам на нешто што беше речено без намера да влегувам во полемика, токму заради тоа да се разјаснат некои работи да не останат да лебдат по воздух.

Обично се вели дека во најдобро сеќавање и впечаток останува последниот дискутант бидејќи е сеуште свежо. Јас се трудев повеќето од тезите на Димитрова да ги разберам, се плашам дека дел од нив не ги разбрав, меѓутоа за една во потполсност се согласувам, а тоа е дека е точно тоа дека државноста на РМ не почнува со нас, дека ние имаме своја традиција, почнувајќи од АСНОМ од 1944 година и таа теза на г-та Димитрова ја поддржувам и би сакал целата партија на која таа и припаѓа исто така да ја поддржувам, бидејќи имавме неприлика често пати да слушнеме овој изминат период е период кога Македонија била окупирана, завладеене итн. со што си плукаме на своето сопствено минато.

Ќе почнам од таму каде што почна целата расправа, каде што изгубивме дел еден ден, а тоа е дали оваа седница да биде затворена или отворена.

Ние како Влада тргнавме минатиот пат нешто спомнав за тоа, сега ќе повторам можеби уште еднаш, со претпоставката дека се има

расположение кај иницијаторот за оваа точка кај оваа седница со намера да се помогне да се дадат некои сугестии, пред- лози, да и се помогне на надворешната политика на нашата дипломатија во овој период и евентуално да ги разгледаме сите можни варијанти, подваријанти што може да бидат наметнати во периодот кој ни претстои. Од тие причини сакавме да дадеме една целосна информација, тоа да биде затворена седница, бидејќи сето што е сврзано со меѓународното признавање, сврзано е и со безбедноста на Републиката, со можен развој во нашата околина. Ние знаеме што се се случува и се говори во Советот за безбедност не само околу признавањето на РМ, туку околу она што се случува во БиХ околу СРЈ, кои се се можни варијанти за расплет кој што може да биде наметнат таму и не можеме да кажеме дека тоа е нешто што нас не не засега, ниту пак можеме да кажеме дека тоа се теми што можеме да ги говориме на отворена седница, доколку сакаме квалитетно да говориме за таа работа. Тоа беше намерата и тоа беше предлогот. Меѓутоа од она што имавме прилика како дискусија пред се од иницијаторот за оваа седница да го слушниме во овие изминати, не би рекол 7 дена, 7 дена има откако почна седницата инаку беше неколкудневна расправа. МисуаЈЦ дека е дефинитивно, на крајот од целата оваа работа е јасно дека само малкумина, бидејќи имаше и такви морам да речам конструктивни пристапи , дури од страна на позицијата. Меѓутоа, од она што имавме прилика да го слушниме мислам дека е дефинитивно јасно дека не било намера да се добие ниту целосна информација, ниту да се дадат сугестии предлози кои би биле евентуално уважени или неуважени, би биле спорени или оспорувани, туку имавме прилика во неколку дена да  слушаме напади од најнизок

тип на носителите на надворешната политика, пред се на претседателот на Републиката и министерот за односи со странство. Имавме прилика да видиме како јавно пред ТВ Камерите, пред целата македонска јавност, не само он а што беше речено дека се етикетира и што е присутно во некои други парламенти, туку најбезобѕирно се плука, се псуе, се навредува, се понижува човекот пред целата јавност, пред очите на членовите на неговото семејство што ја следат оваа седница. Мислам дека и министерот за односи со странство беше ставен неколку дена, да не речам две години во таква ситуација врз себе да трпи и критики кои што се разбирливи дека треба да постојат, меѓутоа и нешто што може се нарече плукање, улично плукање а својствено можеби на утакмица меѓутоа не и во Парламентот, во највисокото законодавно тело во оваа држава.

Јас ја користам оваа прилика исто така да му кажам и на претседателот на Собранието на Република Македонија во следната прилика кога некој член на Владата ќе биде изложен на такви критики што всушност не се критики, туку е обид да се сруши моралниот интегритет на некој човек, јас ќе ја повлечам целта влада од седницата на Собранието, а Собранието може да гласа за доверба на Владата, ако со тоа не се согласува. Меѓутоа, уште еднаш тоа го велам до претседателот на Собранието бидејќи мислам дека и тој е повикан во одредени ситуации да интервенира кога ќе почувствува кога се надминува или се спуштаме и под најниското можно ниво што е дозволиво за едно вакво највисоко Законодавно тело како што е Собранието на Република Македонија.

Внимателно се обидував и тогаш кога бев присутен и тогаш кога не бев, бидејќи ТВ цело време вршеше пренос да ја следи дискусијата и

покрај тоа морам да кажам дека во ова време кое што беше воочено како едно клучно време и за процесот за меѓународно признавање и од економски и од политички аспект и од внатрешен и од надворешен план 7 дена и Собранието и најголем дел од Владата е ставена во ситуација да учествува, на крајот ќе видиме а јас мислам дека сите гледаме на една апсолутно бесплодна расправа. Тој луксуз во ова време не може да си го дозволи ниту Собранието, ниту Владата. Сето ова што беше кажано, јас се обидувам да ги забележам сите предлози, без разлика од кого ќе бидат изречени што имаат во себе констуркитност, што се обидуваат да дадат некој придонес за поуспешно водење на надворешната политика, бидејќи тоа беше на крајот на краиштата основна тема. Забележав неколку работи ако нешто испуштам, однапред се извинувам.

Беше кажано дека немаме отпечатено пропаганден материјал или брошура што ќе ја делиме по светот. Тоа беше од неколку луѓе кажано. Можело тоа да се направи и покрај тоа што не е така дека апсолутно нема ништо. Уште претходната влада има такви материјали печатено и дистрибуирано, а и оваа Влада дури закупивме просторов во некој Европски списанија, можеби треба и пратениците да б идат информирани, поконкретно оние што се интересираат за таа работа. Меѓутоа да не се залазуваме дека е тоа клучното или тоа ќе направеше голем пресврт ако имавме една брошура што ќе ја делевме пред светот, бидејќи на крајот на краиштата секој оној кој имал прилика во било какво својство во овој период да отиде надвор ќе види дека во Европа ОН и Америка се преплавени со брошури од грчката страна почнувајќи од не знам колку векови пред оваа ера па до денес, со разно - разни памфлети

докази дека е таа историја ваква а не онаква итн. Така да јас верувам дека е тоа еден предлог кој може нешто да придонесе, меѓутоа дека е тоа нешто клучно што ќе промени во целиот однос на силите околу меѓународното признавање, не верувам, дека никој сериозен во тоа ќе поверува.

Втора работа е дека треба да се оформи посебен фонд за финансирање на активностите сврзани со меѓународното признавање од кој ќе се финансираат такви активности. Господа, овој период токму буџетот на РМ е еден од тие или да речам главниот фонд за финансирање. Можеме да дадеме преглед на сите разно - разни телеграфии без разлик кој до каде се, од научниот свет, од културниот свет со спортскиот кој што требало да престојуваат некаде каде што буџетски требало биле финансирани од Владата и владини и не владини институции, во рамките на можностите, бидејќи да не заборавиме дека секогаш постои еден лимит, а тоа се финансиските можности на оваа држава.-

Она што е клучно кога се разговара, ако некој има намера дамбициозно да ја критикува надворешната политика, јас немав прилика да го слушам, дали има забелешки на стратешките цели поставени на надворешната политика или дали се има забелешки на методците што нашата надворешна политика ги користи да дојде до тие стратешки цели. Околу тоа не видов јас некои забелешки, што значи сите ние се согласуваме дека целите пред таа надворешна или вкупна политика, како сакате стратешки се токму тие кои се зацртани,а и методите кои се користат се токму тие. Од тоа може да се заклучи следново:

Ако не сте вие туку ние ќе ги имаме истите цели, ќе ги користиме истите методи само ние тоа можеме и умееме подобро да го направиме од вас кои што сега тоа го правиме.

XVIII/9.-

Имено, бидејќи се оспорува  на претседателот на Републиката, на министерот за односи со странство, „а Владата дека се дилетанти, се вели дека се некомпетентни итн., произлегува дека е опозицијата состави своја влада истите цели со истите  летоци, меѓутоа поумешно тоа ќе го прави од оние кои сега се задолжени тоа да го прават. Јас можам да поверувам во таа работа, меѓутоа не е битно дал„ ќе поверувам, битно е тие кои што одлучуваат по пат на гласање, при што се создава доволен број на пратенички места на Парламентот, тие да поверуваат за да ја дадат таа можност. Инаку, имавме прилика во два процеса на преговори за составување на Влада и веднаш после првите избори и сега после паѓањето на претходната влада да контактираме со претставниците од ВМРО-ДПМНЕ, јас лично да контактирам каде што не 6еше спорно дека се поставуваа и се извлекуваа имиња за кандидатите на одделни места. Да речеме јавно 6еше о6елоденето дека кандидат за претседател на Влада, доколку во таа Влада учествува ВМРО- ДПМНЕ е лидерот на таа партија г-динот Љупчо Георгиевски. меѓу другото, за надворешната политика е г.динот Бранко Синадиноски  дека за Министер за внатрешни работи е Борис Змејковски, дека за министер за од6рана е г-динот Црномаров, може6и таа гарнитура полумешно и поуспешно во овој период Ќе ја спроведува политиката на РМ , но во тоа тре6а да ни поверува овој народ.(реакција на дел од пратениците).

XIX/1/CJ/0M

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (продолжение)

Две три тези кој што се провлекуваа во повеќе дискусии јас бис е обидел , само во неколку реченици да ги коментирам.

Првата теза која што беше и децидно изречена од еден дискутант кој што говореше овде повеќе од час време, се разбира при тоа 50 минути потроши качувајќи се на времепловот да не потсети штос е случувало во минатото и тоа не е прв пат беше кажана тезата дека фактот што Република Македонија во овој период од година и два месеци се уште не е меѓународно призната значи пораз за надворешната политика на Република Македонија. Во истата налогија, господа пратеници можеме да кажеме дека е пораз целата македонска историја. Со векови овој народ се труди да создаде своја држава, меѓународно призната, досега не успеал и дали тоа значи дека по истата аналогија можеме да кажеме дека целата историја македонска всушност е еден пораст и сето она што не е направено со векови наназад, сега ние сублимирано во една година го толкуваме како пораз, како една рутинска работа која што не се заврши и од тоа се произведува заклучок, тоа е пораз на надворешната политика ан Република Македонија. Дали можеме да кажеме токму за, еве ќе ги користам имињата кои што најчесто се користат, да речеме, и во вашите искажувања дека господинот, да речеме, господата илинденци на пример Гоце Делчев, Даме, Никола итн. доживеале пораз заради тоа што тогаш не успеале да создадат своја држава. Веројатно, нивната опозиција во тоа време , а таа по- стоела и тогаш како што постои и денес исто така ги напаѓала дека не знаеле тоа да го прават како што треба да се направи.

Понатаму, тезата која што две години без разлика по кој повод се разговара во овој парламент, постојано се провлекува, а тоа е дека во

XIX/2.-

Република Македонија, во нејзиниот политички живот, во нејзиниот парламент во државните структури на оваа држава има вистински македонци и сомнителни македонци или македонци со сомнително потекло, со сомнителен патриотизам. Две години по било која расправа се наметнува постојано една теза дека некој треба да докажува дека е навистина македонец, дека навистина ја сака оваа држава и и посакува се најдобро и на државата и на народот кој што живее во неа.

Се поставува прашањето, кој може за себе да си го земе монополот да биде чувар на националната чистота. Кој е тој што може да изиграва евнух во харем, некое наше национално гестапо организација да бдее над тоа дека некој постојано сака и се обидува да изврши предавство, да направи шпекулација, да направи манипулација, да кова завера со соседите, бараме стенограми од средбата со Паниќ, од средствата со Милошевиќ, од средбата со незнам кој таму, читаме по весници ваму е тоа кажано, мора тука нешто да има итн. Кој ви го дал тоа право господа?

Третата теза дека никогаш досега Македонија не била до таа мера понижена како што во овој момент каде што е стигната со процесот на меѓународно признавање. Поставувам прашање, било кој може да ми одговори: кога во својата историја се до денес Македонија била на повисоко ниво од она што го има денеска. Кога била поблиску до своите стратешки цели, да ги реализира од она што е денес. Господа, само пред две три години во Скопје слетуваа два авиона неделно. Сега имаме сигурно повеќе делегации во текот на неделата од разни држави кој што доаѓаат и се интересираат за тоа што се случува овде. Утре доага и вториот претседател на држава во посета на Република Македонија. Кажете ми, вака, отворено кога во историјата на повисоко ниво била поставена оваа држава од она што сега е.

XIX/3.-

Се поставува прашањето која цел пред нашата надворешна политика оваа држава и овој парламент ја постави. Од историски аспект гледано тоа е најтешката цел што можеше да и се постави на нашата надворешна политика. Бидејќи остварувањето на таа цел, а тоа е и зборување на меѓународно признавање на РМ, внесување на РМ во меѓународната заедница, во Обединетите нации, значи ревизија на целата досегашна историја на Балканот. Поништување и на договорите од Букурешт од 1913 итн. Гледано до историски аспект тоа е најтешката задача што може да и се постави на нашата надворешна политика. При тоа можеме да кажеме кој е тој исход тој што можеме да го протолкуваме како максимална можна победа во тој процес на меѓународно признавање. тоа значи доколку успееме да се избориме РМ да биде меѓународно призната под своето уставно име и тоа час поскоро да влезе во друштвото на ОН да биде признаена од сите битни држави во Европа и пошироко, ако успееме час поскоро да влеземе во меѓународни финансиски институции, ако успееме да обезбедиме финансиска поддршка од надвор, ако отвориме врата за идни економски интеграции во Европа, во регионот итн. Тоа е тоа, тој исход кој ние можеме да го наречеме, е , тоа е максимална победа во овој процес на меѓународно признавање.

И, тие кој што се бават со надворешната политика, со таа амбиција ја водат надворешната политика за да се извлече максимум од целиот овој процес. Ние можеме да веруваме и да не веруваме во тие луѓе. Ако не веруваме во тие луѓе тогаш илузорно е било што да се говори. Бидејќи што и да се направи се Ќе се смета дека е недоволно, дека можело и повеќе, ама ете постои некоја завера, некоја задна намера итн. Ако не веруваме постои начин, тоа е интерпелација,тоа е доверба на Влада, тоа е одговорност од претседателот на републиката и т.н., тоа се

нови избори. Меѓутоа, тие луѓе кој што ја водат оваа работа, додека ја водат со таа амбиција да се постигне максимално можниот резултат во целата ситуација. Ние едноставно во овој момент не можеме ништо повеќе да направиме од колку, бидејќи се покажа и во целата оваа расправа дека не е напуштена основната платформа утврдена од овој парламент на тие луѓе да им дадеме доверба да го продолжат овој процес и доколку оценат тогаш кога ќе оценат дека треба да се информира ова Собрание тоа и да го направат бидејќи се разбира за дефинитивни одлуки Собранието треба да го донесе дефинитивниот збор. Еве толку. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор, ве молам, зборувавте Вие. Змејковски бара реплика, го спомнаа неговото име. Само 5 минути е репликата.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Јас навистина морам да му се заблагодарам на премиерот кој што ми даде прилика да излезам овде, инаку диктатурата се покажува на место.

Јас бидејќи бев спомнат, односно беше спомнато моето име, навистина не ми е ништо чудно што премиерот ме спомна и посочи веќе на кое место би требало да одам како министер и треба да му се заблагодарам, најверојатно таа понуда ја имав и од неговата Влада, тоа не го кажа сигурно. Јас морам да кажам во тие преговори кога ние ги водев- ме како две партии за можна коалициона Влада да се направи во Македонија, пред се не падна збор ни за едно министерско место. Од наша страна на господинот министер му беше понудено 50:50 во таа

влада, сега моменталниот министер мислам навистина ништо не ме чуди што овде се кажуваат само демагогии од истиот дотичен премиер на Владата и го лажеме целиот македонски народ и пошироко, а воопшто не се навраќаме на реалноста и на вистината што се случува во Македонија.

И на крајот, не би сакал да ве мачам сите, да ве малтретирам после пет дена, би сакал само да напомнам дека сигурен сум во тоа до колку имаме конкурс за една ваква Влада, во овој состав да

ги баравме во целиот свет од сите криминалци, сигурно дека немаше да составиме ваква Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

ве молам, внимавајте, внимавајте на секој збор, тоа се надвор од речникот на еден парламентарец зборови.

Кој уште бара збор?

Ако нема никој, јас би кажал само неколку збора.

Се разбира сите сме уморни, јас од проста причина што имам овде специфична задача нема да биде чудно ако ви кажам дека сум веројатно по уморен од сите од вас, но наоѓам за потребно да кажам нешто од ова што го доживеавме овие пет дена, дали можеме некоја поука да извлечеме и дали можеме да извлечеме некој заклучок, дали можеме да се некако искористиме од ова искуство. Ова беше можеби најтешка седница на нашиот парламент до сега, но резултатот кој го има не е во сразмера со тежината на текот на седницата. Овој пат имаше веројатно најмногу нарушувања на текот на седницата и најмногу оддалечувања од она што е тема овде и најмногу служења со средства и методи кои не се примерни на парламентарниот живот.

XIX/6.-

Дали ни е потребна седница со ваква тема. Дури да ја немавме Резолуцијата, документот, нас сигурно ни е потребна една ваква седница со ваква тема . Таа требаше да биде седница каде Владата ќе излезеше со точни согледувања и анализи на изминатиот пат и фазата во која сега се наоѓаме во меѓународното признавање на РМ и да се задржавме на темата, на таа тема. Потоа требаше да го расправиме еднаш дефинитивно овде проблемот, што значи тоа дека ние немаме правен проблем во меѓународното признавање дека е тоа политички проблем, политичка препрека и да видиме сега кој политички сили и кој односи на политичките сили кој се влијателни во разрешувањето на ова прашање постојат сега. Што се формира како однос на силите, дали имаме право така лесно да ги делиме земјите на пријателски на РМ и непријателски на РМ, Дали знаеме точно што се можните опции за секоја од нив, врз основа на кој знаци и кој разговори со нив, на кој факти ги заснива ме нашите проценки, да кажеме на вистинското држење на Велика Британија, на вистинското држење на Германија на вистинското држење не Русија. До каде навистина една од тие поедини фази е спремна да оди во поддршката на РМ, кој се тегобите што и тежат да има мерка во тоа одење, да не се храниме од поедини написи во весниците или од поедини изјави случајно дадени негде, туку да видиме што навистина ние имаме вистинска информација, вистинска процена итн. Се разбира за една таква расправа е потребно од кога ќе се добијат сите тие информации и добри процени за вистинското можно држење на еден, на Друг, на трет важен фактор, сега во Советот аз безбедност во ОН о т.н. тогаш кога тоа ќе го направат професионалци, кога во Владата тоа ќе се стори и ќе ни биде овде дадено, тоа може да ни биде дадено господа само на затворена седница и има смисла за тоа да се разговара само на затворена седница. Не, заради тоа што се сака нешто да се скрие од

народот овде туку што тоа не може на друг начин да се направи. Едноставно, на друг начин тоа не може да се направи.

Меѓутоа, еве сега ние имавме расправа од пет дена. Прво, не можевме да се договориме да обезбедиме една таква седница која веројатно на Владата сега и е потребна. Второ, кога почнавме да расправаме излегоа на виделина сосема други пристапи и сосема други цели и сосема други аспекти. Многу малку фактички се зборуваше точно да се процени која е фазата во која сега се наоѓа нашето меѓународно признавање. Да речеме кој се факторите каде влијаат и какао ќе влијаат итн. Толку колку може тоа јавно да се стори, со сите огради.

Што добиваме со тоа? Добивме од прилика ваква процена. Ќе доцни во меѓународното признавање и катастрофална е политиката која е водена досега и за тоа не не примаат во ОН и се доцни со сето тоа.

Од друга страна од истата партија пратеници овде зборуваат чекајте, Чекајте, што се брза во ОН, нека почекаме, еве, генералното Собрание ќе биде есента, па тогаш зошто да не итн. итн. Не, за името овде нема никаков предлог. Бидејќи е наполно јасно дека Република Македонија на сите им е јасно тоа се обратила до ОН со службен акт каде бара прием под името Република Македонија тоа да се отвора во нашиот Парламент затоа што постојат иницијативи некои други таму, за кој Владата тек треба да разговара, да преговара итн., нема никаква навистина да се избориме за името на сите оние од кои зависи крајниот исход на целиот процес на нашето меѓународно признавање и прием во ОН треба да им ги разјасниме и докажеме и обориме сите нивни аргументи, а нашите аргументи да ги наведуваме постојано. Тоа значи

дека ниедна иницијатива не смее да биде одбиена, во секоја иницијатива да бидеме смели и да влеземе во расправи, при тоа да имаме свој став, да имаме своја аргументација и да се бориме својот став да го одбраниме и докажеме. Ако ние почнеме секоја иницијатива што се јавува едноставно заради тоа што за нас е неприфатлива да влеземе во разговор по неа, не ги наведиме причините зошто е неприфатлива, не кажеме какви штети таа ќе нанесе, не кажеме кои други проблеми ќе ги предизвика овде итн. ние тогаш на целиот свет ќе му личиме дека ние немаме докази да таа иницијатива не е неприфатлива и штетна туку дека луѓето што се на власт едноставно не се одлучуваат, не се смели да влезат во разјаснување, тие се преплашени од една атмосфера која е створена, која е специфична за Балканот во секоја земја, не само кај нас овде и на тој начин фактички таа земја треба малку да 'се олади, малку нека остане надвор од процесот на договарање.

Затоа мислам, дека во овој процес на разрешување на ова прашање треба да бидеме крајно внимателни што тоа ние заговараме и кои од нашите овдешни институционални фактори, кога, каква иницијатива и активност треба да покаже. Ако ги измешаме картите, ако почне парламентот да работи место Владата, Владата место министерот за надворешни работи место парламентот или незнам како, што е можно, во таков случај се разбира ние меѓу себе сами овде ќе се парализираме до крај. Јас не верувам оти тоа не е познато на луѓето што работат во парламентот, што се членови на парламентот , бидејќи ние веќе две години сме овде. Но, што е сега работата, во што е блокадата што овде нас ни се наметнува? токму по ова прашање.

XX/1 СП/ПН

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Ве молам, истовремено кога се вели дека Македонија не е призната по вина на раководството на Македонија, на министерот за надворешни работи, на претседателот на Реп6уликата, истовремено се прават о6иди да се наведат докази зошто тоа навистина Македонија не треба да биде призната од внатрешни причини. Па, се паѓа во една многу чудна ситуација. Да кажеме пратениците од ВМРО-ДПМНЕ еден од крунските докази зошто Македонија не треба да биде призната им е дека Македонија има комунистичка власт дека во Македонија Социјалдемократскиот сојуз кој е наследник на СКМ-ПДП итн., сега е главен коалиционен партнер околу кој се собираат другите итн.

Заборавааат тие господа дека пред 4-5 месеци кога беше составувањето на Владата кога тие до6ија мандат да Формираат Влада, единствена партија е, тоа г-динст Змејковски го кажа овде, ко ја повикаа заедно да направат Влада беше само од СДС ве молам, коалиција само со СДС. Спрема тоа СДС не е некој доказ на некој комунистички карактер на оваа Влада, туку едноставно тој е виновен зошто не Ја прифател таа прва понуда, за тоа сега се напаѓа.

На крајот на краиштата да ви  кажам право мене не ме интересира, вие можете тоа така да го  правите, ако сето тоа како држава не ни ја намалува можноста да си ги тераме работите и да ги постигнуваме целите кој треба да ги постигнеме. ако заради тоа само, заради таков интерес кој е така манифестиран треба да се создаде впечаток во светската јавност дека Македонија не треба да биде призната заради тоа, ве молам, каква цел има и каква смисла има, на кој начин ние ги

сфаќаме нашите државни интереси и на кој начин мислиме дека тие државни интереси да ги браниме, застапуваме, да ги оствариме.

Втор аспект кој овде се наведува често пати неспособно раководство кое не ги изразува националните интереси на македонскиот народ и не ги следи државните интереси на македонската дражва. Ве молам, каде сме ние? Ние прогласивме независна држава Македонија, изборивме меѓународно признание од одредени земји, сето тоа го направи раководството несвесно за националните цели. Зарем е можно една партија да се повикува на своите гласачи да заборави дека повеќе македонци гласале за другите пратеници. Па и тие се македонци. националниот интерес е нешто широко, државниот интерес е исто така широко, некаде сосема се поклопуваат, некаде е пошироко и т.н. Мислам, таквиот приод можеби изгледа дека носи партиска предност понекогаш, но чини штета на државата, па тука во тој контекст се и методите на дискредитација, па еве сега имаме пример да ни кажат дека се објави конкурс за криминалци повеќе нема да се соберат во Владата отколку што се сега и незнам што, без ни еден доказ, едноставно ќе се стави нешто во промет, ќе се пушти нешто, а без никаков доказ. Ве молам, тоа навистина не носи корист на државата. Ние, ако сакаме да разоткриеме и може да се случи да има криминалец во Владата, можеби има двајца, тројца, за тоа треба, во секоја Влада има еве имаме многу скандали во Италија и незнам каде. Зарем немаме парламентарен пат како да ги расправиме тие работи. Точно ќе адресираме кој е тој и ќе видиме кој е политичкиот исход, кој се тие дејанија, кој се доказите и т.н. Меѓутоа, без ни еден доказ, без ни една иницијатива, без ништо да се наведе, на луѓето да се фрла лага, срам, само заради тоа да се добијат

поени во јавноста, да се побудат основните базични инстинкти на луѓето за да можат да реагираат не во интерес на сопствената иднина, за иднината на своето семејство, туку во создавање на една хаотична ситуација јас не гледам никаков интерес за државата и мислам во тој контекст ве молам, ние мораме сериозно да размислиме и опозицијата сам да си процени дали работи во своја корист, дали работи во корист на државата, затоа што во парламентарниот систем опозицијата има многу јасно месно и многу јасни задачи кои друг не може да ги изврши ако нема опозиција. Во тој поглед мислам дека е многу значајно да размислиме дали сите работи добро сме ги промениле или едноставно кога ќе се најдеме пред атрактивни теми кои дозволуваат секој сите чувства да си ги изложи, тогаш се забораваме, и едноставно ги губиме сите критериуми и тоа прераснува не во јасна политичка ориентација, туку во некој потполно случаен можен исход во целата таа работа и целата таа расправа.

Ве молам, оттаму сега ние треба да размислиме во врска со меѓународното признание што фактички претстои пред нас сега. Пред нас престои едно деликатно, видете, ние прво мислам дека многу ќе погрешиме ако ја. замрзнеме работата и чекаме до есен. Тоа се работи кои не се пропуштаат кога созреваат како што треба.

Според тоа, ние треба да јас поддржиме Владата, да ги поддржиме сите овие кои непосредно се вклучени во активностите за меѓународното признание и да се забрза нашето присуство и да се интензивира нашето присуство во ООН за да можеме да доаѓаше до многу точни проценки и да можеме да ги вагаме сите создадени односи и оние кои можат да бидат Да видиме кој расплет тука ќе биде. Во тој контекст мислам ОТИ ние овде многу ќе погрешиме ако почнеме да прогласуваме држави кои

се непријателски за Македонија, а кои се со големо влијание во светот. Без оглед што ние имаме искуство, па и чувство што се некои од нив како се држеле и како постапиле и кои ни биле последиците ако ние државнички размислуваме ние мораме да проценуваме денеска да видиме од кои принципи и од кои интереси секој од тие фактори се води, се раководи и да видиме каде може да ни биде нашиот можен контакт, нашиот можен мост да се потпреме и на тие и нека никој не се залажува дека ние можеме наспроти стратешките интереси на некои клучни земји во светот, ако ги прогласиме за непријатели, ако тие навистина се против нас, да можеме да остваруваме тоа што можеме да го оствариме и што сакаме да го оствариме.

Ве молам, таа теза да треба да бидеме во судир без оглед со која сила располага противникот, таа го даде резултатот во војната од 1947-1949 година. Ние мораме сите околности да ги процениме добро, мораме да имаме навистина сознание за реалните односи и сили само во тој случај треба и во согласност со тоа да одиме да ги избегнеме сите можни притисоци кои можат да се вршат врз РМ.

При тоа, нашиот став е сосема јасен, сосема јасен дека ние не можеме да водиме политика и да се приклониме на било какви решенија кои, прво, ќе ни го загрозат националниот идентитет како нација.

Друго, можат да ги доведат во прашање националните интереси и државните интереси на Македонија.

Трето, ние не можеме да прифатиме било какви солуции во Советот за безбедност кои би отвориле можност за постоење на некои

трајни механизми за некои траен надзор, надгледување или ексклузивни права на било која друга земја над Македонија или група земји, ние мораме да избориме овој пат вистинска независност, но мораме исто така да ги вложиме сите потребни напори да ги разрешиме прашањата и споровите кои постојат меѓу нас и меѓу соседите, во тој контекст и Грција.

Грција, ако само ја гледаме од еден аспект, од нејзината сегашна и досегашна службена политика и заканувачките изјави, тогаш е една работа и на таа Грција и на тој аспект на грчката политика се разбира, ние мораме да ја спротивставиме нашата упорност да опстанеме, да издржиме, да водиме мирољубива политика, да бидеме лојален сосед итн. Меѓутоа, мораме да сфатиме и Грција ќе сфати и таму ќе преовладаат сили дека застрашувањето со некоја опасност од Македонија се нереални, дека немаат основа и дека треба таа земја да си ги уреди односите со нашата земја. Тоа нам ни останува како голема задача. Ние, и кога ќе бидеме примени во ООН таа задача нам ни престои, но ние треба да оставиме јасен впечаток за тоа дека Грција која многу долго имала сосема друг став сега изгледа потешко го сваќа овој историски момент кој е вистински пресврт во историјата на Балканот. Ние мора добро да размислиме и да видиме со кој потези и на кој начин ќе ги изразиме нашите намери за добрососедство, но истовремено дека се гасат, да дадеме јасно на знаење дека се гасат сите оние стари аспирации кои едноставно веќе немаат никаква основа во Македонија за да полесно се сфати, да се развијат илузиите во некои кругови во Грција дека внатре во Македонија постојат уште резерви за нејзино внатрешно расклатување. Од една страна да кажеме оценка дека слаба поддршка на власта, од друга страна дека албанскиот фактор треба да се активира

на рушење на стабилноста на Македонија од трета страна можност за интензивирање и други притисоци, но пропаганда од северниот сосед.

Ние, со нашето држење, со нашиот опстанок овде докажавме дека сите тие варијанти се едноставно нереални, дека Македонија опстојува, дека е во состојба да опстои, дека е таа држава која функционира по сите принципи на Европската парламентарна демократија, дека овде се обични измислици, приказните за тоа дека овде нема демократија, дека е тоа диктатура итн. или дека меѓунационалните односи се такви што албанскиот фактор стално може да ја загрози стабилноста, кога знаеме добро и самите Албанци во Македонија знаат дека едноставно секоја друга солуција за нив и за населението од албанско потекло овде е. поштетна отколку зачувување на безбедноста и територијалниот интегритет на Македонија.

Оттаму сметам дека и таму помеѓу политичарите Албанци треба добро да се промисли какви истапи има, на кого тие создаваат заблуди.

Според тоа, една од основните наши задачи е, ако сакаме да го забрзаме овој процес да создаваме услови на градење на добри односи со соседите, но и на начин на кој нашите реални можности, реални сили, реална цврстина ќе биде искажана, ќе биде докажана, ќе биде демонстрирана, а надвор може само, јас мислам може само да ги охрабри сите сили кој тогаш со една стабилна држава ќе сакаат да градат односи и ќе ги регулираат сите свои проблеми. прашања, намери итн.

Според тоа, она што сега кај нас се поставува денеска како да ја уредиме и да ја завршиме оваа седница, сметам дека ние најмногу нашата готовност да се избориме за името, како велите името, да се избориме всушност за нашата сигурност како држава, за нашата безбедност, за зацврстувањето на нејзината меѓународна положба затоа што таа држава постои, ние сме докажале дека постои, тоа е потребно да ги отстраниме сите оние дилеми околу тоа кој треба натаму да ја води надворешната политика, како ја води надворешната политика и т.н. и т.н.

Мислам дека не треба да правиме блокади, да се исфрла Македонија од преговарачкиот процес затоа што тоа фактички нас најмногу може да не погоди и да се договориме вечерва Владата да продолжи со својата активност во 00Н, се разбира, по сите иницијативи кои се во тек да има став, нека се бори за својот став, нека не известува како ќе не известува, нека води сметка за интересите на РМ и нашиот народ.

Инаку, сакам уште нешто да наспоменам. Не смееме сега да сме наивни и наивно сами себе да си нанесеме огромна штета. Овде беше изнесено дека ние едноставно набрзина не сме погледнале добро, па Хашката декларација за Југославија кога беше и која ние овде ја прифативме на 19 декември 1991 година и на таа основа направивме бараше за меѓународно признавање имале некој точки кои не сме ги виделе добро, не сме ги виделе последиците од нив и т.н. Јас се сеќавам дека со денови тука седевме од 17-ти сабајле, па 18-ти и 19-ти и ги согледавме сите точки кои беа присутни таму. Но, како што знаете, таа Декларација беше упатена на сите републики во Југославија, таква каква е дали ја прифаќаат неа и врз основа на таа Декларација да дадат

барање за меѓународно признавање или не ја прифаќаат, па тогаш нема ни постапка за меѓународно признавање. Како што знаете тогаш Србија и Црна Гора не беа соединети во СР Југославија, тие не отворија постапка за меѓународно признавање и тоа не е гледано таму. Тоа не беше Декларација ние да преговараме за неа, тоа беше Декларација која беше донесена, утврдена. Според тоа, не е можно дополнително сега да кажеме е видете по таа Декларација таква каква беше и која беше услов да се бара воопшто меѓународно признавање, ние сега се размисливме и има една точка каде се сомневаме во неа и треба од неа да се исправи.

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Тоа е наивно размислување, всушност или недоволно познавање на работите. И сега на крајот, што треба да биде како порака? Мислам дека овој пат се покажа дека брзи плодиви политички, брзи добивки политички на една непринципиелна основа, без да се создаде' вистинска слика за состојбите, не се можни. Едноставно не е можно политички да се впечатли ако од еден оваков проблем, како што: е меѓународното признавање и приемот на Македонија во ОН се прави прашање на политички престиж на една партија на членови на таа партија итн. Ве молам, во една партија ниту го има правото ниту та сила ја има да каже дека таа е единствениот говорник во името нацијата. Тоа може само да се јави, ако така настапува, само како фактор на рушење и на разбивање на националниот интерес, а никако како фактор на кохезија, како фактор на јасно фиксирање на тој национален интерес итн.

Според тоа, да завршиме, мислам дека целата оваа расправа покажа дека пропуштивме една голема можност, многу работи да у разјасниме и за многу работи да се договориме и многу поцелосно да ги разгледаме. Но, сепак мислам дека имаме основ да се договориме така да ја поддржиме ние политиката што сме ја воделе, да ги дадеме задачите натаму таа политика да се доближува, довршува, да биде активна и на тој начин фактички да отвориме можност процесот на меѓународното признавање да се заврши.

Што е алтернативата на тоа?

Дами и господа пратеници, ние живееме во едно многу динамично и многу опасно време. Ние живееме надвор од сите системи за безбедност што функционираат во светот. Македонија не е член на ЌЕБС. Македонија не е член н а ОН. Македонија не е член на НАТО пактот не треба долго во таква ситуација, не случајно нам ни укажуваат

дека ние сме скоро во ситуација на вакум, така да се допуштиме.

Затоа никакво блокирање на напорите на Владата. Целосна поддршка да ги интензивира и целосна доверба дека навистина води до крај сметка за националните интереси и на македонскиот народ и на државните интереси на Република Македонија.

Тука воопшто не велам дека, сигурно има пропусти, дали токму секој е прашан, точно кога е прашан, дали некој стручњак, дали некој дипломата итн., и такви пропусти може да има или пропагандни пропусти. Меѓутоа, тоа нас воопшто не смее да не кочи во основната намера и натаму не смееме да дозволиме колебање токму по тоа прашање.

(Господинот Стојан Андов го зазема претседателското место)

Мислам дека можеме да привршуваме со расправата.

Збор побара господин Ташко Киров

**ТАШКО КИРОВ:**

Господине претседателе, господине претседателе на Републиката, дами и господа

Пред точно две седмици, предминатиот вторник, излегувајќи од седницата после последното продолжение на 53-та седница, на, патеката пред Собранието патеката за пешаци ме запре еден стар човек, прилично стар човек и ми се обрати со следниве зборови: - Синко, да те прашам нешто. Јас очекував да ме праша човекот за некоја локација, улица и навистина брзав за автобуска станица. Застанав и човекот ги изговори следните зборови: - Дали ќе не биде, ќе биде ли Македонија држава.

Јас инстиктивно одговорив "Да", па ние сме држава" а човекот очигледно беше под еден силен емотивен набој и пророна солзи. "Да, ми

рече, и јас' истото го мислам. Поготово што јас тоа го знам уште од последната војна во која што учествував и знам дека се борев во Македонска војска за македонска држава. Но, денеска разговарав со многу луѓе и сите на некој начин се разочарани и имаат изгубено надежи."

Да, токму така. Нашиот народ како да' има изгубено надеж и разочарани се. Пример затоа се многуте млади генерации кои што сега во последен момент бараат излез од Републикава за подобар живот. Навистина, нашиот човек како да чувствува егзистенцијална материјална неизвесност како да го губи тлото под нозете.

Како последна шанса наоѓа една потпора, тоа му е свртување кон колективитетите . Како прв колективитет тоа е државата. Но, што му се пружа на тој наш човек? Секојдневни најизменични информации ќе бидеме пливнати, нема да бидеме пливнати, ќе бидеме признати нема да бидеме признати. И, навистина, просто луѓето губат надеж исе "" плашат дека таа наша држава може да ја изгубиме или дека може да пресуши.

Дали е ова, да кажам оправдана работа дека ние може еве да за изгубиме нашата држава? Па, доколку,деновиве падна снег, да се запрашаме дали може еден извор да пресуши во услови кога надворешните услови се такви да имаме атмосферски падавини. Сите ќе printречеме сигурно, не може. Токму такви се денешните услови, светски, меѓународни

Јас мислам дека никој од колегите пратеници, најмалку се задржавме на тие меѓународни услови. Токму тие меѓународни услови погодуваат за создавање нови и нови држави. Пример на тоа е целиот социјалистички блок кој што, на тие територии се создадоа многу држави. Но, на овие работи се укажуваше и пред две години кога ги имавме првите парламентарни избори.

навистина, тогаш се изградија два ставови. Едниот став беше дека сега меѓународните услови се такви за создавање нови држави, а друг официјално манифестиран став беше дека не е тоа точно, дека државите се обединуваат по примерот на Европа. И точно е, Европа се обединува во некаква заедница, но исклучиво од економски интереси. А, додека државноста никогаш не е доведена во прашање на државите.

Па, токму сега ние сме веќе далеку од тој момент дека нашата државност веќе далеку е преструктуирана, може да се каже. Ние сме на еден пат што води кон успех и токму за тоа разговаравме за оваа информација. А, од оваа информација јас што можам да добијам битни за мене работи кои што се укажуваат како пречки за нашето меѓународно афирмирање и: за членување во ОН, единствено можев да разберам од информацијата дека пречка е Грција, друго што можев од тоа да разберам е дека ние имаме нелојална опозиција. И уште еден мој личен впечаток е дека ние за овие две години може би направивме некои чекори, но сепак, колку отидовме далеку во нашиот колективистички став на размислување? Бидејќи во минатото беше доминантен колективистичкиот начин на размислување, толку денес сме отидени понатаму.

Па еве, да видиме. Имавме една страна на поединци кои поединечно ги изнесуваат своите видувања кон оваа информација и притоа си го задржуваат правото да укажуваат и да напаѓаат исто така поединци. Тоа право никој не може да им го одзеде.

На другата страна имаме исто така поединци. Кога велам поединци велам, еден, двајца, педесет, не е важно секој индивидуално размислува. И, тоа што го изнесува го изнесува како свој индивидуален став.

На другата страна, реков, се поединци кои настојуваат да ја бранат пак политиката што ја води нашето раководство. И тоа  никој не може да

им го одземе тоа право. Тоа е нормално. Сега некој ќе рече - па што има лошо во тоа? Ништо. тоа е плуралистички начин на размислување.

Но, едно што загрижува, според мене и што е остаток од минатото, тоа е што сега се наоѓаат некои да скршнат надвор од темата и да ги анализираат оние што ги изнеле како поединци своите стаовиви. И, што е трагично, низ тие сови размислувања, што ги нарекувам јас колективистички, не се упатуваат кон тие поединци, како поединци, туку сега се упатуваат како конеколективитети, како кон опозиција, како кон одредена партија. Најчесто е тоа ВМРО-ДПМНЕ, а знаеме дека опозицијата ја сочинуваат и други партии, исто така и независни пратеници што не учествуваат во таа коалициона Влада Значи и тие се опозиција. И сега, токму е тука проблемот, што велам они се обраќаат некако кон поединци туку како кон колективитети

Западната цивилизација познава еден став или фаза која што5 датира може би од пред времето на Платон, а може би барем од времето на Платон, дека општествените промени почнуваат и мора да почнат со индивидуални промени.

Токму ако ние сакаме со индивидуални промени, треба сите прво индивидуално -да се менуваме и да размислуваме како индивидуи и да се обраќаме кон индивидуи, а не кон цели колективитети. Токму овој став е присутен а оформувањето на ова Собрание. И од тогаш, кога и да биде одредена тема, особено политичка на дневен ред вниманието задолжително се скршнува од темата кон опозицијата или ВМРО - ДПМНЕ. Па, се изнесуваат разни осуди. ВМРО- сака да ја руши Југославија ВМРО е против ЈНА. Точно, така, се изнесуваат тие ставови.

Времето покажа кој за што бил и кон што.' не донесоа состојбите. Токму поради тие причини се изнесуваше ВМРО е за војна. Но, да се

запрашаме сега, пак ќе речам индивидуално секој имаме свој став и свое право на размислување, кој е за војна? Дали тие што сакаат да не остават во Југославија или тие што сакаат да не извадат од таа Југославија. Знаеме дека сите оние што се присутни во таа денес редуцирана Југославија војуваат. А, верувајте, нашите македонски чеда први ќе беа на сите фронтови. Тоа е повеќе од јасно на сите.

Па добро, на патот кон меѓународна афирмација на нашата Република, како индивидуални влијанија, внатре во Републикава, нема никакви споменувања, што значи нема никој никакви влијанија, но, ќе беше стварно умесно ако некој не може да ги признае своите индивидуалните слабости барем да ги наведе објективно причините поради кои внатрешни, републикава не ја водат кон побрзо меѓународно признавање. Сигурно дека внатрешната политика има влијание на надворешната политика и надворешната политика е во функција на внатрешната.

Тие две корелации не можеме да ги избришеме.

Кога сме кај Грција, Грција својата политика не ја води оваква од денеска. Само формата ја има променето. Било она да ја има самата нарачана оваа улога што ја игра или од страна и е нарачана, таа нејзина политика и одговара многу поодамна. Нема потреба ние да зборуваме за политиката на Грција. Доволно е да ги прашаме оние деца и луѓе возрасни и деца кои беа носени во рацете на мајките и кои беа под терор бркани преку граница, тие исти деца денеска , затоа што беа токму таму родени сега немаат право да се вратат во таа земја. Па, некои да се видат и со своите браќа, бидејќи има и такви судбини. Да, и децата на тие деца што се на секаде низ светот распрскани и на страна се родени, не можат да одат во таа иста Грција Тоа на сите ни е јасно.

XXI/7.-

Но, денеска политикава наша што ја водиме, на некој начин дали ни одговара? Јас можам да се осудам тоа да го кажам дека за прв пат во овој период Грција на некој начин со својата политика за прв пат ни прави нам услуга како Македонија, како држава и граѓани на Република Македонија. Еве од кои причини:

Грчката Влада постојано истакнува дека доколку бидете признати, особено под тоа име они што го велат, постои ризик да избие војна. И јас им верувам,;ако тоа искрено го викаат дека тие навистиан не сакаат војна. Навистина, никој не сака војна на својата граница.

Ако тоа е така, зошто тој став и нам да не ни одговара? Затоа што и ние не сакаме внатре војна. Што, не значи дека и ние  не треба да бараме меѓународно признавање и зачленување во ОН. Далеку од тоа. Но., сепак, барем со една минимум резерва го земеме тоа нивно образложение можеби и како важечко, на некој начин.

Исто така, една друга услуга која таа политика на Грција . ни ја прави, тоа е јас мислам една голема афирмација на нашата држава и на нашето име. Навистина голема пропаганда врши низ светот Грција. Тоа е исто така повеќе од очигледно. Но, ние сме сега на прагот пред Обединетите нации Било да е тоа официјално или неофицијално, како што се тврди, циркулира барањето и тоа се спомнуваат како незванични имиња Бивша Југословенска Република,. па сакам да кажам нешто накратко и околу тоа.

Имам два приода кон ова прашање. Едниот приод може да биде ова да го сфатиме само како манипулација за дневно - политички потреби, да кажам во еден континуитет да евелуира за она што сите се надеваме и ние се залагаме, а тоа е трајно наше меѓународно зачленување во Он. И, доколку е така, може би и треба да се прекине дискусијата.

XXI/8.-

Но, има сега и една друга страна. Се тврди дека можеби ние има шанса да бидеме пливнати и под, макар и за привремено време. Независно дали е тоа за трајно или привремено, јас мислам тоа привремено е многу релативен поим. Затоа што многу работи на овој свет се привремени. Има некои образложенија дека е неопходно ние да бидеме пливнати поради две причини и тоа токму поради оние две причини што се најчесто наведени од материјалната состојба која што е во нашата Република и од причината да не има војна.

**ТАШКО КИРОВ**: (продолжение)

Јас мислам дека и двете образложенија немаат ефект поради тоа што имаме во светот познато доста држави кои што се меѓународно непризнати, а сепак се и тоа како економско јаки. Добар пример за тоа ни се некои државички- градови на далечниот исток во Азија,,а од друга страна имаме и држави кои што се признати па војуваат. Така да не може тоа да биде изговор дека ние мораме сега да бидеме примени, па и под друго име.

На крај мислам дека ние немаме едно морално право да дискутираме околу промена на името и поради наши револуционери и борци кои што во минатото се организирале и своите организации ги нарекувале токму под тоа име- Македонски организации. Годинава ние прославуваме 100 годишнина од формирањето на внатрешната Македонска револуционерна организација. Токму оваа организација го содржи во своето име и македонска, затоа што ја обединува целата македонска интелигенција во тоа време и се што е прогресивно и револуционерно за да се бори за ослободување токму на таа Македонија и за зачувуваше на тоа име. Токму заради тие револуционери и борци кои што биле со оружје во раце, или со перо во раце кои се бореа за зачувување на тоа име јас мислам дека ние нема потреба воопшто да го поставуваме на дневен ред промената на името Сигурен сум дека Македонија тоа нема да го измени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам уште некој дали бара збор?

( Не бара)

Го заклучувам претресот и ве известувам дека рпетседателот на Републиката сака да се обрати до Собранието.

XXII/2

**КИРО ГЛИГОРОВ:**

Почитувано претседателство после пет дена расправа и ова време во кое сега веќе се наоѓаме јас од се она што сакав пред вас да изнесам и да се искажам Ќе одберам само неколку фрагменти, а за друго во некоја друга прилика или за едно пошироко обраќање.

Сета расправа, за жал и овој пат не даде нешто битно ново. Се продолжи практиката на големи зборови, обвинувања, колнење дека сме македонци и дека сме за името Република Македонија. А, со чест на исклучоци кои дадоа и некои предлози кои се, навистина и добри и употребливи, можат да помогнат во понатамошната акција немаше некоја нова платформа, нова идеја и некоја поопсежна акција. Па мигот во кој се наоѓаме е исклучително значаен и мислам дека бараше од сите издигнување над некој приземни партиско - политички интереси идејќи користењето на секој потежок момент во нашата, инаку сложена и тешка борба на овие балкански простори за да се обезвреди постигнатото, а да не се нуди никаква; нова платформа и постојано внесување сомнежи во патриотизмот на сите што не припаѓаат на една, друга или трета партија и монополизирање на националното чувство за една или друга организација како рефрен се слушаше, што инаку би било гротесно да не сме во таков решавачки момент, кој сигурно овие и вакви поделби ги чини и опасни и авантуристички. Такви исфорсирани и конструирани поделби отсекогаш биле сигнал за некоја опасност, да не кажам авантура. Во овој миг кога целиот народ очекува разбрано, смирено разгледување на вкупната ситуација, проверка на досегашните заложби и натамошните чекори за да стигнеме до целта - меѓународното признавање на Македонија дојдоа до израз неодмерени говори и сакале или не сакале самите актери на така создадената атмосфера со

опасност да се дојде до Дестабилизација на Македонија и да се претстави пред светот како земја во која политичките сили не можат да најдат заеднички јазик и да се насочат кон постигнување на целта. меѓународното признавање на Македонија.

Таква ни беше потребна и конструктивна расправа, која не може да биде заменета со пароли, со чукање вгради и колнеше или пак сатанизација на другите. Многу пати е констатирано дека вистинскиот патриотизам не се гледа во бескрајното повторување дека сме патриоти и дека ја сакаме Македонија. Тоа се подразбира. Да потсетам на зборот јас што го изреков кога речиси еднодушно ме избравте за претседател. Тогаш реков “Македонија е се што имам”. И тоа го чувствува и секој наш граѓанин. Патриотизмот господа се гледа во спремноста да чиниме конкретни чекори секој ден за државата  во моментот кога таа си го бара своето место под сонцето и одделно на овие зовриени балкански простори. Се друго е користење на чувствата на луѓето за обично, како што знаеме од\ животот, многу конкретн , да не кажам лукративни цели. Не е важно дали се работи за власт, за материјална корист или за некоја друга привилегија. Особено е недозволено, мислам воопшто, а посебно во дебатата како што е оваа, користењето на невистини. На пример дека Македонија надвор не е почитувана дека нејзиното раководство не го ценат и слично,.или дека молбата за прием во ОН била предадена на 8 јануари, а Генералниот секретар официјално упатувајќи ја нашата молба до Советот за безбедност на ОН соопшти дека постапува по мојата на претседателот на РМ од 30 јули 1992 година. И покрај тоа што го објавија сите весници и радио и телевизија со тоа тврдење се продолжува. Такви чести измислици, непроверени информации и слично се користат за да се создаде впечаток дека нешто се прави зад грб иако се знае дека такви невистини ќе се  откријат. Се смета сепак на моментален ефект или на

човечки заборав. Или скоро<беше објавено соопштение, публикувано во сите весници и на македонското радио и телевизија дека претседателот на Републиката дал со;гласност на името Бивша југоловенска Република Македонија и дека тоа е објавено од страна на неколку свет- ски агенции и весници. Знаејќи, се разбира, дека таква изјава не сум дал никогаш но за да проверам да не е некоја дезинформација побара да се утврди, и се покажа дека ниедна агенција во светот, ниту било кој светски весник такво нешто не објавил. Напротив, тие денови се коментираше и тоа бројно одбивањето да се прифати такво име и ни се забележуваше. на нефлексибилност. Значи, сосема спротивно. Во меѓувреме објавениот Меморандум се премолчува, така да тоа се се некои ситни игри кои говорат за целите и намерите, на оние што се користат со такви работи. И ако нешто не загрижува тоа е што многу често се Случува дека се користат, не говорам само за една партија или друга партија, воопшто секогаш кога се користат невистини со желба да се изнесе, потцрта еден политички став или да се постигне одредена цел мислам дека е тоа голем минус за сите нас, за нашиот Парламент бидејќи тоа може да биде основа да се донесат погрешни одлуки, да се заведат луѓе итн. Да се направи штета со еден збор.

Еве на пример, свеж пример од ова утро, Од оваа говорница се изнесе дека во интервјуто за "НИН" на прашањето зошто и Србите не се вклучени во преамбулата на македонскиот устав сум имал дадено изјава. Цитирам: "кога се носеше македонскиот устав сеуште постоеше можност за постоење на Југославија", а еве што е речено, морам да го цитирам "Нин". Ние Уставот го донесовме во време кога Југославија уште постоеше, тоа е 17-ти ноември 1990 година, и тогаш не ги наброивме Србите со останатите малцинства за да те биде тоа сфатено како

деградација на Србите. Србите биле конститутивен народ во Бивша Југославија, во Македонија не можевме да ги третираме тогаш како народ, што веќе сме сопствена држава, ниту пак во тоа време да ги забележиме како малцинства. Едноставно заради тоа беа изоставени. Значи, само со додавање на два збора сосема се извртува мислата дека јас сум тврдел дека уште има шанси, можности за постоење на Југославија.

Сето ова говори господа и дами за неприфатливи методи на политичка метода без курпули, без одговорност пред се морална за однос кон достоинството на луѓето и длабоко сум уверен ако ти зацаруваат во нашето општество сериозно ќе биде загрозена нашата млада демократија, а повторувањето на вакви настани е знак за узбуна на сета демократска јавност.

Заради се што реков и се што се однесува до целината нужноста од коректни односи и при најспротиставени гледишта, недоличните оценки и навреди во однос на мене ги оставам настрана. На чест!а, достоинството и односот кон институциите на нашата држава која се бори за место меѓу државите и народите, барем за тоа да водиме сметка.

Бидете уверени дека најлошо за нашата земја нашето внатрешно убедување и нашата надворешна политика се зборува од дел пратеници во овој Парламент. Никаде надвор од нашата земја нема ништо слично да чуете. Но, тоа не е најстрашно. Најлошо е што се користат невистини кои можат да делуваат на неинформирани луѓе со служење со такви невистини, никаква политика не може да стигне далеку. Таква политика бидете уверени нема иднина.

XXII/6

Интересно е на пример дека никој од говорниците кои со тешки зборови зборуваат за Македонија, внатрешното нејзино уредување, надворешната .политика итн. не го интересираат, на пример само да спомнам што е речено за Македонија и за нејзините состојби во извештаите на ЌЕБС, кои се публикувани инаку во нашиот печат, во ХАГ во Женева, во Лондон, во јавните изјави на Стејт департменот, а еве на пример денеска веќе спомнати од последен извештај, кој пред пет дена се поднесе и се читаше во ОН од господинот Мозовјетски, ќе цитирам од него една реченица која се однесува за внатрешните состојби во Македонија за да не ги задржувам со целиот пасус кој е исклучително позитивен за Македонија. "Македонија избегна секаков воен судир и ги постави темелите за изградба на демократска и правна држава".

Денес,попладне добив и резолуција, ова е оригиналот од ОН која е усвоена на 16, тоа значи денеска во која се вели, во точката 4 "се констатира со голем интерес извештајот на специјалниот известувач дека ситуацијата со човечките права во Бившата југословенска Република Македонија е задоволувачка. Нејзиното натамошно подобрување не е возможно без меѓународна помош и признавање на таа држава". Тоа е денес констатирано.

Кога се зборува овде многу пежоративно за некои држави, а овде мислам дека претседателот Андов многу добро говореше зошто е лошо ние сега, и воопшто така да се однесуваме, да ги делиме државите на пријателски и непријателски, да даваме овлашни, неконтролирани изјави итн. Денес во францускиот Парламент од група парламентарци е поднесена декларација со молба да ја потпишат сите пратеници во која се бара меѓународно да се признае Македонија врз основа на одлуките на арбитражната комисија на чело со господинот Бадинтер.

XXII/7

Мислам дека во политиката, во политичкиот живот во работата на Парламентот проблемот на мера, на се она што претставува еден сериозен однос бидејќи вие сте овде највисоко тело јас исто на чело на оваа држава и се што ние говориме, се што изнесуваме, сите оценки што ги даваме тие се оценки кои се сметаат дека се политика, ставови на оваа држава. Така ги ценат во странство.

Очигледно е дека понекогаш ние сопствената земја ја гледаме во искривено огледало. Според тоа што можеби би сакале да биде за да се покажеме како спасители на Републиката или на- родот. Просто, да ви кажам# не сакам да верувам во такво безумие.

Дозволете сега нешто накратко да кажам околу утврдувањето и водењето на нашата политика. Кој ја утврдува нашата политика и кој ја спроведува?

Вкупната наша надворешна политика ја утврдуваше Собранието, сите вие. Тврдам дека ниту во еден Парламент на републики- те сега веќе самостојни држави на бивша Југославија нема ли повеќе седници и тоа невообичаено долго за надворешната политика како кај нас. Тоа е наш плус, не наш минус. А колку што следам, ниту и во околните Балкански држави, и тоа го толкувам заради тоа што ние се наоѓаме сега во едно посебно чувствително време кога се бориме за меѓународно признавање на РМ. Имаше всушност обиди да ги следиме политиките на некои други држави, но за среќа на време се сфати дека надворешната политика произлегува од геостратешката позиција на државата, нејзиниот карактер и нејзините национални цели. Урнек за таа работа нема. Секој мора сам да си ја утврди таа политика и мислам дека достоинство е на овој Парламент дека таа политика се утврдуваше тука. Тоа е, најверојатно, можеби сигурно причина зошто ние денеска

XXII/8

Не можеме да дојдеме до некоја друга платформа. Таа платформа останува како наша подолгорочна стратегија утврдена и како политика утврдена кон соседите и кон Европа и кон светот и кон решавањето на прашањата кои сме ги наследиле од историјата итн. Спроведувањето, пак на надворешната политика е во надлежност на извршните органи, но тоа не значи да не е и на Парламентот и тоа со свои средства и начини и на сите институции на едно демократско сложено општество - парламентарци, партии- организации на граѓанско општество национални и други институции и се разбира печатото, публицистиката и слично. Огромен број на делегација, видни личности, парламентарци, министри за надворешни работи, сенатори, сите тие кои беа овде, мислам ,во Македонија имаа контакти со многу личности не само во врвот на државата туку и надвор. Најчесто и со партиите.

XXIII/1 рд/см

**КИРО ГЛИГОРОВ:** (Продолжение)

Но тоа изгледа во сета оваа петдневна дискусија, не се смета како учество во надворешната политика. Само сите овдека што седите да помислите или да пресметате, сите тие бројни делегации што идеа овдека со кои претставници се виделе, тогаш ќе можете да заклучите дека таа државна политика, тие контакти што се остварувале на државен план, на најширок можен начин, би овозможиле и вие да се вклучите во вкупната надворешна политика.

Значи, кога се говори за надворешната политика и се критикува дека ја водат мал број луѓе, веројатно се мисли, пред се на контактите надвор. Тие патувања и контакти според сите досегашни норми и обичаи во светот, покрај професионалните дипломати ги обавуваат три до четири личности. Вие во било која вест од меѓународен настан, во било која земја нема да сретнете друго име туку канцеларот Кол, или министерот за надворешни работи Кинќел, или да кажеме претседателот на таа и таа држава, претседателот на Владата на таа и таа држава, министерот за надворешни работи. И се разбира, парламентарни средби кои се одвиваат по линија на соработка на Парламентот. Тука. ако се бараат иновации да бараме по извршување на таа политика некои други личности да се вклучуваат да ја водат таа политика, да ја извршуваат таа политика, тогаш се разбира, и поинаку треба да се третира вкупната одговорност на Парламентот Владата, на претседателот на Републиката итн. Но примерите кои се извонредни, како на пр., иницијативата што ја направија нашите писатели, членови на"Пен Клубот" во Македонија, 'Струшките вечери на поезијата","Хелшинскиот комитет на граѓаните со големиот собир во Охрид',' "Друштвото на писателите на Македонија",

"Средбата на интелектуалците од Македонија и Грција."Приемот на нашиот форум на младите во Меѓународниот форум',"Претстојниот прием на сојузот на студентите, и многу многу други случаи говорат дека ние сме веќе општество кај што одделни друштва, одделни асоцијации, одделни граѓански непартијни организации итн. ја сфатиле својата задача во рамките на водењето на надворешна- та политика и се извонредно значаен фактор во претставувањето на Македонија а во светот, можам да кажам и со значајни заслуги за се што е до сега постигнато. Дали се можеби бара државата да ги турка во разно разни организации, или тоа во граѓански општества е обврска на секој субјект, кој работи според свои мотиви и затоа нивната активност е така битна и полезна. За сета надворешна политичка активност нашата јавност е исцрпно и вистински информира, после секоја средба, после секоја меѓународна конференција.

Поинаку не е ни Возможно и кога би сакале, бидејќи ништо не може да се сокрие при постоењето на вакви информации во сите можни медиуми, во светските агенции, гласила итн.

Сега ќе кажам неколку зборови за тоа што е постигнато до сега со нашата надворешна политика. Дел од задачата или дел од тоа што е сочуван мирот во Македонија е заслуга и на нашата надворешна политика. Ослободувањето од онаа армија која направи покор на останатите поранешни републики, што се здобивме со меѓународно почитување, што се одбија решително обидите да останеме во некаква четворна федерација, да се приклониме кон некои од соседите, за да се најде повод за интервенција, за се што се придонесе да се сочува внатрешната стабилност,да не ги постигне трајните ефекти блокадата од Грција, да не успеат сите обиди да се компромитира Републиката, како Република која тргува со оружје, со дрога и незнам се какви не работи итн., тоа се почитувани пратеници  факти што народот ги знае и по кои

ќе се проценуваат настаните кои ги доживеавме и времето во кое живееме. Секој обид од бело да се направи црно,е јалов обид. Со просто негирање на постигнатото без реални аргументи, со препознатлива фразвиологија„ да се пресудува, без обврска било што да се докаже, е познато, и тоа познато од минатото. Тоа е оној метод: "јас ,те обвинувам за седумте смртни гревови, а не сум должен ништо да докажувам,,ти докажи дека не си виновен, тоа е твоја обврска'.Тоа е како метод и однос грозоморен., А и овдека еден дискутант рече треба да видиме дали некој дал пристанок, се мисли се разбира, на претседателот на Републиката за името бивша југословенска Република Македонија ако дал. Сега останува таа работа. Не сум должен да кажам ни каде, ни како,ни што итн. Сега треба овдека јас да застанам и да ве вас дека таква изјава никаде не сум дал и покрај мојата уставна обврска, да не можам никаков акт да потпишам ако не стои Република Македонија, и покрај тоа што сум ја потпишал молбата која и ден денес стои во ОН, под име Република Македонија, и покрај меморандумот што го дадов, за да нема никаква забуна, после, грчкиот панфлет, итн., значи некој сака секојдневно да се докажуваме дека не правиме нешто зад грбот на народот и на штета на народот, за- ради тоа што сметаат дека тие се овластени национални цензори, имаат право да проценуваат кој и како може да ја издаде или да не ја издаде Македонија, а се разбира не дај боже, некој да се посомнева дека тие луѓе би можеле евентуално такво нешто да направат. На пр. мене не ми паѓа на памет, зошто било кој македонец да биде обвинуван за тоа, ако за тоа нема екватантни докази. Прескокам некои теми, сега сакам да кажам дека многу се зборува дека Грција во сета своја тактика

многу успеала, го забавила признавањето на Македонија итн. Да видиме што постигна Грција и другите, а кои обиди им п^опаднаа. Грција сигурно без и било какво сомневање постигна една работа: тоа е ни направи огромни економски штети, задоцнување на оние реформи и промени кои се сврзани со нашиот меѓународен статус ММФ, Светската банка, Европска " банка за обнова и развој итн., и другите меѓународни институции, социјалните тензии сигурно се зголемија,и придонесе тоа за заострување на внатрешната состојба. Таа политика таква каква што беше тоа и го постигна, таква беше насочена, само со надеж дека оваа Република тоа нема да го издржи, дека ќе застане, дефинитивно ќе колабира целото стопанство и ќе клекнеме на колена и ќе ги прифатиме сите услови кои ќе ни бидат поставени. За жал во тоа не успеа. Не успеа да го нарушат внатрешниот мир и надворешната безбедност и евентуално со проширување на војна, иако имаше N разно разни средби, кои вие многу добро ги знаете и не треба на нив да се задржувам. Резултатот од таа тактика, позиција на сила, од негирање на Македонија, нејзиното прогласување за коминтерновска творба, од негирање на македонската нација, од тоа дека економски ќе не задушат, од тоа дека ќе бидеме во сендвич, при една договорена политика со северниот сосед околу Македонија итн. се покажа дека сета таа стратегија на~крајот мораше да се покаже како шуплива, не даде резултати. Сега сме пред една сосема нова тактика, која ако можам да набројам 2 - 3 точки изгледа вака: Грција веќе не се противи Македонија да влезе во ОН.

Грција веќе не се противи Македонија да влезе во ОН. Спремна е на компромис за името и тоа додавка на зборот Македонија.

XXIII/5

Трето, да се менува знамето и Уставот во врска со член 49. Тоа е базичната сегашна позиција. Но да видиме сега зошто се промени таа тактика. Со ставот дека било кое решение за името на државата ќе мора да го содржи зборот Македонија, пробадна Лисабонската декларација, а во неа се колнеа, сметаа дека тоа е дефинитивно усвоена позиција и дека само Македонија заради неразумното раководство и како што велеа, тврдоглавоста на претседателот итн. не сфаќа дека Лисабонската декларација е дефинитивно решение.

Второ, ембаргото на нафта мораа да го укинат. Некој спомна кога беше зборот за тоа да ја продадеме нафтата што стои во Солун и да купиме од друга страна, па,да ни се олесни положбата моето мислење беше дека нафтата треба да стои таму и тоа ќе им биде "воденички камен", затоа што по тоа прашање целиот свет се сврте кон нас. Тоа веќе не можеше никаква пропаганда, ни за симболите, ни за член 49, ни за картата, ни дека марки сме печателе или незнам што друго, што се ширеа низ светот, не можеа веќе со никаков аргумент да го правдаат она насилство што е забрането со сите меѓународни договори. Единбург дури ги задолжи за несметано снабдување на Македонија со нафта.

Трето, не постигнаа да го симнат од дневен ред барањето за прием во ОН, а на разно разни начини тоа постојано се одлагаше во ОН од 30 јули откога беше поднесено гарањето. Петта ургенција беше на тој фамозни 8-ми јануари да се стави на дневен ред, кој се спомнува како ден на пријавувањето во ОН.

XXIII/6

Меѓународните финансиски институции изразија спремност да ја примат Македонија во членството. Не постигнаа да разговараат за нас и за нашата судбина без нас. Направија два опасни обиди. Првиот да се соберат земјите потписнички на Букурешкиот договор, вториот обид да се гарантираат границите на Македонија и тоа не со сите соседи, со некои кои тие ги одбраа, што се требаше да покаже дека што вие се занимавате со Македонија и нејзините проблеми, гледајте вие Грција да не се дестабилизира, ваш сојузник итн., а на Македонија, еве и ги гарантираме границите. Нема никаков проблем со неа. Може таа работа да чека со години, а да не предизвикува никакви посебни проблеми, додека нејзиното вклучување во ОН, веднаш ќе предизвика паѓање на Владата, дестабилизација во Грција, ние сме членки на НАТО, ние сме членки на Европската заедница, ние сме членки на ОН, ние сме<ваши сојузници итн. итн. Не успееа да ја добијат меѓународната, јавност. Погледнете од било кој од угледните весници во странство. Во Европа и во Америка. Од уводни статии до други коментари, никаде нема ;да нај-дете статија, која ако не е платена од страна на грците, тие плаќаат со големи пари, таа е во полза на Македонија. Пропадна пропагандата за тоа дека сме вештачка држава, вештачка држава не може да опстои, посебно во вакви услови, со вакви економски тешкотии, со вакви социјални проблеми, со вакви соседи итн. Како може да опстои, ако таа држава не е вистинска суверена држава, која има свои темели, свои корени и која со векови чекала да го доживее тој ден, 50 години скоро ја имаме таа држава, но сега треба да стане и меѓународен субјект и да се заврши таа страница од нашата историја.

XXIII/7

Сега неколку збора за тој фамозен предлог на трите држави. Тоа е предлогот на тројката. Немаат принципиелни забелешки за приемот ;на Македонија, бидејќи ги исполнува сите услови за прием. Тоа е првиот став.

Второ, гледаат тешкотии од политичка природа, сврзани со тие тешкотии со името и мерки за доверба заради мирот и без- бедноста во регионот. Ова се ставовите. Препораки. Се препорачува прием на Републиката во ОН со привремено име, привременото име ќе служи за активностите во ОН, Венс и Овен ќе имаат иницијатива за регулирање на прашањето за името и мерките за доверба. За да се прифати ваков став се бара согласност од Советот за безбедност од Македонија и од Грција. И тоа е правната ситуација со тој проблем. Според тоа, да ние имаме две основни забелешки на тој предлог.

Првата Забелешка е со тоа име бивша југословенска Република за нас не е прифатливо. И второ, имаме забелешка и ја отфрламе таа точка за расправа, арбитражата. Не треба да ве потсетувам дека барем едно пет или повеќе изјави сум дал против тоа да се прифати било каква арбитража. После средбата со претседателот Митеран, на самиот излез од Палатата, реков дека сите други работи што ги предложи претседателот Митеран, се за разгледување, многу работи се прифатливи, единствено што не можеме да прифатиме, тоа е арбитража за името. После разговорот со генералниот секретар на ОН исто во Париз се повтори тоа, по идењето дома исто така. Според тоа, сметам, како што пред малку сосема умесно истакна претседателот Андов, ние треба да изразиме спремност, да разговараме со сите фактори и предлагачите и со сите други фактори кои влијаат конечно на одлуките на Советот за безбедност, а ја имаме таа позиција дека без наша согласност, таа не може да се донесе, да расправаме каква е нашата

позиција после арбитражата, да видиме со сета аргументација со која располагаме, да се потрудиме, како што многу пати до сега во други случаи сме успевале да ги убедиме што значи едното, што значи другото, кои се можни други решенија, не одбивајќи да разговараме.

XXIV/1. - ДВ/ЈБР

**КИРО ГЛИГОРОВ**: (продолжение)

Никакво становиште кои значи вие предлагате нешто што е непријателско, што ја разорува Македонија што и го одзема името, историјата итн. Тој јазик кога се наоѓате во меѓународен план, во меѓународни институции не значи ништо и ништо не ви придонесува. Ќе седнете, ќе разговараат,ќе ги кажите сите свои аргументи ќе се убедувате колку што е потребно, една фаза, друга фаза, трета Фаза дури може и колку може и ќе се бара излез кој ќе може на крајот на краиштата да доведе до тоа. Тоа треба да биде наша цел, да најдеме заеднички јазик и со Грција, не по цена на нашето обезличување, но многу други Работи кои можат да не повраток кои можат да значат нешто што е од корист и за нас и за нив. Ние сме така поврзани, не само територијално, сообраќајно итн. но со многу други взаемни интереси. Тоа треба постојано да го имаме во вид и да ги искористиме сите можности да дојде до една солуција за што ќе можеме утре да кажеме]еве тоа е се разбира, таа солуција, мора да биде разгледана, нора да биде одобрена и прифатлива итн.

Еве на крајот, пак прескокнувајќи некој теми сакам да завршам со следното: Македонија со своето барање да влезе во ОН поправо да стане меѓународно признат субјект предизвика големи проблеми на Балканот на кој денес се, како што и некои други говореа, престројуваа зоните на влијание. Секој си го бара своето место. Кога Југославија постоеше тоа беше една слика на тоа подрачје и односот на силите. Сега е сосема друга ситуацијата. Се разбира прашањето на Македонија не случајно било повод за Балканските војни, за Првата светска војна еден од поводите. Поништувањето на тие резултати на Букурешкиот и Парискиот договор тоа се длабоки трауми за некои земји и ние би биле сосема наивни ако мислиме дека тоа нема да предизвика разно - разни интереси, влијанија,обиди итн. таа ситуација која ја создаде Македонија

со прогласувањето на својата независност да не биде променета. Сите сме свесни за таа работа.

Штом ЕЗ не најде сили, а не најде заради ветото на Грција во моментот кога стартувавме заедно Словенија, Хрватска и Македонија со тоа што извештајот на Арбитражната комисија на г-динот Бадинетер ни даде најмногу место на Македонија и ја определи како чист случај кој треба да биде признат, прифатен, мораме да бидеме на чисто дека се умешале определени политички, стратешки и други интереси кои ќе бараат огромни напори од наша страна да се надминат да се сочува ова што се создаде овој пат за среќа по пат на мир и со меѓунационална соработка а не преку војна и внатрешни колежи. Тоа е задача пред нас. Морам да ви кажам се што чиниме треба да биде промкнато низ призма Републиката да ја зацврсти својата позиција. Секој наш збор, секој чекор, се што преземаме ако не е во функција на тоа секој ќе си ја понесе својата одговорност, Владата својата и сите други кои придонесуваат или одмогнуваат да ја постигнеме таа цел, а тоа е да стане дефинитивен факт дека сме меѓународно признат рамноправен субјект. Дотогаш имаме повеќе обврски од секогаш. Се друго после тоа, после меѓу народното признавање на Македонија во нашите раце е и зависи исклучиво и само од нас. (аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на претседателот за негово излагање.

Го заклучивме претресот.

Минуваме на усвојување на заклучоците што се предложени.

Имаме два текста на заклучоци. Едни се предложени од г-динот Славе Наумовски пратеник на Либерална партија и другите од г-цата Ратка Димитрова.

XXIV/3.-

Господин Јордан Бошков сака да постави процедурално прашање.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе точно е дека ја заклучивме дебатата, јас сега не знам дали одиме директно на гласање. Тоа е едната моја забелешка.

Второ, колку мене ми е познато пратениците може да се изјаснат и околу заклучоците. Моја должност е да укажам дека заклучоците од пратеникот Славе Наумовски не добија поддршка од Комисијата, а заклучоците од госпоѓа Ратка Димитрова не се ни разгледувани. Оттука не сум сосема на чисто дали може туку така да поминеме на гласање по заклучоците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние водевме расправа, заклучоците беа присутни. Во расправата земаа учество 7 0 учесници. Секој ги имаше кај себе заклучоците и никој не предложи вакви или такви измени. Секој се изјаснуваше по нив, дали ги прифаќа или не ги прифаќа, или мислел дека не требало да се изјасни, тоа е негова работа.

Господин Стефковски има процедурална белешка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека не треба да се ставаат на гласање заклучоците бидејќи едноставно произлегува, ова што го кажа господинот Бошков не се прифатени заклучоците на предлагачот Славе Наумов- ски. По заклучоците на госпоѓата Ратка Димитрова не расправала Комисијата, така да според тоа нема место за одлучување по истите. Оттука барам пауза од 10 минути.

XXIV/4.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе дадеме пауза од 10 минути, меѓутоа ниедна процедурална причина не постои да не се усвојат заклучоците.

Предлагам пауза од 10 минути по барање на пратеникот Томислав Стефковски.

(Паузата траеше од 21,20 до 22,15 часот). (По паузата).

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници

Предлагам да продолжиме со работа, бидејќи имаме 61 пратеник присутен во салата.

Како што ви соопштив имаме два предлози на заклучоци.

Едниот е од пратеникот Славе Наумовски од РС - Либерална партија и другиот од госпоѓа Ратка Димитрова од ВМРО-ДПМНЕ.

Го ставам на изјаснување прво предлогот на господин Славе Наумовски.

Господин Томислав Стефковски сака да каже нешто.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, гледате дека пратениците на ВМРО ДПМНЕ не се присутни во салата и тоа е нашиот став дека нема да учествуваме во донесувањето на овие заклучоци.

Сакам да укажам на една практика која е присутна во работата на овој Парламент, а тоа е дека се она што се предлага од ВМРО-ДПМНЕ наидува на одбивање и неразбирање. Со други зборови ако она за што се залага нашата пратеничка. група биде предложено не се усвојува, а се усвојува исти таков предлог на наша иницијатива, по точка која ние ја предложивме, се става и се усвојува што нашата пратеничка група смета

дека на одреден начин е деградирана во своите настапувања во овој Парламент и ние не ќе можеме да учествуваме во донесувањето на овие заклучоци. Сметаме дека заклучоците се за интерна употреба и во таа смисла им предложивме одредена декларација. Таа декларација има сосема по- друг карактер и се однесува и презентира надвор од Републиката пред одредени меѓународни органи, бидејќи се однесува на меѓународното признавање.

Откако не ни мина декларацијата што ја поднесовме нашата пратеничка Ратка Димитрова поднесе одредени заклучоци кои во основа се апсолутно прифатливи и се однесуваат на тоа дека Собранието не прифаќа никаква промена на името на Република Македонија, дури и не се согласува со тоа привремено име - бивша југословенска Република, како и тоа дека не прифаќа,арбитража во однос на она што беше овде говорено. Ако не може да се прифатат вакви заклучоци од нашата пратеничка група која што овде четири дена расправаше, апсолутно за нас не може да се прифати заклучокот на господинот Славе Наумовски, поготово точката 4 каде се дава одобрение на се она што е работено од Владата. Од тие при- чини ние не учествуваме во донесувањето на овие заклучоци.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници се чувствувам хендикепирана што немам можност да се изјаснам по заклучоците. Ова го кажувам баш од деловничка природа затоа што надлежната Комисија во ова наше Собрание, тоа е Комисијата за надворешни прашања и односи со странство на овие заклучоци не им даде никакво ни поминување ни одбивање, што значи дека тие имаат третман на материјал кој е доставен на самата седница. Самото тоа што во оваа расправа кога

веќе сакам да дадам свој активен придонес во смисла на некакво си подобруван>е, се разбира доколку Парламентот смета дека истите може да се подобрат и дека не е неопходно тие да бидат прифатени во формата во која се предложени, бидејќи имавме и расправа по тоа прашаше, мислам дека и на други пратеници им е ускратено правото да го кажат својот збор односно нешто да изменат и цела оваа наша петодневна расправа не испадна јалова туку ова Собрание на крајот на краиштата испадне со еден став кој би бил заеднички, ако не за сите барем за оние присутни во оваа сала. Така да ги молам да ни биде овозможено мене или на сите тие други кои што бараат да имаат можност да дискутираат по заклучоциве се подобри текстот на истите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме уште една деловничка интервенција.

Има збор господинот Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Ако претседателот цени дека не е деловничко прашањето ќе му бидам благодарен да ме прекине, немам намера да се налутам. Но, не сакам од нешто што не постои да се извлече корист со дезинформации или полувистини.

Не е точно дека во Комисијата заклучоците не добија поддршка, ниту пак е точно дека тие добија поддршка. Но, ако си- те ние се согласуваме да паднеме лесно во замка и да заклучиме по начинот на резонирање на предлагачот на оваа точка на дневен ред, тогаш ќе ми дозволите едно дообјаснување,. а тоа сепак ценам дека е деловничко.

XXIV/7.-

Пратеничката група чија желба ние ја исполнивме едногласно не ја прифати ни Информацијата. Ние сепак пет дена расправавме. Пратеничката група не ги прифати ни заклучоците, а други' не понуди.

Во прилог на залагањето на госпоѓа Марковска уште на самата седница вршевме обид да постигнеме еден повисок степен на усогласеност, бидејќи се работи исклучиво за државен интерес, т.е. интересите на сите, каде и да се, што осеќаат, приврзаност било емоционално било фамилијарно, било душевно за оваа Република Македонија. И кога веќе бевме на пат да постигнеме една заедничка согласност доаѓа препорака од Центарот ништо да не се прифати. Јас не знам, ако очито за секој тука е јасно дека по се- " која цена, се прави диверзија, тогаш должноста: на пратениците, на сите 120 или барем минимум на позицијата да се изјасни и јасно да го каже својот став. Затоа ја испуштив во мојата реч кога зборував дека имав намера да кажам дека јас ги поддржувам заклучоците напишани или доставени на име на господин Славе Наумов, бидејќи тие задираат во онаа права суштина и на расправата и на цел та која оваа Република ја поставила на себеси до конечното признавање, а тој ден ќе дојде. Затоа ценам дека би било подобро по оваа точка да бевме сите тука, не мора никој со сила да гласа ниту за ниту против и да се воздржи. Но се знае дека секој си одговара за своите постапки, соодветно након секвенциите нека мисли сама и партијата, но да не побара и онака преголемо разбирање од претседателот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете господа. Всушност заклучоците што. ги даде господин Славе Наумовски беа присутни и на Комисијата и Комисијата се

воздржала, не се определил претседавачот, а биле 2:2. Така ме известија мене. Оттаму се поделени тие овде на седницата. Сите пратеници ги ;имаат овие) денови заклучоците и секој можеше да каже ако зеде збор на време и ако му беше згодно тогаш, или барем да напише еден ред и да каже таа точка ја прифаќам, оваа точка не ја прифаќам итн., да имавме. Значи ние пет дена ги имаме заклучоците. Затоа треба сега само да се изјасниме. Деловнички проблем нема,

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Мене ми е жал што на крајот сепак достоинството и на Комисијата се влече низ скала. Точно е дека заклучоците беа разгледувани во Комисијата, точно е |дека не добија поддршка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И не беа одбиени.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Не беа одбиени само од причина што за вака важен сегмент како што е прашањето за зачленување во ООН ние во опозицијата не сакавме да бидеме исклучени. Инаку имавме на седницата на Комисијата мнозинство па можевте сега комотно да гледате заклучоци од Комисијата каде што се одбива она што Владата го понуди. Исто така и да не бидат прифатени, нормално, мнозинството одлучува тука на седница. Но, таа мајоризација која за извесни прашања и со Уставот е спречена со барањето на 2/3 мнозинство, како на пример прашањево за карактерот на седницата, таа мајоризација ние не сакавме да ја аплицираме и мислам дека бевме доволно фер во сите наши приоди. Ако вие сметате дека нема нарушување на основниот став Република

Македонија да биде членка на ООН под своето име , зашто тогаш толку се женирате и не сакате тоа да го запишете во ;вид на заклучок, откако и онака и покрај ве- ќе осумдневен распон временски, Декларацијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сепак не е ни третирана на седница на Владата. Духот на кооперативност можеме сите да го негуваме, ако ~ сакаме. Духот на исклучивост исто така. Ова што сега се случува во правец на исклучивост, а јас би ви препорачал и покрај тоа што имате формирано и мнозинство да не шегувате дисквалификации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Поповски има исто така деловничка забелешка.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, би сакал да истакнам неколку работи. Јас исто така ја прифаќам забелешката што господинот Алиу ја кажа. Доколку претседателот оцени дека отстапувам од деловничка интервенција, да ме прекине и тоа ќе го прифатам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Прво, на сите мислам дека треба да ни е сосема јасно дека Комисијата како и сите други комисии во Собранието е работно тело и не претставува кондицијосинекванон за расправа на Собранието ниту за нејзините заклучоци.

Ние расправаме пет дена, работни, а календарски денови !е се седум, осум и уште од првиот ден ги имавме сите заклучоци Тоа што за мене претседателот во овој момент, на Комисијата, кој претседава со неа, не ја свикал , тоа е негова работа и не може да претставува услов, ова Собрание да е сега блокирано и повторно да се разгледуваат на Комисија и таму да се побарува некакво мнозинство или мајоризација. Собранието е она кое на крајот сепак ќе одлучи. Тоа е првото. ..

Второто, мислам дека овде се искажа една многу интерес на идеа вој врска со мајоризацијата и во врска со надгласувањето. По Уставот точно се знае за што има мајоризација, мнозинска, двотретинска итн. за што нема. Ние можеме да разговараме за тоа дека во ова Собрание за некои теми не треба да има мајоризација, меѓутоа исто така треба да разговараме дека една пратеничка група под плаштот дека врз неа се врши мајоризација што е сосема демократски метод не може да го блокира постојано Собранието. Јас ќе потсетам дека четири или пет седници на ова Собрание во моментот се незавршени, токму поради тоа...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со тоа веќе излегувате надвор од интервенцијата која е сега нужна.

XXV/2.-

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ако може да довршам само со една реченица,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, само немојте така

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не би смеело да се блокира Собранието по неколку закони како што е блокирано и по овој случај заради тоа што некој не сака мајоризација. Со тоа може да се направи во метод на работа на ова Собрание, да не може да работи, плус мислам дека целта на оваа расправа на почетокот што беше предизвикана од парламентарната група да се даде информација и за тоа расправаме, сега се покажува дека е сосема обратно. Се даде Информација, се бараше пред камера да се зборува, се изнакажа се како што рече премиерот, се изнаплука по се и сега не ни требаат заклучоци, сега не сакаме мајоризација, ние нашата работа си ја завршивме, сега може оваа седница ц да пропадне. Не, извинете, ние пет дена овде работиме, секој си го: кажа своето мислење, овој парламент мислам дека има доволно сили да усвои заклучоци за кои мнозинството мисли дека се добри.

**ЏУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас навистина се извинувам што излегувам два пати. Меѓутоа, ако пракса на ова Собрание беше по секоја една точка согласно и по оваа Информација да организира расправа односно општ претрес, а секој заклучоци да ги разгледува во постапка, не заедно со претресот, тогаш незнам зашто во овој момент кога има желба да се постигне барем какво такво единство, да се прават незнам какви сплетки

околу тоа нешто и да се прават проблеми. И, навистина чувствувам потреба да кажам збор два за понудените заклучоци, не, се разбира да го обврзе тоа Собранието, да мора да гласа по нив .односно да мора да ги прифати моите забелешки. И, Ве молам да ме сослушате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да и дадеме на госпоѓа Марковска , да каже, ама Ве г молам Вас да не се вклучите повторно пак 7$. луѓе да зборуваат. Оти 70 овде зборуваа. Ве молам, ве молам, може ли така.

Госпоѓа Марковска има збор.

**ЏУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Согледувајќи ги овие заклучоци, мене ме загрижува една Ј пракса која. што кај нас некако стана задолжителна пракса од нашето минато да секоја една информација уште во стартот мора да ја поддржиме или да ја отфрлиме. Првиот став е "Собранието на Република Македонија ја поддржува Информацијата на Владата". За мене поприфатливо е тоа да биде Експозето на министерот, а Информацијата беше навистина хронологија на факти кој не можат да се оповргнат како такви односно кој стојат како такви.

Од друга страна ми смета градацијата бидејќи испаѓа дека информацијата е поважна од третата точка во која што се вели дека Собранието на Република Македонија го подржува Меморандумот на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров упатен до Обединети- те нации, а во врска со барањето на Република Македонија за прим во Организацијата на обединетите нации. Меморандумот ги

исполнува сите критериуми, според мене и на еден државно правен документ кој не треба кои не треба само да се произнесе и да биде дело само на претседателот туку да биде општо прифатен и од овој парламент за да ја добие онаа тежина која што тој ја има бидејќи упатен до Организацијата на обединетите нации, затоа што тој ги содржи сите релевантни фактори кои што одат во прилог на целокупната дискусија која што беше и овде зборувана. Според тоа, не може тоа да биде точка број три туку мора да биде точка број еден. А првата точка не мора да биде ја поддржува или ја отфрла информацијата. Информацијата беше впрочем за да ги информира пратениците.

Втората точка, "се поддржува основната политичка определба на дејствуваше на надлежните органи на Република Македонија околу приемот на ООН и целокупниот (процес на меѓународното признавање на Република Македонија". Основна политичка определба која беше истакната и во Експозето на Претседателот на Републиката беше дека за нас од сите оние точки кои беа прочитани единствено неприфатливо е дека промената на името кое што се бара односно арбитражата која исто така се бара, а основна работа на нашето Министерство за односи со странство се разбира е да ја поддржи понатамошната работа во смисла на прием на Македонија во Обединетите нации, инаку не би имало што да работи тоа Министерство. Така да, и овој заклучок нема своја цел.

Четвртата точка, за мене, е малку по спорна од причина што Собранието на Република Македонија смета за неопходно да продолжат активностите на надлежните органи на Републиката во постапката за прием на Република Македонија во Организацијата на Обединетите нации. Се разбира дека овие активности сакале или не тие мора да

продолжат, тие се во функција на опстојување на државата. Неопходен е активен однос во разјаснувањето и договарањето во рамките на Советот за безбедност во Организацијата на обединетите нации во врска со сите иницијативи за решавање на преостанатите проблеми, за што побрз прием на Република Македонија во (реакција на некој од пратениците во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да упаѓате, се согласивме да каже. Немојте така, само одолговлечувате.

**ЏУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

... во организацијата на Обединетите нации, јас морав да ви прочитам за да го кажам мојот став, се разбира, а активниот однос на оваа Република се подразбира во прифаќање на разговор со било која страна која сака да помогне во признавањето на Република Македонија. Не мора да повторувам дека тоа беше составен дел и на Експозето на министерот и на Експозето на Претседателот на Републиката, според тоа, за мене од сите овие заклучоци единствено исправно би било да се усвои само дека Собранието на Република Македонија го поддржува Меморандумот на Претседателот на Република Македонија упатен до Организацијата на обединетите нации, а во врска со барањето на Република Македонија аз прием во ООН. Се друго би било она што беше овде речено во кое што не сакам да навлегувам, градење на некаква политика на недоверба која на нас не ни е потреба затоа што она што го имаме како чист документ мислам дека не беше нападнат од никого туку напротив во било која форма на дискусија дискусијата беше поддржана.

Благодарам за дискусијата.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Госпоѓата Марковска пред мене зема збор, јас сакам кусо да ве информирам дека обид за одржување на седница на Комисијата имаше, но немаше кворум. Од вкупно 8 закажани седници од мене досега на две сум немал кворум. Ако закажев денеска уште една можеше пак да има исход да нема кворум и пак да се чудиме кај сме. Мотивацијата на пратениците за мене е доведена во домени кои загрижуваат и затоа немавме сега пак Комисија за да ги разгледуваме заклучоците од госпоѓа Ратка Димитрова. Јас само сметав и се надевав дека од кај вас ќе произлезат такви иницијативи, но очигледно вам ви е добро овде вака, па са најубаво.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не гледам зошто, еве би поминал преку се, нека бидат и првиот и вториот и третиот заклучок, зошто во четвртиот заклучок да не стои, каде што се вели дека надлежните органи во република Македонија значи да ги продолжат активностите во постапката за прием на Република Македонија. Еден додаток,"под нејзиното уставно име". Зошто за мене втората реченица во заклучокот број 4 фактички ќе ја прочитам заради информирање на јавноста која вели "неопходен е активен однос во разјаснувањето и договарањето во рамките на Советот за безбедност на ООН во врска со сите иницијативи за решавање на преостанатите проблеми за што побрз прием на Република Македонија во ООН". Овој заклучок фактички им дава за право на нашите дипломати, јас барем така го сфаќам да преговараат и да договараат во врска со оваа актуелна иницијатива што е сега од трите членки во Советот за безбедност во Обединетите нации,. што за мене е сосема неприфатливо.

XXV/7.-

Затоа го молам официјалниот предлагач, ако може да се изјасни дали оваа иницијатива што ја реков за додавање "под нејзиното уставно име1,' само тој збор нека биде на крајот на првата реченица. Доколку тоа се прифати тогаш би можел и да размислам за овие заклучоци. Вака како што се во услови на крајно недоверие меѓу опозицијата и позицијата, јас мислам дека не би можел да ги прифатам.

Да кажам уште нешто мислам дека работиме без кворум и дека било која одлука што ќе ја. донесе сега Собранието не може да биде полноважна од причини што нема кворум за работење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте Ве молам, прво да утврдиме дали навистина има кворум, Нека се утврди прво точниот број на присутни пратеници. Имаме само, б0 пратеници, не можеме да продолжиме. Јас ве молам дали имаме уште негде околу пратеници кој би дошле. Ако нема, да видиме сега кое е најпогодно време утре, инаку не може. Од сите пратенички групи има доста отсутни. Нека се уреди да дојдат еднаш да завршиме работа. Не можеме да чекаме сега. Не знаеме кај се луѓето. Не станува збор за еден човек видете си ги сите групите и ќе видите колку нема. (еден од пратениците бара збор) Не можеме да расправаме сега, не можеме да расправаме, не можеме да работиме по Уставот ако нема 61. 61 пратеник мора да имаме.

Ве молам, кога е најпогодно утре, како е по програмата кога сум јас неопходен таму да бидам. Во 10,30, добро, ќе бидам. Добро, во 12. (реакција на пратениците)

Има збор господин Џаферовски, само ова да биде кога ќе ја одржиме седницата.

XXV/8.-

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ;**

Со оглед на тоа дека ова ни се случувало повеќе пати, а веројатно ќе се случува и натаму, јас ги молам пратеничките групи кој се во коалиција да си обезбедат кворум секогаш и повеќе вакви циркуси да не правиме заради тоа што намерата на оние кои имаа по- рачано седница да се измалтретираме пет дена беше да дојде само до овде и да ја напуштат седницата, да не остават вака како што не оставија. Никакви позитивни барања за подобрување на нашиот меѓународен статус овде немаше. Овде имаше само намера добро да се изнаплукаме меѓу себе односно да не изнаплукаат и да заврши целата работа. Затоа апелирам на пратеничките групи, до координаторите, да си ги обезбедат пратениците и овде да бидат присутни, да има кворум за да може да се работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можно ли е вечерва да се обезбеди тоа. (некој од пратениците велат дека може)

Ајде да го обезбедиме тоа.

(Откако беше констатирано дека не може да се обезбеди доволен број на пратеници претседателот закажа продолжување на седницата во четврток во 11,00 часот.)

Седницата прекина со работа во 22,50 часот.